**Минуваме на точка 1 – Дополнет предлог на Буџетот на Република Македонија за 2015 година – второ читање**

Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија за 2015 година ви е доставен.

Врз основа на член 180 од Деловникот на Собранието се води претрес по предлогот на Буџетот како по предлог на закон во второ читање, со тоа што е задолжителен општ претрес.

Врз основа на член 180-б од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието претресот по предлогот на Буџетот трае најмногу пет дена.

Го молам министерот за финансии господинот Зоран Ставрески да го презентира Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Зоран Ставрески:** Благодарам почитуван претседател на Собранието на Република Македонија и почитувани пратеници.

Дозволете во следните 30-тина минути да го образложам Предлог буџетот за 2015 година при што сакам да потенцирам дека буџетот претставува најзначаниот инструмент на економската политика, инструмент кој што ги одразува сите политики, програми и проекти на владината коалиција како таков претставува клучен инструмент во насока на придвижување на економскиот развој во секоја земја. Оттаму очекувам во текот на денешната дебата да дискутираме за приоритетите на буџетот, за позиционираноста на буџетот, за остварувањето на целите на буџетот и за тоа како со овој буџет македонската економија да продолжи со политиката на економски раст и со остварување на позитивни стапки на економски раст. Реализацијата на оваа цел во сегашните услови во европската и светска економија не е лесна, ниту едноставна. Состојбата во светската економија, посебно во евро зоната не е најповолна. Согласно последните проекции и согласно последните податоци, во вториот квартал од 2014 година евро зоната е во стагнација а значително е забавен растот и на светската економија. Ваквите состојби се должат на повеќе фактори од кои што секако најзначајни се гео политичките тензии во делот на Средниот и Блискиот Исток, како и санкциите кон Русија кои што предизвикуваат нарушување на економските текови и имаат последици врз одлуките на инвеститорите. Кон овие краткорочни фактори се надоврзуваат и среднорочните фактори а тоа се слабиот потенцијал на европската економија заради незаокружениот процес на реформи во Франција и Италија, земји кои што се големи и кои што се значајни за економскиот раст на евро зоната и последните случувања во Германија каде што исто така вториот квартал беше негативен со стапка од -0,2% и каде што сите показатели се дека германската економија оваа година ќе има значително понизок раст од првобитно предвидениот. Имено, таму првично беше предвиден раст од 1,9% согласно ревидираната проекција на германското Министерство за економија таа проекција за оваа година изнесува 1,3%. Соодветно за Европската Унија проекциите на економскиот развој 2014 се намалени на 0,8%, додека за следната година ревидирани се исто така надолу на 1,3%. Ваквите состојби резултираа и во намалена екстерна побарувачка за земјите од југоисточна Европа. Ако проекциите и состојбите се екстраполираат во делот на земјите од регионот и југоисточна Европа може да се види дека во повеќе земји има негативни стапки на економски раст, вклучително и нашите соседи, дел од нашите соседи, поголемите земји во регионот како што се Србија и Хрватска и тие проекции секако упатуваат на тоа дека земјите од југоисточна Европа чувствуваат последици од европската криза. Првпат после завршувањето на должничката криза се поставува прашање дали европската економија повторно ќе навлезе во рецесија и стагнација и тоа секако укажува на тоа дека состојбите во европската економија и пошироко во светската економија не се најповолни. Велам пошироко и во светската економија бидејќи и во тој дел земјите во развој кои што пред три – четири години го повлекоа растот односно ја извлекоа светската економија од криза тогаш кога европската економија беше лоша, тоа беа Кина, Турција, Бразил, значи големите земји во развој и тие се соочуваа со предизвици, Турција има значително понизок раст од пред неколку години, Бразил е во рецесија во првите шест месеци, додека Кина има историски најнизок раст од 1990 година наваму, иако е се уште висок, меѓутоа е многу

понизок од претходно. Тоа значи дека со исклучок на САД речиси и да нема земја од светот каде што нема надолна ревизија на проекциите за економски раст за 2014 година и единственото позитивно нешто е во Америка стапката на невработеност е намалена на историски најниско ниво што покажува дека има сила во американската економија, односно американската економија се уште покажува знаци на отпорност кон случувањата во светската економија. Се разбира сето ова укажува само на потреба да се биде внимателен кога се конципираат економските политики и исто така да се има предвид дека растот во светски размери но и во поодделни земји зависи многу и од квалитетот на економските политики во тие земји. Всушност она што и се случува во Европа е раст или движења на економијата кое што е со различни брзини. Во одделни земји каде што има подобри економски политики, растот е повисок, и обратно земјите кои што водеа лоши економски политики кои што се задолжија и немаат простор за мерки и активности за поттикнување на економскиот раст, стагнираат или се со негативни стапки. Во тој контекст и препораките од последното Годишно собрание на ММФ и на Светска банка се такви дека развиените земји треба да направат повеќе односно да продолжат со акомодативната монетарна политика, политика која што значи ниски каматни стапки на централните банки и можност за поевтини кредити за стопанството. Од друга страна таму каде што има простор фискалната политика треба да го поддржи економскиот раст. И посебно сакам да ја потенцирам оваа порака од ММФ и Светска банка, имено директно беше посочено и тоа стои во извештајот светски и економски преглед за 2014 година октомври каде што директно од ММФ се препорачува земјите што имаат фискален простор и што можат да го дозволат тоа да инвестираат во инфраструктура, во капитални инвестиции и на тој начин да го поддржат економскиот раст. Имено, капиталните инвестиции се тие кои што краткорочно придонесуваат за повисоки стапки на економски раст. Според статистиките 1% од бруто домашниот производ ако се инвестира повеќе во капитални инвестиции, тоа во тековната година резултира со 0,4% повисок економски раст, а на среден рок со 11,5% повисок економски раст во следните четири години. Тоа значи дека препораката на ММФ во однос на најновата ситуација во светот е токму она што ние го правиме со буџетот во изминатите четири – пет години од 2009 наваму од кога почна економската криза и што е вградено во буџетот за 2015 година. Затоа го потенцирам ова бидејќи професионалците од ММФ оние кои што се најповикани да дадат совет за економските политики на земјите во регионот, во Европа и пошироко го препорачуваат тоа што Република Македонија преку буџетот кој што вие пратениците го поддржувате во изминативе години го правевме и верувам дека ќе го подржите и за 2015 година ваквиот пристап на зголемување на износот на капитални инвестиции во буџетот и на тој начин поддршка на економијата. Во вакви околности македонската економија покажа висока отпорност на состојбите во Европа и на негативните трендови во европската економија и успеавме да постигнеме висок економски раст кој што во првата половина од 2014 година достигна 3,9%. Во вториот квартал растот беше 4,3% што е највисок во Европа, а во првиот квартал 3,5% што е втор највисок во Европа. Во целина само една земја Велика Британија имаше повисок раст во првата половина од 2014 година. Велика Британија оствари раст од 4,6%, потоа следува Македонија со 3,9% и понатаму Полска и некои други земји кои што имаа релативно висок раст и многу други земји кои што се раст под 1%. Ваквите состојби во македонската економија не се случајни, се резултат токму резултат токму на политиките кои што Владата и пратениците ги промовираа и поддржаа во текот на изминатиот период и се резултат во голема мерка на буџетот за 2014 година кои што вие го изгласавте и во кој што ставивме повеќе средства за реализација на капитални проекти, на инфраструктурни проекти кои што го поддржаа економски раст година година, но и повеќе средства за задржување на нивото на личната потрошувачка преку зголемувањето на пензиите и зголемувањето на социјалната помош, како и субвенциите на земјоделците, сето тоа помогна да се стабилизира потрошувачката, а капиталните инвестиции помогнаа да се создаде раст на градежништвото кое што во првите шест месеци од оваа година имаше висок раст, но и на индустријата која што исто така во Република Македонија забележа позитивни стапки на раст. Таквите политики значи се вградени во буџетот и ќе бидат и понатаму карактеристика на буџетот за следните години. Меѓутоа има уште една политика е значајна и која што придонесе за остварениот економски раст во Република Македонија во текот на оваа година а тоа е привлекувањето

на странски инвестиции. Привлекувањето на странски инвестиции е двигател на индустриското производство и на извозот бидејќи компаниите во зоните и произведуваат повеќе, но и произведуваат работи и производи кои што досега не се произведувале во Република Македонија и кои што имаат повисока технолошка вредност, кои што се со повисока вредност кога се извезуваат и придонесуваат за подобра структурана македонскиот извоз.  И тие производи, пред се  деловите за автомобили кои што се извезуваат за производителите на автомобили во светот се отпорни на краткорочните осцилации на европската економија и на светската. Токму затоа Република Македонија во првата половина од 2014 година имаше висок раст на извозот, двоцифрен раст на извозот кој што овозможи да го оствариме растот на економијата и на производството што го предвидувавме и кој што овозможи Република Македонија наспроти овие негативни тенденции во европската економија да има раст. Често пати економистите го поставуваат тоа прашање како да се подобри структурата на економијата за долгорочно да имаме поконкурентна економија. Токму тоа е одговорот, преку странски инвестиции кои што носат нова технологија, кои што овозможуваат пренос на знаење и на нова технологија кон домашните фирми и поинтензивно вклучување на домашните фирми, на домашното стопанство во ланецот на добавувачи на странските фирми е начинот како пократко да го минеме патот односно да го надминеме оној технолошки јаз кој што постои меѓу домашното стопанство и европското стопанство. Во исто време Република Македонија е една од ретките земји во Европа која што има суфицит во трговската размена со Германија и тоа е токму резултат на работата на странските фирми кои што извезуваат за германските производители на автомобили за работата на Дрексел Маер, на Кромберт и Шуберт и на други компании кои што овозможија во овој период не само вработувања на илјадници луѓе во Република Македонија, туку како што кажав и извоз кој што директно оди во Република Германија и тоа на некој начин ја позиционира добро македонската економија на среден и долг рок. Имено, со ваква структура на стопанството каде што имаме компании кои што произведуваат за најприбирливите пазари германскиот пазар, англискиот пазар, американскиот пазар и кои што покажаа дека и во услови кога нема раст во европската економија, може да извезуваат извезуваат, тоа ни претставува потврда дека и во идните години можеме да сметаме на силен економски раст, посебно имајќи го предвид фактот дека целиот потенцијал на странските инвестиции не е искористен. Имено, голем дел од овие компании во текот на првата година работат со делумен капацитет, се уште вработуваат луѓе, се уште не стигнале до 100 процентна вработеност 100 процентно искористување на потенцијалот. Врз овие основи, задржување на висок износ на капитални инвестиции и второ привлекување на нови странски компании, како и целосна реализација на потенцијалот на постојните компании, растот за следната година, за 2015 година на македонската економија е проектиран на ниво од 4%. Тоа подразбира дека ако се спореди со проектираниот раст на европската економија од 1,3%, три пати повисок раст на македонската економија. Како што кажав дали сме способни тоа да го оствариме или не покажува тоа што досега сме го направиле. Ако оваа година ние имаме раст од 3,9% а европската економија има раст од 0,8%, јасно е дека македонската економија може да оствари вакви стапки на раст. Се разбира ако дојде до поголема криза и европската економија навлезе во рецесија тоа ќе претставува посилен предизвик и за македонската економија и секако ќе има последици врз растот и врз буџетот за следната година. Сепак очекувањата се дека Европската централна банка ќе продолжи со политиката на ниски каматни стапки и кон тоа се очекува да се додаде уште една политика, таканареченото квантитативно олеснување односно откуп на долгот на државите од страна на Европската централна банка што треба дополнително да помогне за стабилизација на европската економија. Германската економија исто така се очекува да не навлезе во рецесија или ако тоа се случи да биде краткотрајно се разбира силата на германската економија на долг рок ќе предизвика таму да има раст меѓу 1 и 2%, а бидејќи Германија е најзначаен трговски партнер тоа ќе повлече и раст на македонската економија.

Во однос на инфлацијата состојбите во оваа година се такви да стагнацијата на европската и светската економија предизвика пониски стапки на инфлација а некаде дури и дефлација во изминатиот период и се очекува до крајот на годината да се задржи тоа ниво, значи

додека инфлацијата ќе се движи некаде околу 1% а за следната година се проектира меѓу 1 и 2%.

Платниот биланс на Република Македонија ќе се задржи во стабилни зони. Се очекува следната година дефицитот на тековната сметка на платниот биланс да изнесува околу 4% и истиот главно се финансира преку странските инвестиции односно инвестициите што доаѓаат во слободните економски зони. Над тековната сметка не се очекуваат значајни придвижувања односно приближно тековната сметка ќе остане во она ниво и онаа зона која што ја имавме како историски пресек и просек во изминатиот период.

Дозволете сега да се задржам сега на Буџетот за 2015 година но сметам дека беше значајно да дадам осврт на економскиот контекст во кој што се планира буџетот и на состојбите во европската и светската економија бидејќи како што кажав имаме две различни тенденции. Едната е, македонската економија остварува високи стапки на раст, но од друга страна имаме европска економија која што е прилично стагнантна и во која што има нови знаци на криза кои што се прелеаа и на финансиските пазари и затоа значајно е за пратениците и за јавноста да го имаат предвид ова при дискусиите и при носењето на Буџетот за следната година за да ги знаеме и добрите страни односно она што е позитивно за македонската економија, но и ризиците кои што постојат и кои што треба да ги имаме предвид и кои што во секоја ситуација може доколку се продлабочат доколку се остварат во поголеми рамки од тоа што е сега да предизвикаат потреба за прилагодување на економските политики во Република Македонија. Буџетот за 2015 година е базиран на два основни столба. Едниот е да задржиме високо ниво на капитални инвестиции со цел преку реализација на инфраструктурни проекти, проекти кои што значат нови патишта, железници, водоводи, канализации, болници, училишта и се друго што се финансира од Буџетот во делот на капиталните инвестиции да обезбедиме анганжман на градежништвото, на индустријата, на краток рок тоа ќе ни донесе повторно повисоки стапки на економски раст, а на среден и долг рок ќе овозможи поголема конкурентност на домашната економија односно пониски трошоци за стопанството и фирмите и на тој начин ќе ја позиционира подобро македонската економија.

Вториот столб на буџетот е социјалната димензија, освен првиот столб кој што беше развојна димензија, секој буџет мора да внимава и на социјалната димензија посебно во времиња кога искуството ни покажа дека во текот на светската криза во многу земји токму заради занемарување на овој факт дојде до социјални немири и до незадоволство кај граѓаните бидејќи во голем број на случаи, државите, владите се одлучија последиците од кризата да ги префрлат на граѓаните преку намалување на плати, намалување на пензии, намалување на субвенции, скратување на социјалните права и други мерки кои што директно го нарушуваат животниот стандард на граѓаните. Во Република Македонија ништо од ова не се случи бидејќи низ сите изминати години внимававме и се позициониравме така да во буџетот се обезбедат доволно средства за навремена исплата на сите права кои што се исплаќаат од буџетот. Постојано имавме зголемување на субвенциите, имавме во одделни години зголемување на платите, пензиите и социјалната помош и тие политики помогнаа да се сочува стандардот на граѓаните во кризни и во сложени времиња. Таа политика ќе продолжи и во 2015 година и во буџетот за 2015 година се содржани средства за исплата на зголемени плати, зголемени пензии и зголемена социјална помош. Зголемувањето на платите ќе трае во текот на целата година бидејќи ќе започне со исплатата на ноемвриската плата оваа година, значи за 4% ќе бидат зголемени платите во јавниот сектор на сите вработени во јавниот сектор на полицијата на војската на културните, здравствените, социјалните работници и на сите други што примаат средства за исплата на плати од буџетот. Во текот на година во јуни со исплатата на јунската социјална помош ќе се зголеми социјалната помош за 5%, а со исплатата на септемвриската пензија во октомври 2015 година ќе имаме зголемување на пензиите за пензионерите за 5%. Тоа е продолжување на политиката на заштита на животниот стандард на пензионерите и на примателите на социјалната помош оние кои што се најранливи категории на граѓани.

Дозволете сега да ги кажам и основните параметри на буџетот освен овие два столба, значи што се најзначајни за тоа како е поставен буџетот. Вкупните приходи на буџетот за

следната година се планирани на ниво од 163 милијарди и 280 милиони денари, додека расходите се планирани на ниво од 181 милијарда 777 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со буџетски дефицит во износ од 18 милијарди 497 милиони денари или 3,5% од бруто домашниот производ. Во рамките на овие проекции најзначајните категории на расходната страна на буџетот се следниве: за тековните расходи планирани се 4% повисок износ во однос на 2014 година што како што кажав се должи на предвиденото зголемување на пензиите, платите на вработените во јавниот сектор на социјалните надоместоци и повеќе средства за здравствени услуги.

Во текот на 2015 година ќе продолжиме со определбата за рестриктивна буџетска потрошувачка кај расходите за стоки и услуги. Расходите за стоки и услуги се сметаат помалку продуктивни расходи и со тие расходи се финансираат исто така значајни категории, значајни намени од буџетот, меѓутоа во тој дел како и во претходните години ќе водиме стрикна дисциплина да се трошат рационално средствата и во тој контекст во таа насока средствата што се за 2015 година се планирани на исто ниво како и во 2014 година, значи нема ниту зголемување, ниту намалување. На тој начин ќе се подмират редовно тековните обврски што се извршуваат од страна на буџетските корисници а од друга страна ќе се почитува доследно принципот на строга буџетска контрола на помалку продуктивните расходи во буџетот.

Социјалните трансфери се позиционирани на ниво од 82 милијарди 645 милиони денари од кои што 45 милијарди 570 милиони денари се наменети за исплата на пензии. 301 илјада и 660 пензионери во Република Македонија во октомври со исплатата на септемвриската пензија ќе добијат зголемување на пензиите во просек за 5%. За исплата на паричен надомест во случај на невработеност за невработените лица планирани се и средства во износ од милијарда и 400 милиони денари, а за активните политики и мерки за вработување планирани се 325 милиони денари. Една од компонентите во буџетот што се зголемува во 2015 година се средствата за здравствена заштита односно средствата што се планирани за здравствени услуги. Тие ќе бидат за милијарда и 300 милиони денари повисоки одколку буџетот за 2014 година и ќе достигнат 23 милијарди и 500 милиони денари. Ова ќе овозможи унапредување и користење на придобивките од набавката на опремата во здравството и на тој начин повисок износ на средства за здравствените установи и користење на здравствената опрема во целост со цел да може да се обезбедат подобри здравствени услуги за граѓаните.

Во буџетот се предвидени и средства за навремена и редовна исплата на социјалните права и како што кажав во рамките на истиот предвидено е зголемување на социјалната помош за 5% почнувајќи од јуни следната година со исплатата што се изврши на почетокот на јули. Планирани се и средства во овој дел за поддршка на постојните дневни центри, народни кујни како и средства за субвенционирање на трошоците за потрошувачка на енергија онаа што е таканаречена енергетска сиромаштија за најзагрозените категории на граѓани.

Во делот на субвенциите за земјоделството предвидени се 140 милиони евра, значи висок износ кој што е наменет за подршка на земјоделството со цел и понатака да се даде поддршка на стандардот на земјоделците да се овозможи средствата да стигнат навреме кај нив согласно календарот за исплата кој што почна да се применува од оваа година и верувам дека на тој начин и понатаму ќе дадеме поддршка за една од приоритетните дејности во Република Македонија земјоделството со унапредување на откупот на земјоделски производи преку странски инвестиции, продажбата на земјоделското земјиште и како што реков субвенциите како директна поддршка за земјоделците.

Во делот на инфраструктурата би сакал да истакнам дека вкупниот износ на средства што предвидува во буџетот за 2015 година за капитални проекти изнесува 21 милијарда и 208 милиони денари. Ако на ова се додаде износот од 11 милијарди и 651 милион денари во Јавното претпријатие за патишта се добива вкупен износ од 32 милијарди и 859 милиони денари капитални инвестиции што се обезбедени во Буџетот за 2015 година и во буџетот на Јавното претпријатие за патишта односно 534 милиони евра директни капитални инвестиции само по основ на реализација на капитални проекти од буџетот и Јавното претпријатие за патишта. Се разбира има и дополнителни капитални инвестиции од страна

на ЕЛЕМ, МЕПСО претпријатијата во енергетската област како и многу други јавни и државни претпријатија кои што не се опфатени во оваа бројка но сметав дека е адекватно да се задржиме на она што е предвидено во буџетот а тоа  е 21 милијарда и 208 милиони денари за капитални проекти и плус уште 11 милијарди и 651 милион денари во Јавното претпријатие за патишта. Поконкретно во делот на реализацијата на патишта што се финансираат од буџетот во текот на 2015 година предвидени се 3 милијарди 398 милиони денари за реализација на Коридорот 10 значи интензивирање натамошна надградбата на Коридорот 10. Таму и со ребалансот за оваа година издвоивме дополнителни средства и добро е да и во следната година издвоиме значителни средства со цел да се забрза изградбата на Коридорот 10 еден од клучните коридори преку кој што се врши превозот на стока и патници во Република Македонија. Проектот се финансира како што е познато од страна на  Европската банка за обнова и развој, Европскта инвестициска банка ИПА фондови и Буџетот на Република Македонија.

Во однос на вложувањата што одат преку Светска банка проекти на Светска банка и во 2015 година ќе продолжиме со проектот за реконструкција на локални и регионалини патишта подржан со кредитни средства од Европската банка за обнова и развој кога станува збор за буџетот и со пари од Европската банка за обнова и развој и Светска банка кога станува збор за Јавното претпријатие. Истовремено во 2015 година ќе продолжи реализацијата на патните правци Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид  кои што значително ќе ја подобрат патната инфраструктура во Република Македонија. Овие два патни правци како што е познато се финансираат со средства од Кинеската банка за обнова и развој преку Јавното претпријатие за патишта. Со Светска банка ги завршивме преговорите за обезбедување на дополнителни средства за реконструкција и изградба на патишта. Како што кажав бордот на Светска банка веќе донесе одлука за финансирање на патишта во Република Македонија во износ од 52 милиони евра во првата фаза и уште 100 до 105 милиони евра во втората фаза значи некаде околу 157 милиони евра се обезбедени со новата проекција и новата стратегија на Светска банка за Република Македонија која што буквално денес ќе биде на бордот на Светска банка вкупно стратегијата предвидува 400 милиони евра од кои што 157 милини евра се наменети за патишта. Со оваа ќе се финансираат бројни патни правци во Република Македонија на кои што им е потребно реновирање или реконструкција, а меѓу другото ќе се гради и нов пат во делот од Ранковце до Крива Паланка со четири ленти кој што ќе овозможи подобро поврзување со Република Бугарија. Ќе се реновираат патишта како што е Битола-Ресен, Тетово-Гостивар, Дебар-Бошков Мост и многу други и во Источниот и во Западниот дел на Република Македонија на територијата на целата држава.

За железничката инфраструктура предвидени се расходи од милијарда 311 милиони денари со кои што ќе продолжи реконструкцијата на Коридорот 10 еден од клучните коридори за превоз на стока односно за карго превоз и истовремено обезбедени се значителни средства во рамките на Јавното претпријатие Македонско железници инфраструктура за продолжување со изградбата на пругата кон Бугарија, како првата фаза така и втората фаза на бордот на Европската банка за обнова и развој во следните неколку дена ќе биде предлогот за обезбедување на 145 милиони евра за втората фаза од овој проект и веќе е испреговарано и договорено е Европската банка ќе го финансира тој проект во целина. Паралелно со ова би сакал да истакнам дека предвидени се средства за комунална инфраструктура за реализација на водоводи, канализации и гасификација и се она што е значајно за подобрување на вкупната инфраструктура во Република Македонија.

Во  буџетот се предвидени и средства за технолошко индустриските зони и 553 милиони денари и како што кажав во делот на образованието, детската заштита и спортот 2 милијарди и 204 милиони денари наменети за изградба и реконструкција на училишта, градинки, спортски сали, реконструкција на студентски домови и слично.

Би сакал да истакнам дека планираното ниво на буџетскиот дефицит од 18 милијарди и 497 милиони денари е оптимално за сегашните состојби во кои што се наоѓа македонската економија и за сегашното ниво на задолженост на Република Македонија. Република Македонија и натаму е земја со ниско до умерено ниво на задолженост и како таква е оценета како земја која што има фискален простор за реализација на значајни капитални

инфраструктурни проекти. Средствата за финансирање на овие проекти и на буџетскиот дефицит како што знаете ги обезбедивме со евро обврзницата која што ја издадовме и за која што добивме најдобри услови во делот на каматата и останатите услови.

Врз овие основи почитувани пратеници и почитуван претседателе се извинувам што неколку секунди отстапив од предвиденото време, сметам дека буџетот за 2015 година ја заслужува вашата поддршка. Се разбира очекувам да имаме опсежна дебата и да ги објасниме сите работи околу буџетот но исто така очекувам дека и натаму ќе дадете поддршка за ваквите политики што се вградени во буџетот бидејќи тие и досега се покажа дека ја остваруваат целта а тоа е што повисок економски раст во сложени економски услови во Европа и во светот, како и навремена исплата на сите обврски од буџетот кон пензионерите, примателите на социјална помош, земјоделците и сите други категории на граѓани што добиваат средства од буџетот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Врз основа на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител, го молам Народниот правобранител да го образложи предлогот на пресметката на разделот на дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

Го повикувам Народниот правобранител господинот Иџет Мемети да земе збор.

Има збор Народниот правобранител господинот Иџет Мемети, повелете.

**Иџет Мемети:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници, што се однесува на делот на буџетот кој што е предвиден за Институцијата Народен правобранител за 2015 година како што можете да забележите и самите Предлог буџетот за 2015 година е речиси идентичен со буџетот што сега ја оставаме зад нас, со една мала разлика од првиот предлог до овој предлог за дополнување на буџетот каде што се забележува зголемување во делот на платите на Институцијата Народен правобранител од 1 милион и 400 илјади денари.

Почитувани пратеници, потребата на граѓаните оваа институција на поефективен, поефикасен начин не само да ги штити кога се случува повреда на правото или прекршување туку и кога и да промовира и исто така и најавите за разните зголемувања на цените итн. беа дел од образложението на Народниот правобранител кога се обрати до предлагачот и побара поголем износ на средства отколку што се предвидени во овој предлог буџет. Како што можете да забележите ќе ве информирам дека од тоа што ние побаравме во Предлог буџетот се планирани или предложени од предлагачот околу 83%. Мислам дека во следната година планирањата или пак остварувањето на активностите што се предвидени или планирани од Народниот правобранител и поголемиот дел од нив кој што се во однос на потребата од промоција како и човечки ресурси ќе има потреба овој буџет да се зголеми.

Како прво ќе се задржам на делот на човечки ресурси. Сакам да ве информирам дека кадровските капацитети на институцијата Народен правобранител се повеќе бледнеат за тоа што вработени години со ред си заминуваат од институцијата било да одат на пензија или пак ја напуштаат работата, а ние не сме во состојба да ги пополниме тие работни места. И за тоа истакнувам дека ќе има потреба од зголемување на човечките ресурси следната година, јас ќе бидам принуден како институција при разговори со Владата на Република Македонија да изнајдеме можности да во институцијата Народен правобранител се пополнат испразнетите места со цел на поефективен начин и да не се става под прашалник функционирањето на оној дел на институцијата.

Што се однесува на разните истражувања, мислам дека се испланирани малку средства, меѓутоа секако го имам предвид и тоа дека измените на Законот за народниот правобранител, што се однесува на давање на мандат за промоција се уште не се поминати, верувам дека до крајот на годината ќе поминат и сигурно тогаш тој закон ќе предвидува или пак ќе изискува дополнителни средства за промоција на правата и слободите на човекот, како и за ангажирање на разни експерти. И ќе се задржам уште на еден дел кој што е во однос на капиталните инвеситиции во институцијата Народен

правобранител, ние побаравме многу повеќе од тоа што е предвидено, во нашето барање само 15% се во овој Предлог буџет. Две се главните причини што народниот правобранител побара многу повеќе средства за капитални расходи. Првата причина е тоа што возниот парк, или возните средства се сега веќе застарени, верувајте дека истите не предизвикуваат многу проблеми при одржување на истите, така што е и подобро истите да не се кортистат воопшто. И за овој дел јас верувам и се надевам дека ќе успееме институцијата Народен правобранител, преку одлуките на Владата за доделување на возила ќе успееме овој дел некако да го покриеме. Исто така апелирам до Владата на Република Македонија од тука во овој сегмент да најдеме заеднички јазик и да и овозможиме на институцијата да си ја врши професијата и со други средства.

Што се однесува на електронскиот начин на работа во институцијата Народен правобранител и таму имаме потреба за тоа што зголемениот број на жалби и начинот на собирање на податоци во базата на податоци, уште малку ќе ни оневозможи да работиме ефикасно, затоа што имаме потреба од средства за нов софтвер во оваа институција. Освен тоа почитувани пратеници сакам да ве информирам и тоа дека Народноит правобранител како и минатите години што се однеусва на промоцијата на правата и слободите на човекот, користи и ќе продолжи да користи и други средства кои што не се дел од буџетот на Република Македонија, туку се дел или пак доаѓаат дел од Европска унија или пак разни влади на држави и се надевам дека ние ќе успееме да покриеме дел од потребата и од овие извори. Ви благодарам господине претседател.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Отворам општ претрес по Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија за 2015 година - второ читање.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес да се пријават за збор.

Благодарам.

Прво за збор господинот Мукоски Крсто, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер за финансии, почитувани колеги и колешки пратеници, почитувани претставници на медиумите,

Морам да изразам исклучително задоволство што денес имам можност, тука пред вас и пред македонската јавност да земам учество во расправата за предлог буџетот за 2015 година. И на самиот почеток сакам да кажам дека овој буџет содржи три компоненти, прво содржи развојна компонента, социјална компонента и раст на националната економија за 2015 година, се разбира и една од рак раните решавање на рак раните на македонските граѓани, тоа е проблемот со невработеноста. Односно преку овој буџет треба да се дополнително намали бројот на невработени лица во Република Македонија, за 2,7%.

Во овој буџет се предвидуваат капитални инвсетиции во износ од 21 милијарда и 209 милиони денари, или нешто над 530 милиони евра и би рекол во вакви околности во кои што функционира европската економија и особено економиите во наше соседство, овие средства се можеби историски највисоко ниво и овие средства се предвидени за реализација на капитални инвстиции во повеќе сфери, пред се во делот на патната инфраструктура, изградба и рехабилитација на патишта, во делот на изградба и рехабилитација на нови железнички пруги и вагони за превоз на граѓани и стоки во државата. Изградба на нови здравствени медицински установи и изградба на нови училишта, детски градинки итн.

Како никогаш до сега би рекол во Република Македонија особено се посветува внимание на изградба на автопатиштата и можеби од осамостојување на Република Македонија до сега, во 2015 година се предвидуваат најповеќе да се изградат нови автопатишта, одосно најголем број на километри, се гради на коридорот 10, од Демир Капија до Смоквица, се гради на автопатот од Миладиновце до Штип, се гради на автопатот од Кичево до Охрид. Никогаш, повторувам во историјата на суверена и самостојна Македонија, не било предвидено и не е отпочнато со градба на толку автопатишта. Дополнително треба да се

изградат многу стотици нови километри на експресни патишта, на регионални патишта и на локални патишта.

Во овој буџет е запазена и социјалната компонента, односно дополнителни средства за социјално ранливите категории од 5% дополнителни средства за зголемување на пензиите на пензионерите исто така од 5%, дополнителни средства за зголемување на платите на јавната администрација од 4%. Запазен е контуинуитетот на поддршка на земјоделците и на земјоделието со дополнителни 140 милиони евра субвенции за земјоделците. Од тука убеден сум и со сигурност можам да кажам, дека овој буџет пред се е развоен, повторувам во вакви околности во кои што функционираат еконимиите кои што сеуште трпат последици од светската криза и од европската должничка криза. И само за да направам една паралела не треба подалеку да одиме, да ги видиме нашите сосседи, државите во соседството и се ќе ни биде јасно. Сите овие параметри што одат во позитивен правец, спротивно во една Република Србија, да не зборам за Грција па и Хрватска и Словенија одат во негативен правец. Таму се намалуваат пензиите, таму се намалуваат платите, таму растат цените на основните енергенси на електричната струја. Додека во Република Македонија предвидуваме сосема поинаков тек на настаните.

Прашањето што се поставува е како да се постигнат овие параметри и овие цели кои што се зацртани со буџетот за 2015 година. Владата на Република Македонија во континуитет од 2016 година до денес има поставено стабилни фундаменти или столбови на кои што почиваат еккономските политики со кои што се врши развој на стопанството и на економијата во Република Македонија. Пред се тука се фискалните стимули, тука се гонењето на макроекономската политика и тука е посветеноста во делот на буџетските расходи особено во делот на инвестирање во капиталните инвестиици. За 2015 година, предвиден е раст на македонската економија од 4%, и ако го видиме растот во 2014 година, кој што беше во првите пет раста во Европа исто така треба да се продолжи и во 2015 со раст во првите пет економии во европа тоа е раст од 4% кои што планираме да го реализираме. Дали ова е поставено на реални фундаменти, односно на реални параметри. Владата на Република Македонија води особена гриа кон привлекување на директни странски инвестиции. И сведоци сме дека во изминатите години, а и во оваа 2014 година, предвидените средства кои што треба да се реализираат односно да ги донесат странските инвеститори во Република Македонија се донесени отворени се нови индустриски капацитети, отворени се нови работни места. Со тоа се зголемува прво извозот и за прв пат можеби во историјата имаме такво салдо позитивно на тековната сметка во делот на извозот и увозот, се зголемува бројот на вработените, односно се намалуваат невработеноста и очекуваме дека за дополнителни 2,7% во 2015 година треба да се намали невработеноста во Република Македонија. Само да потсетам во 2005 тоа изнесуваше околиу 39%, на крајот од 2015 година очекуваме дека невработеноста ќе изнесува нешто над 26%. Значи исклучително важно е привлекувањето на странски директни инвестиции и тие во 2013, односно во 2014 година, изнесуваат над 350 милиони евра, очекуваме дека треба да продолжи трендот на влез на старнски директни инвестиции во Република Македонија, со што покрај извозот ќе се зголеми и јавната потрошувачка, нормално ќе се зголемат даночните приходи, ќе се зголеми личната потрошувачка и ќе се намали невработеноста.

Од друга старна, освен поддршката кон странските директни инвеститори Владата на Република Македонија во континуитет врши поддршка и на домашното стопанство. Пред се во делот на даночната политика, се уште сме лидери во делот на даночната политика со најниски даноци во Европа. Дополнително на македонските претпријатија особено на малите и средни претпријатија во континуитет им обезбедуваме средства од ефтини кредити, дел од тие камати на тие кредити ги субвенционира и Владата со кој што во овие тешки времиња македонските претпријатија можат да функционираат. И во 2015 година, очекуваме една промена во тие текови, значи македонските компании и претпријатија, треба да имаат зголемена активност со што ќе го намалат притисокот на државата во делот на трошењето на јавни инвестиции. Значи, јавните инвестиции, капиталните инвестиции, како што претходно напоменав во капитални проекти ќе продолжат и во 2015 година, меѓутоа, многу важно е, особено во делот на зголемување на јавниот долг, да и

приватните компании и претепријатија заживеат и да го зголемат својот раст, на некој начин да го избалансираат тој притисок што во моментов постои.

За 2015 година, предвиден е буџет од околу 3 милијарди евра, или приходи од околу 163 милијарди и 280 милиони евра, тоа е зголемување за 5% од 2014 година и расходи од 181 милијарда и 627 милиони евра, или зголемување за 4% од 2014 година. Многу викаат дека буџетот што е предвиден за 2015 година е на историско високо ниво, е да, околиу 3 милијарди, меѓутоа тоа значи дека ако го следиме минатото и економските тековни движења на нашата економија, треба да сме оптимисти дека дополнително во 2015 година, ќе се зголеми економската активност, со што добар дел на приходната страна, особено на даночните приходи треба да се зголемат и така да се зголемат вкупните приходи. Особено зборам за ДДВ, бидејќи ова што претходно го кажав треба да ја зголеми личната потрошувачка и треба да го зголеми данокот на ДДВ, кој сочинува вкупно во масата на приходи, над 65%. Дополнително во 2015 година се предвидува покрај растот до 4% на БДП да има дополнителен раст на индустриското производство, за 4,4%, тука се оние фактори што претходно ги кажав, странските директни инвестиции и поголема активност на домашните компании, се очекува зголемена активност на градежништвото за 7,5%, пред се заради капиталните инвестиции што Владата ги има предвидено за 2015 година, зголемување во секторот на земјоделие и услужните дејности. Односно се очекува раст на бруто инвестициите од 8%, раст на личната потрошувачка за 3% и на јавната потрошувачка за 1,2%. Сето ова треба да продуцира со зголемен извоз за 2015 година од 8,5% се разбира и увоз зголемен од 4,7%.

Во 2015 година, исто така во делот на макроекономската политика, пред се во соработка со Народната банка која што е столбот и од каде што се водат макроекономските политики во оваа држава се предвидува ниската инфлација од 2%, да се задржи стабилниот курс на денарот, бидејќи се покажа дека со оваа политика иако во минатото многу експерти дури и дел од нашите колеги кажуваа дека Македонија треба да применува фруктуирачки курс, меѓутоа со овој курс на фисен курс на денарот се покажа особено во овие кризни времиња дека е ова исправна политика која што ја води Народната банка, односно монетарната политика која што ја водиме. Исто така висината на девизните резерви ќе остане на стабилно ниво и висината на девизните резерви и ако во претходноит период варираше, сепак тоа не е заради тоа што девизните резерви во маса се намалуваат во Народната банка, тоа е резултат на намалување на цената на златото на светските пазари. Значи девизните резерви со сите оние параметри на стабилност, четири месечна увозна зависност итн., ќе останат на едно стабилно ниво.

Народната банка на Република Македонија, преку своите механизми ќе изврши дополнителен притисок на комерцијалните банки во Република Македонија да дополнително го поддржат кредитирањето, особено на малите и средни претпријатија, и ако мора да напоменеме дека овие каматни стапки од околу 7% во моментов се во Република Македонија на историски најниско ниво. Се разбира тие стапки никогаш нема да бидат исти со оние што се промовираат во Европската унија, бидејќи таму банките доаѓаат по друг капитал, поефтин капитал, по свеж итн., меѓутоа на ниво на Република Македонија овие каматни стапки висината на историски ниско ниво, сепак Народната банка на Република Македонија ќе се потруди да дополнително преку своите механизми, успее банките да ги намалат каматните стапки.

Во делот на фискалните параметри, предвидуваме буџетски дефицит од 3,5%, значи дополнително намалување на буџетскиот дефицит и во краткорочните стратегии што ги имаме и предвидувања, значи за неколку години предвидуваме за буџетскиот дефицит го намалиме под 3%, всушност тоа е и еден дел од промените на Уставот, амандманите на Уставот, во делот на економските показатели каде што викаме дека ниту една Влада не треба да има во нормални услови повисок дефицит од 3%. Многу е важно структурата каква ќе биде на буџетскиот дефицит. Во буџетот за 2015 година се предвидува, да буџетскиот дефицит, многу помал дел, значи од тој дефицит се троши за таканаречени некапитални расходи, особено во оној дел во кој што треба буџетот да функционира и во кој што треба државната администрација да функционира, значи минимални средства, меѓутоа добар дел да се користи на капитални инвестиции, кои што претходно ги

истакнавме. Тука, продолжува како што кажав даночната политика на ниските даноци, тука продолжуваат подобрените услови за привлекување на дополнителни странски инвестиции.

Исто така, важно е да се каже дека покрај ниските даноци кои што Владата ги промовира и со кои што ги помага претпријатијата во Република Македонија, Владата промовира и даночна дисциплина што е многу важно, што во минатото за жал ја немаше и една од причините зошто тогашните буџети многу помали од ова заради неданочната дисциплина, значи заради даночната недисциплина, се извинувам, која што Владата ја промовираше тогаш од други причини, сега веќе имаме друга ситуација. Значи од една страна излегуваме во пресрет на стопанството, на претпријатијата, на инвеститорите со ниски даноци, од друга страна промовираме даночна дисциплина и борба против реалната конкуренција. Значи ова се дел од фискалните параметри со кои што треба во дополнување со макроекономската политика да се постигнат овие резултати или цели кои што предвидуваме за 2015 година.

Во делот на јавниот долг за кој што многу во минатото се зборуваше во недостаток на аргументи да се критикува Буџетот од страна на опозицијата бидејќи тоа е на крајот на краиштата нивна работа, меѓутоа во недостаток на аргументи сега во последно време се насочија на јавниот долг. Помнам во минатото во пратеничкиот мандат од 2008 до 2011 година зборуваа дека цените на горивата рапидно се кревале, дека девизните резерви биле на најниско можно ниво, дека ќе сме имале галопирачка инфлација итн, ништо од тоа не се реализира сега се задржаа на јавниот долг.

Би сакал неколку збора да кажам за јавниот долг, неспорно е дека висината на јавниот долг е покачена во Република Македонија. Меѓутоа ако земеме споредба со било која земја од Европската унија висината на јавниот долг во Република Македонија е на исклучително ниско ниво и се движи во рамките на дозволените европски критериуми односно во делот на Мастришките критериуми кои што предвидуваат не повисок јавен долг од 60% од БДП. Било која држава да ја земете од соседството, не зборувам за Грција која можеби има два и пол пати повисок јавен долг, земете ја Србија, земете ја Хрватска, земете ја Словенија сите имаат над 30% повисок јавен долг. Резултатот за зголемувањето на јавниот долг е заради кризата и заради ударите врз нашата економија која што ја почувствуваме од светската криза и од европската должничка криза. Се разбира дека Владата во недостаток на активност на приватните компании мораше да преземе активности во делот на зголемување на капиталните инвестиции односно на јавната потрошувачка. Меѓутоа, како што претходно кажав со континуиран раст на економијата и со очекување дека македонските компании ќе заживат во нивната активност, овој притисок полека очекуваме да се намали и со евро-обврзницата од 500 милиони евра која што ја зедовме, очекуваме буџетскиот дефицит да го покриеме и да ги покриеме значи оние транши што ни доаѓаат за отплата кон странските кредитори и би сакал да потсетам дека дел од тие транши се транши кои што ги остави во наследство минатата власт СДСМ од 2005 година. Меѓутоа во 2015 година како што во 2006 година до 2008 година знаевме да го намалиме јавниот долг за преку 220 милиони евра, така и во 2015 година очекуваме дека овој притисок ќе се намали со заживување на македонската економија. Оваа Владата и ВМРО-ДПМНЕ, овој тим што ја води економијата во Република Македонија да направам фигуративна споредба како еден брод кој што плови со екипаж, плови и во мирно море и во бура знае да се справи и со добри времиња од 2006 до 2009 година кога стегна светската економска криза и европската должничка криза на која што ние не можевме ништо да направиме бидејќи сме мала економија, значи знаеше во тој дел во добри времиња да има висок раст, над 6, 7, 8% од раст на БДП, додека СДСМ во 2005 година кога сите земји и во соседството и во Европа имаа некои дури и двоцифрен раст, нивниот зенит беше раст од околу 4%, исто така и во делот кога фати светската економска криза и кога ги почувствувавме ударите опстанавме и опстанавме со еден од највисоките растови на економијата гледано со нашето соседство и со Европа.

Не викам дека состојбата во Република Македонија е розова, дека граѓаните во Република Македонија живеат идеално, меѓутоа, очигледно е, се чувствува дека фундаментите, столбовите на кои што се темели оваа економија се стабилни, дека политиките што ги

водиме и во кој правец се води оваа економија е исправен и дека како што одминуваат годините имаме раст на економијата, раст на стопанството и полека но сигурно македонските граѓани треба да го почувствуваат бенефитот или благодетот од водењето на овие политики. Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии и негови соработници од Министерство за финансии,

Би сакал да спомнам во врска со Буџетот што треба да го донесе овој законодавен дом за 2015 година.

На почетокот би сакал да кажам една работа која што не можеме, а да не ја кажеме, за која не може да не се зборува затоа што е огромен успех за Република Македонија. Огромниот успех е дека оваа држава, Република Македонија, во вториот квартал на 2014 година имаше највисок раст на БДП во Европа. Тоа не е мала работа која што се нема случено последните десет, ниту последните дваесет години, ниту последните триесет години. Прашањето е кога Македонија имала највисок раст на БДП во Европа. Сега, исклучиво сега, а тоа е во овој втор квартал. Благодарение на стопанството на Република Македонија, благодарение на компаниите, благодарение на луѓето кои што работат во реалниот сектор, во јавниот сектор, а пред се благодарение на политиките кои што ги води Владата на Република Македонија вклучувајќи го и Министерство за финансии. Значи мора директно јасно да се нагласи, да се повтори тоа што е огромен успех на Република Македонија, а тоа е дека во вториот квартал имаме највисок раст на БДП во Европа. Тоа навистина треба да се одбележи.

Кога веќе зборуваме за БДП, за растот кој што се случува во Република Македонија убаво е да се погледне вицепремиерот Ставрески го направи тоа со европските земји, главните мотори на евро зоната, но тоа исто така  треба да се направи и со регионот со земјите од соседството. Значи, во првиот и вториот квартал Македонија односно во првите шест месеци има раст на БДП од 3,9%. Во вториот квартал како што реков има раст од 4,3%. Кои се бројките околу нас. Конкретно Хрватска веќе 6-та година по ред има пад на БДП и конкретно оваа година е минус 0,4% до сега. Грција има пад од минус 1,1%, веќе стагнираат, се надеваат дека со подобрувањето на перфомансите прв пат после 2008 година ќе имаат раст на БДП. Бугарија има 1,2%, но гледаме дека таму има политичка неизвесност, дали ќе се формира Владата, како ќе се формира Владата и тоа секако има свое влијание. Словенија има раст на БДП во првото шестомесечие од 1,5%. Романија има 3,8%, Македонија има поголем 3,9%, понатаму, Босна и Херцеговина во првото тромесечие 0,4%, во второто сеуште ги немаат бројките затоа што треба да се сумираат податоците од поплавите, но исти таму имаше и широки граѓански немири на кои што некој тука некој во Македонија аплаудираа, велеа дека така треба, а сега треба да платат милионски штети затоа што беа запалени зградите на повеќе градски собранија, кантонални управи, државни институции, значи некаде околу 40-тина државни институции беа запалени, а некој тука во Македонија тоа го заговараше и аплаудираше на тоа. Некои пред една година исто така велеше дека во Македонија треба да се случат протести како во Украина, конфронтации со властите, со полицијата, еве гледаме и од оваа перспектива една година после тоа можеме да видиме дали има напредок или нема напредок на економијата таму каде што има политичка нестабилност.

Албанија раст на БДП од 0,7%, значи е раст, но во секој случај е скромен, итн, итн. Значи кога ќе се направи пресек на економскиот раст во соседството се гледа дека Република Македонија има четири пати поголем економски раст од Албанија, дека има шест пати поголема од Босна и Херцеговина, дека Македонија има три пати поголем раст од Бугарија, три пати поголем од Словенија, што не е за потценување. Далеку од тоа дека одеднаш треба да се фалиме или да кажеме дека сме завршиле огромна работа со два квартали, но тоа е навистина забележително и не е за потценување во овие тешки економски околности во Европа.

Кога сме кај она што го спомена вицепремиерот Ставрески во делот на нашата размена со Германија и нивното забавување на економијата. Пред две недели излезе податокот дека индустриското производство во Германија е паднато за 4%, значи индустрискиот алпут како што се вели е паднат за 4%. Зошто тоа е важно за Република Македонија? Затоа што 38% од нашиот извоз оди за Германија. Значи Македонија има 38% од извозот кој што оди на пазарите во Сојузна Република Германија и нашите компании, нашето стопанство, нашите вработени и тоа како зависат од нарачките кои што доаѓаат или се откажуваат од Германија. А сигурно падот на нивното индустриско производство од 4% не е добар сигнал. И она што исто така беше кажано Германија заедно со Кина е меѓу земјите во светот кои имаат најголем суфицит во трговската размена. Значи Германија и Кина најмногу во светот извезуваат, а значително помалку увезуваат. Оваа Република Македонија, со оваа економска структура, со оваа структура на извозот, со овие инвестиции кои што дојдоа во Република Македонија на странски компании вклучувајќи неколку важни германски компании, оваа Република Македонија има суфицит со Сојузна Република Германија, односно Македонија многу повеќе извезува во Германија одошто увезува што не е мала работа. Многу малку држави во светот можат да се пофалат со тоа. Имав можност пред две недели да го чујам говорот на министерот за финансии на Велика Британија Џорџ Озборн еден од најкомпетентните министри за финансии во земјите членки на Европската унија, тогаш тој и сите светски експерти велат дека навистина имаат направено добра работа со британските финансии со зауздување на инфлацијата, со зауздување на растот на долгот, на дефицитот, инт.

Што е тоа што е навистина големиот успех во британската економија, тој вели дека кога дошло конзервативната партија на Велика Британија на власт наследиле дефицит на годишно ниво од 11%, а дека оваа година би требало да ја завршат со 4,5% на дефицит. Значи наследиле годишен дефицит од 11% и оваа година со мерките на штедење, со фискална воздржаност доаѓаат до 4,5% дефицит. Македонија има помал дефицит со тоа, Македонија исто така има и многу помал долг од БДП. Нашиот долг е 40% од БДП и затоа Македонија е во ниско задолжени земји и умерено задолжени земји, додека пак многу земји во Европа имаат и тоа како голем проблем со задолженоста. Грција има 161% од нивниот БДП долг, Македонија има 40, на Грција и беа простени десетици, десетици милијарди евра долг, беа простени, анулирани, избришани. Понатаму, Португалија има 129% од БДП како нивни долг. Шпанија има 85%, Велика Британија се наближува до 90 до 100%, навистина тоа голема, голема должничка криза со која што се соочуваат голем број на земји во Европа. За разлика од тоа Македонија има значително помал долг. И тоа е благодарение на воздржаноста на трошењето на оваа Влада, благодарение на пресметките компетентност и политиките што ги спроведуваше Министерство за финансии заедно со вицепремиерот.

Би сакал уште неколку работи да кажам што се однесуваат на претстојната 2015 година. 2015 година треба да биде година во која што ќе се прекршат повеќе инвестиции во Република Македонија. Значи инвестиции кои што отпочнаа, но кои што ќе треба да почнат со производство. Џонсон Мети и понатаму ќе продолжи да го зголемува нивното производство, Техно Хозе има и тоа како голем раст, растат нарачките на Ван Хол, значи зборуваме за тоа дека Ван Хол ќе извезува стотици и стотици автобуси на сите пазари и во Европа и во Северна Америка и на другите пазари. Кромберг и Шуберт, можеби не доволно беше кажано во минатото, Кромберг и Шуберт, вицепремиере пред месец дена дојде до 2 илјади вработени, го прославија вработувањето на 2 илјадитиот човек во Кромберг и Шуберт. Значи, не е мала работа, тоа навистина станува една голема фабрика која позитивно влијае на извозот на Република Македонија. Имаше цела сторија за нив и најавија нови вработувања што ќе доаѓаат во битолскиот регион.

Понатаму, Маркат се очекува довршување на нивните хали, на средината на идната година, веќе обучуваат луѓе кои што треба да работат таму, веќе регрутираат луѓе кои што треба да работа и ќе имаме заживување на економијата во поширокиот регион на Велес. Беше најавено и прашање на време е, час поскоро ќе се реализира инвестицијата на Вејбогруп на потегот помеѓу Крива Паланка, Ранковце, Куманово и Кратово. Значи граѓаните на североисточниот дел на Република Македонија ја очекуваат оваа инвестиција,

се подготвуваат за оваа инвестиција и важното за оваа инвестиција е што ќе има вработување за сите профили на луѓе кои што ќе треба да се вработуваат. Значи покрај во оној дел на производството и во делот на производството на текстилни материјали, финални производи, ќе имаме огромно вработување и на други профили. Кога има фабрика со 5 илјади луѓе кои што треба да работат таму, таму ќе треба да се вработуваат и економисти, комерцијалисти, шпедитери, возачи, извоз, правници, други профили, навистина ќе има солидни вработувања во овој дел на Македонија. Џонсон Контролс во Штип исто така солидно веќе работи, 1500 луѓе работат во Џонсон Контролс, со зголемувањето на платите и доаѓањето на Џонсон Контролс ги зголеми платите и во другите претпријатија во околината каде што работат. Значи и другите штипски фабрики, затоа што растеше цената на трудот, се зголеми цената на трудот во Џонсон Контролс, се зголемија и другите плати во другите претпријатија во околината.

Би сакал исто така да кажам и тоа што е евидентен факт, а тоа е дека Република Македонија е меѓу ретките, на прстите од едната рака се бројат, земји која ги зголемува платите и пензиите. Значи, оние кои што најгласно не критикуваат треба да ги видат земјите каде ги намалуваат и платите и пензиите. Треба да ги видат отпуштањата на десетици и десетици илјади луѓе во сите бранши и во реалниот сектор и во администрацијата и во образованието и во медицината, значи буквално секаде каде што има големи отпуштања. Треба да ги видат проблемите со кои се соочуваат голем број на земји. Значи во овој дел Република Македонија навистина има солидни резултати.

На крајот почитуван претседателе, би сакал некои работи да ги кажам, а кои се однесуваат на компететивноста на македонската економија. Компететивноста на македонската економија се гледа со бројките што ги остваруваме, компететивноста на македонската економија се гледа со растот на БДП што го имаме, о компететивноста на македонската економија се гледа и со падот на невработеноста во Република Македонија, а пад кој што се одвива бавно има и понатаму огромен број на луѓе и семејства кои директно, секојдневно го чувствуваат овој проблем, но постепено се намалува. Состојбата во Македонија со невработеноста и тоа како тешка. Нашата невработеност е 28%. Но невработеноста беше многу поголема, во 2006 година кога беше 38%. Никогаш не е забележана толкава невработеност во последните 70 години во Македонија. Никогаш, нема ниту една земја во моментов во Европа која што ја имаше невработеноста на Македонија од 2006 година и со економски кризи, со затворање на гиганти, со пропаѓање на банки, со рецесија, со дефлации, со еден куп проблеми во европската економија, Македонија директно на границата со падот најголем на бруто домашниот производ во Европа, во Грција, Грција загуби околу 30% од нивниот БДП во периодот од 2008 година до денес. Значи и тие се на нашата граница, паѓаа нарачките, во тие околности Македонија ја намали невработеноста на 28%. Значи, компетитивноста на македонската економија се гледа и преку тоа што ќе го имаме како пад на невработеноста во следната година кој што се проектира да биде повеќе од 2%. Значи, ќе дојдеме до 26% и ќе наближиме кон она што го најави премиерот Груевски оваа година, во текот на месеците март и април, а тоа е дека невработеноста во следните четири години ќе опадне и дека ќе биде некаде околу 22%, дека ќе има отворање на 64 илјади нови работни места и дека во Македонија ќе се отворат 30 нови фабрики. Со 30 нови фабрики, со три нови автопати, со десетици и десетици помали патишта од автопатската мрежа во внатрешноста, со повеќе нови клинички болници, со таблет компјутери и со сето она што треба да се направи во други области во Република Македонија, Македонија навистина ќе биде и поинаква и подобра држава. Далеку од тоа дека ќе биде идеално, Македонија и понатаму е земја и ќе биде земја која што има многу проблеми, Македонија и тоа како многу треба да надомести за децении и децении забавен развој, но сега едноставно покажуваме нешто што никогаш досега, 30 години наназад не било случај, а тоа е дека Македонија во вториот квартал, најблискиот наваму, имаше највисок раст на бруто домашниот производ во Европа, од 50 земји. Значи, тоа не е мала работа и таквите бројки треба да се поздрават. Значи, сите оние критичари кои што велеа дека Македонија ќе банкротира, дека Македонија е на колена, дека Македонија нема да успее, дека владините политики ќе имплодираат, дека Буџетот ќе се распадне, дека институциите се готови, дека ќе почне кратење на плати, на пензии, дека

државата нема да ги исплати субвенциите, ништо од тоа не се реализираше. Ништо од тоа не се реализираше. Значи, државата ги сервисира своите обврски, некогаш со доцнење да, во овие тешки услови, но државата ги сервисира своите обврски и финансиите на Република Македонија се во сигурни раце.

Од тие причини треба да се поддржи Буџетот, и во 2015 година, за време на следната дебата за Буџетот да констатираме и да оцениме дали се реализирале проекциите, колку се реализирани и што во меѓувреме е остварено. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор и има збор господинот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници, почитуван министер за финансии,

Мислам дека партиите кои што се од опозицијата испуштија една добра шанса да се вклучат и во комисиската расправа но и на пленарната седница, бидејќи мислам дека преку Буџетот се отсликуваат вкупните состојби во Република Македонија во сите области и можеа креативно да се вклучат доколку сметаа дека треба да се направат и одредени корекции во вака проектираниот Буџет на Република Македонија.

Морам да нагласам дека Буџетот, како што тоа впрочем го нагласи и министерот за финансии дека е силен инструмент за економски развој, за забрзување на економскиот развој или за зголемување на економскиот раст на производството, на се она што значи создавање на нови работни места во Република Македонија. Две ставки сакам да ги коментирам, околу капиталните инвестиции. Мислам дека таа проекција во последните десетина години излезе дека е исклучително добра проекција бидејќи се ангажираат голем број на работници, на компании, на фирми кои што се вклучуваат во изградбата на голем број на инфраструктурни објекти. Нема да зборувам поопширно околу тоа, само да нагласам дека во услови кога се градат три автопатишта во Република Македонија веќе има, и тоа во медиумите се пишува дека недостасува доволно градежна оператива, недостасуваат градежни работници, тоа покажува дека колку се луѓе тука се вклучени, колку компании во изградбата на овие автопатишта, да не зборуваме за другите инвестиции. Тоа значи дека капиталните инвестиции се силен поттик на вкупниот развој на Република Македонија и што е најбитно создаваат услови за отворање на нови работни места и тоа пред се во реалниот сектор каде што навистина треба да се направат силни напори за да имаме услови за да се градат нови производствени капацитети.

Овде кога зборуваме за втората компонента, околу социјалната компонента што во услови на економска криза и во услови на се уште висок степен, висок процент на невработеност, некаде околу 28%, кој што во последните години се намали за 10%, вкупниот процент на невработени, но мислам дека таа социјална компонента мора да биде и натаму присутна, изразена, јас како и сите други, сигурно дека никој не сака да живее од социјална помош, секој сака да има услови да работи, но тешко е да се дојде до работа, односно да се обезбедат услови за сите да бидат вработени. Тоа го нема ни во високоразвиените земји, а да не се компарираме сега со некои соседни држави кои што имаат поголем процент на невработени а се и членки на Европската Унија. Така да, во овој дел само сакам да потсетам дека можеби треба да се размислува за некои специфични професии што се во Република Македонија, бидејќи нивните плати, посебно еве да ги нагласам во здравството, можеби треба да се разгледа можноста каде што имаме врвни експерти, терцијална здравствена заштита, можеби треба да се компарира на нивните плати со оние што се членови на Уставен суд, на Врховен суд, бидејќи мислам дека не е помалку одговорноста на оние доктори и друг медицински персонал за разлика од оние што работаат во овие врвни судски институции. Така да треба да се размислува, бидејќи тоа е присутно секаде околу економската миграција и во Италија, и во Шпанија, и во Романија, и во Бугарија, но ние ако сакаме да ги задржиме врвните експерти, посебно оние сега млади кои што се специјализираат, кои што се упатуваат во странство, ако сакаме да ги задржиме, покрај тоа што постојат некои заштитни механизми, мислам дека треба да се размислува околу соодветно нивно наградување околу нивните плати. Така да, тоа како идеја ми е да се разгледаат сите тие аспекти, се разбира дека има други исто така специфични професии

каде што можеби треба наместо линеарно зголемување процентуално на сите, тука да се издвојуваат одредени специфични професии каде што се бара високо знаење, стручност, професионалност, посветеност на работата.

Господине министре, вие помалку зборувавте околу приходите или како ќе се полни Буџетот. Јас само сакам еден аспект да отворам околу тоа, посебно присутни се критики во јавноста дека високите казни се основа за полнење на Буџетот на Република Македонија и да направиме одредени консултации со експерти, 0,2% изнесува вкупниот износ на Буџетот од казни и од административни такси. Тоа значи дека не држат тезите, коментарите во јавноста дека казнената политика се заострува заради полнење на Буџетот, а тоа силно е присутно како шпекулација и како девалвирање на се она што се први за зголемување на економскиот раст за вкупните приходи кои што се битни за функционирање на други сегменти во Република Македонија.

Така да мислам дека во овој дел треба да се отвори расправа бидејќи кога ја промовиравме програмата, изборната програма во текот на изборната кампања бевме во таа насока, презентирано е дека ќе се преиспитаат казните во сите области и можеби тука треба да се размислува бидејќи сепак одредени казни не се соодветни на материјалната состојба на просечните примања или пак на финансиските капацитети и можности на одредени компании кога се изрекуваат одредени казни.

Сигурно дека има и други елементи за кои што може да се води расправа, но генерално јас сакам да укажам дека Буџетот е така компониран што обезбедува одржлив развој во повеќе области, обезбедува или на еден или друг начин влијае на стабилниот банкарски систем, се на се мислам дека Буџетот ги одразува вкупните состојби во Република Македонија и дека е добра основа да се обезбеди зголемен економски раст што е битен предуслов и за отворање на нови работни места и за обезбедување на подобри услови за живеење на сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Колеги пратеници, тука правиме пауза.

Продолжуваме во 15,00 часот.

**(По паузата)**

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Следен пријавен за збор е госпоѓата Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер, трет говорник сум денес во однос за прашањето на буџетот за наредната 2015 година и во мојата дискусија ќе бидат опфатени повеќе елементи кои што би требало да го доближат мислењето на Министерството за финансии, министерот, Владата, нас пратениците, а особено граѓаните кои ги тангира севкупното донесување на буџетот преку дистрибуцијата. Прво, преку собирањето на приходите, второ, преку диструбицијата на тие приходи и што ќе се оствари од тоа како проекција, која е замислена, која во себе содржи низа на планирани податоци земени од внатрешната состојба на земјата, меѓутоа и од надворешната состојба надвор од Република Македонија и колку ќе бидеме во состојба ние тој проектиран буџет да го реализираме. Тоа е од есенцијална важност. Особено сакам да напоменам дека во овие услови кои и опозицијата не е во редовите на Собранието, кога ние сами како мнозинство се бориме да оствариме што подобри резултати и каде што се вреднува и таквото дејствување на опозицијата, недостасува во Парламентот една таква дебата која ќе даде како резултат спротивставени мислења и евентуално поткрепа на некои политики на Република Македонија кои се добри, а критика на оние политики кои што сметаат дека не се добри. Мене ми е многу жал што на ваков начин трпи и Република Македонија и граѓаните на Република Македонија бидејќи со тоа им нанесуваме и дополнителен удар заради неприсуството на опозицијата, а се трошат парите од граѓаните. ниту еден пратеник до сега не се откажа ниту од своите плати, ниту ги видовме на терен дека дејствуваат, ниту пак со свои пошироки дебати во однос на прашањата кои што ги тангираат во овој период граѓаните на Република Македонија и се борат со многу тешката состојба која што владее

како во земјата така и во светот. Сакам да укажам на тоа дека буџетот се планира и оваа година врз база на претходните буџети кои што се реализираат и врз база параметрите кои што ги земаат и останатите економии и влади во еврозоната, во Европа специјално заради тоа што ние живееме последниве години во исклучително тежок период, во период каде што има не обична криза тука една мега криза. Се соочуваме со состојба каде што ММФ излезе со една анализа како да се излезе од ваквата состојба и кои се можностите на земјите кои што се соочуваат со тешкотии во својот буџет, со тешкотии со создавањето на предусловите за економски раст и како Република Македонија се соочува со овој факт и која е нејзината траекторија. 2015 година како се проектира врз база на буџетот кој што е за 2014 година и може слободно уште од сега да се каже дека планираниот буџет за 2014 година и растот на економијата е во рамките на предвиденото што дава претпоставки дека и наредната година проектираниот раст на бруто домашниот производ ќе биде 4%, а ние секако сакаме и повеќе од овој проектиран раст. Она што е многу значајно да се каже е дека сите овие планови и проекции имаат исклучително тежок елемент, а тоа е состојбата надвор од Македонија. Ако ја следите состојбата во Европа ќе видите планираниот раст во еврозоната, посебно во Германија не се остварува 1,5% раст на бруто домашниот производ за жал не се случува, туку паѓа индустриското производство. Некој од колегите кажа дека дури во Германија паѓа индустриското производство за 4%. Она што важно да се каже е тоа дека тоа бара вбгризување на ликвидни средства на земјите членки кои се соочуваат со овој проблем на неликвидност. Оттаму и Република Македонија јаземе обврзницата во изминатиов период кој ашто ќе послужи во наредниот период како да се обезбедат средства навреме да се враќаат долговите на Република Македонија. Република Македонија и со целокупноти задолжување, вчера гувернерот на Народна банка на Македонија Богов го презентираше годишниот извештај во кој што ги чувме неговите видувања, неговите оценки за движењето на македонската економија и што во наредниот период треба да се направи за да може да се соочиме со еден многу тежок период во светски рамки, меѓутоа да одржиме и еден раст на економијата кој што треба да биде помал од 4%. Многу е важно Република Македонија да го достигне развојот на својата економија од најмногу 6% и тоа да биде одржливо во цел нареден период. Ако 4-5 години буџетски консекутивно успееме такво нешто да направиме ќе ја достигнеме 2007 година каде што се препознаваа првите знаци на заздравување на економијата. За жал државата во вакви услови е во состојба да биде таа давателот на инвестиции во отсуство на приватниот сектор кој што  заради кризата не инвестира или ги чува своите средства или во најголем број случаи во еврозоната пропаѓаат големи корпорации, па и мали и средни претпријатија. Банките се соочени со основниот предизвик дали да вбризгаат пари во стопанството во  малите и средните претпријатија и бидејќи капиталот е плашлив тие не инвестираат во стопанството во стопанството и едноставно се наоѓа државата во еден утвреден факт дека мора да  преземе обврски за придвижување на економијата. Тоа е основната позитивна премиса што ја кажа Кристин Лагард на средбата на Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка итн. вие деновиве можеби и имавте шанса тоа да го следите, каде што се бара да се изврши поголеми трошења, дефицитот сега станува пракса државниот јавен долг да се зголемува на сметка на зголемување на инвестициите. До колку државата ги насочи парите од таков дефицит во инвестициона градба, тоа значи придвижување на економијата бидејќи градежништвото во 2014 година и во Република Македонија бележи раст кој што е главен двигател на останатите 22 гранки кои се придружни на градежништвото. Така се случува да се движи економијата напред. Вториот елемент на кој што се базира да се придвижи таа потрошувачка со што ќе се даде импулс на развојот на стопанството. Минатите години кога се започна со тирзовите или слободните економски зони се зборуваше дека тие пари се употребени во нешто што нема да даде така добри резултати. додека ние ја помагаме пред се  надворешната индустрија странските инвестиции доаѓаат само бидејќи се симулирани, се даваат средства за развој на странските директни инвестиции  и дека нема да донесе до стимул на нашата економија. Денес веќе 2014 година врз основа на пареметрите јануари-јуни 2014 година може да кажеме дека Република Македонија оправдано со вложување во тие тирзови кои што се создадени особено во Скопје, помеѓу другото и втората зона веќе работи во Скопје и тоа придвижува извоз од 750 милиони евра. ова н е случајно го кажувам бидејќи и тој

двигател и те како ни е потребно бидејќи ние со тоа ја менуваме структурата на извозот бидејќи структурата на извозот да се темели само врз база на лон системи е недозволиво на долги патеки. Затоа ваквото привлекување со субвенционирање, со помош на странските директни инвестиции доведе во Република Македонија 2014 година да доближме до крајот на годината можеби и до извоз само од зоните до една милијарда евра. 750 милиони евра што е достигнато извозот од технолошко индустриските развојни зони до сега до август 2014 година е целокупниот извоз на Република Македонија за цела 2013 година. затоа ова е добра патека да се инвестира во овој дел. Добро е што и Република Македонија не заостанува во инвестирањето на субвенционирањето на земјоделието. Прво заради тоа што н а долг рок, не може тоа на краток рок да се види, ниту може бенефитот така ефикасно да се почувствува меѓутоа на долг рок земјоделците треба да останат на земјата, тие треба да добијат потребни субвенции, потребни импулси за да може да ја следат и развојот на технологијата во земјоделието за да може да останат на своето земјиште, но и да извезат. Ние во овој период имавме извоз на земјоделски производи приближно од 500 милиони евра, само извоз на земјоделски производи. Ако се осврнеме од претходниот период кумулирано ќе видиме дека тоа е значителен раст на извозот на земјоделски производи и сето тоа се должи на целокупните политики во овој дел. Јас мислам колегите мои кои се бават со оваа проблематика секако ќе дадат поблиски информации. Она што мене ме радува е фактот што Република Македонија и во областа на конкуренцијата значително ги подобрува своите перфоманси и креира добри услови за конкуренција на тлото на Република Македонија и посебно можеби е фактот што Република Македонија во овој период исклучително ги зголемува своето инвестирање во инфраструктурата. Не дека во претходниот период не инвестиравме, меѓутоа треба да се укаже дека тоа е правиот пат, дека таквите инвестиции ќе вратат многу подобрена бизнис клима, многу подобрени услови за живот на луѓето. Ова го потенцирам од фактот што во изминатиов период на две кредитни транши на Република Македонија од 100 милиони евра и двете се реализираат 253 км. само локални патишта. исто толку се инвестираше и во водоводната и канализационата мрежа и до колку ја погледнете мапата на Македонија комплетна ќе видите дека скоро во сите делови на Република Македонија се инвестираше и во водоводна и канализациона мрежа, меѓутоа и во локални патишта. ова сега што се прави за наредниот период од 4-5 години, претпоставувам дека целокупната мрежа ќе биде затворена ќе значи развој за Република Македонија бидејќи вмрежувањето на сите мали, големи места, селата ќе значи пристап и до економијата. Ние имаме прилика на пример кога одиме и на избори и да видиме дека некои села се просто отргнати од целокупните достигнувања затоа што не може да се развие ниту земјоделието во овој правец бидејќи нема на кого продава, ниту некој сака да дојде да изврши откуп. Во овој правец се превземени сите можни чекори за да може Република Македонија овој дел да го развие на потребно ниво. Знаете кое е потребното ниво, а тоа е Република Македонија сама да се прехрани. Тоа е основното нешто на кое што ние треба да целиме. Јас би рекла уште неколку збора за јавниот долг. Многу од експертите сметаат дека јавниот долг е веќе на границата на задолжувањето, меѓутоа би укажала дека во светот задолжувањето на државите се мери со седум индикатори. По пет индикатори Македонија се смета дека средно задолжена земја, еден индикатор е дека е ниско задолжена земја, само еден индикатор зборува дека високо задолжена земја, ама тоа е уште од 2005 година стагнира и тоа останува индикатор за долг период. Со тоа сакам да укажам не дека во земјата не треба да внимава на својот долг. Напротив, сметам дека јавниот долг треба многу внимателно да се следи и стратегиите што ги превземаме треба да ги исполнуваме. Меѓутоа од друга страна до колку тие задолжувања се вложуваат во инфраструктура сметам дека тоа ќе се врати многу побрзо и многу поефектно.

На крај би сакала да кажам дека не се оставени ниту останатите сегменти на вложување, а вие се сеќавате 2011-2012 година дека само во здравството се вложија 90 милиони евра за опрема, за образованието континуирано се вложува. Ние денес имаме учениците бесплатно да одат на училиште, да добиваат учебници и тоа е добро да запази социјалната сигурност.

Исто така е добро што е запазена и социјалната сигурност во буџетот за 2015 година бидејќи предвидува од оној дел од колачот што се зазема како приходи врз основа на даноците кои ги собираме да се пренесат во социјалната сфера. Значи сите да ги добијат платите на време, сите да ги добијат пензиите на време, па да има и нешто покачување. Социјалната сигурност е најважна за луѓето и тоа го согледуваме уште од еден индикатор, а тоа е штедењето на граѓаните. само оваа година штедните влогови достигнаа 4,4 милијарди евра, од 3,2 милијари евра се на граѓаните и тоа повеќе од 50% се штеди во денари. Уште нешто, девизните резерви достигнаа 2,5 милијарди евра. Тоа доволно укажува на една стабилна политика во фискалната сфера и се надевам дека сите пратеници ќе ги изгласаат овој буџет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Љупчо Димовски, повелете.

**Љупчо Димовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за финансии,

За разлика од претходните говорници јас сакам со конкретни податоци и цифри и проекти да се произнесам околу Предлог буџетот за 2015 година и конкретно ќе се осврнам само на еден сектор, а тоа е само ресорот земјоделство, шумарство и водостопанство. Само да потсетам дека од 2006 година па до денес денес овој сектор веќе стана трет во државата после индустријата и услугите што е резултат на вниманието и вонредните заложби на Владата на Република Македонија и чувството за важноста на овој сектор со оглед на ефектите кои не само ние како држава, туку и сите останати источно европски земји ја доживеаме преку онаа форма на приватизирање на општествениот капитал чиј резултат беше голем број на работници или вработени да останат без своето работно место и како единствен извор на егзитенција беше нивното вклучување во обработката на земјоделското земјиште. морам да потенцирам една многу битна работа која што и вчера на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во делот на дебата која се отвори околу извештајот на Европската комисија е тоа што и Република Македонија од буџетот издвојува 5% за земјодеството. Почитувани колеги, што значи ова. Сите високо развиени и добро организирани земјоделски држави членки на Европската унија издвојуваат од 5 до 6% од својот за поттикнување и подршка на земјоделството. Ниту Македонија не е исклучок, туку е многу понапред отидена во овие проценти и во овие средства што се издвојуваат во однос на голем дел од земјите членки од Европската унија, а да не зборувам за државите во регионот. Она што ми дава задоволство е тоа што за 2015 година вкупниот буџет на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанствое дефиниран на 899 милиони 351 илјада што е далеку повеќе од минатата година кога изнесува 597 милиони 122 илјада денари. Тоа сакам да го напоменам за да јавноста знае за што ќе бидат искористени овие средства. Значи, зборувам само за буџетот на Министерството не зборам за целиот буџет за оние 5% значи 140 милиони евра кои што се наменети како финансиска поддршка во земјоделството и во руралниот развој. Овие средства Министерството ќе ги искористи прво да ги реализира задолженијата, програмите и проектите кои што ги има превземено во согласност со програмата, а тоа доделување на преостанатото државно земјоделско земјиште под закуп и секако започнување на процесот на продажба на државното земјоделско земјиште во согласност со програмата која што е изготвена, водење на регистри за земјоделското производство и откуп, тоа е еден нов проект кој што треба да го реализира Министерството или да го надгради, воспоставување на регистар на признати организации на одгледувачи на добиток, реализација на заедничката основна програма за одгледување на добитокот за период до 20.11.2020 година, понатамошно поттикнување на сите форми на здружување на земјоделците, зборувам за земјоделските задруги или кооперативи, сеедно за да се зголеми нивната конкурентна моќ односно да се зголеми би рекол економичноста во производството, да се намалат трошоците, а по тој основ да се зголеми приходот на самите земјоделци преку едно организирано земјоделско производство. Понатаму контрола и евиденција на производството на сертифициран семенски саден материјал што е особено битно за Македонија и трајно чување и оддржување на семенски саден материјал од ахтохтони видови и признаени сорти. Исклучително битно заради тоа што Македонија со оглед на тоа

дека се наоѓа во групата од петте држави најмногу изложени на последиците од климатските промени, логично е да се очекува дека токму ахтохтоните сорти на семенски материјал односно на земјоделски производи ќе можат да гарантираат висок принос по единица површина. Ефикасно користење на водите и водостопанските објекти, ова е особено важно и во текот на мојата дискусија ќе се задржам посебно на овој дел кој што се однесува исто така и на реконструкцијата на основните хидротехнички објекти на хидро системите и доградба на системите за наводнување, преструктуирање на водостопанството со цел ефикасно, рационално и одржливо управување и поголем степен на искористување на системот за наводнување, водоснабдување и одводнување и секако реализација на програмите за природна репродукција на шумите за кои што се предвидени 10 милиони денари, програмата на Управата за семе и саден материјал каде што се предвидени 2 милиони денари, програмата на Фитосанитарната управа да се изреализира предвидени се 4 милиони денари, и она што е исто така нотирано во Извештајот на Европската комисија, програмата за рибарство и аква култура која што изнесува 86 милиони денари, според петгодишната програма односно 0,2% опфаќање од Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Исто така има зголемување на буџетот и во органите во состав на Министерството или на институциите кои што се природно поврзани со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како што е Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството каде што се предвидени 71.234.000 денари за разлика од минатата година кога имаше 63.880.000 денари и за извршување на нивните обврски исклучително важна институција заради тоа што токму вработените во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството треба да ги даваат советодавните, консултантските услуги на индивидуалните земјоделски производители за подигнување на земјоделското производство, за правилно пополнување на апликациите за добивање на субвенции и секако за подготвување на самите земјоделци за подготвување на бизнис плановите за искористување на ИПАРД средствата кои што ни стојат на располагање. Понатаму, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и платежната агенција за 2015 година ќе располага со буџет од 8.543.612.000 денари повеќе во однос на 2014 година кога биле предвидени 5.527.000.000 денари. Во текот на 2015 година Агенцијата треба да биде насочена кон успешна реализација или поуспешна реализација на средствата од ИПА програмата, програмата за финансиска поддршка на земјоделството со оглед на тоа што веќе е донесен во календар за исплата на субвенциите на барање на самите земјоделци, на начин на кој што нив најмногу им одговара и секако битна обврска за Агенцијата е добивање акредитација од страна на Европската комисија за користење на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој и за останатите мерки од ИПАРД програмата. Истото се однесува и на Агенцијата за храна и ветерина на Република Македонија каде што се предвидени 408 милиони денари, многу повеќе од минатата година и која што исто така треба да си ги изреализира сите задолженија согласно со програмата на Агенцијата. Истото се однесува и за Државниот инспекторат за шумарство и ловство, институција која што сега е издвоена согласно последните измени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде што се предвидени 18.438.000 денари, институција која што пред се би требало да се грижи и за состојбата со шумскиот, меѓутоа и со состојбата со дивечот во ловиштата и негова контрола, секако во ловиштата низ Република Македонија. Исто и Државниот инспекторат за земјоделство има зголемен буџет тоа се 115.920.000 денари многу повеќе од минатата година со оглед на важноста и ингеренциите кои што ги има оваа институција во делот на контролата на земјоделското производство и квалитетот и безбедноста на земјоделските производи во соработката со државната Фитосанитарна лабораторија и она на што сакам да се осврнам е Управата за хидрометеоролошки работи за која што се предвидени 101.080.000 денари за извршување на квантитативни и квалитативни мерење на водите, извештај за метеоролошките, климатолошките, дождомерните и фенолошките станици во Републиката и обработувањето на извештаи за метеоролошки параметри врз основа на кои што се изготвува временска прогноза 365 дена во годината, исклучително битна институција за земјоделството во Република Македонија која што на некој начин ги следи препораките од студијата која што беше изготвена, која што на почетокот на

напоменав, која што на Република Македонија ја сврстува во петте најзагрозени или најмногу изложени држави на последиците од климатските промени, токму преку Управата за хидрометеоролошки работи може да се добиваат благовремени информации до сите земјоделци за што ќе биде разработен посебен систем на информирање и преку обичните медиуми, но и преку смс пораки за евентуално невреме и благовремено заштитување на земјоделските култури. Она што на кое што сакам да посветам посебно внимание се проектите во Управата за водостопанство, оние 18 милиони евра кои што ќе бидат секоја година во следните десет години од 2015 до 2025 година искористени значи над 200 милиони евра за реконструкција, рехабилитација, надградба и проширување на водостопанскиот систем и дополнително изградба на капитални известициони објекти низ Република Македонија. Како прво веќе е почната постапката за изградба на браната на Оризарска Река, браната Речани, започнува со изградба пристапниот пат каде што би требало да се изградбата во текот на следната година на браната, подоцна ќе ги наведам и износите кои што се предвидени за ова, браната Коњско – Гевгелија, проект од 1972 година чинам изработен и токму оваа Влада започна со негова реализација кон крајот на годината би требало да започнат со формирањето на проектната единица, сите потребни работи околу започнување на круната на браната на Коњско со кое што ќе се овозможи водоснабдување на општина Гевгелија и ќе се овозможи по пат на габитација дополнување на водите на Дојранското Езеро за разлика од бунарскиот систем кој што сега се користи, а истовремено ќе се обезбеди вода за наводнување на над 4,5 хектари најплодна земјоделска површина во регионот на Гевгелија, Валандово, Неготино. Исто така со особено задоволство морам да напоменам дека системот за наводнување од браната Маркова Река, Куклиш ќе биде пуштен во употреба кон средината на следната година, значи во завршна фаза, во втора фаза е неговата реализација и со него ќе се обезбеди наводнување на околу 400 хектари нови површини на земјоделско земјиште во атарот на населените места Куклиш, Свидовица и Градско Балдовци, токму на барање на самите земјоделци. Понатаму важен инвестиционен или капитален проект е изградба на хидро системот Равен – Речица Полог, отпочнување на изградба на главен довод во рамки на проектот Равен – Речица со кој што ќе се овозможи наводнување на нови 3.200 хектари земјоделско земјиште. Брана на реката Слупчанска во Куманово, изработена е техничката документација и планска документација и со оваа брана ќе се овозможи дополнителна количина на вода 67 милиони метри кубни годишни во рамките на системот Глажња – Липково, систем од исклучително значење за поширокиот регион и за сите граѓани од кумановската општина, од Липково и соседните општини и секако за земјоделците. Проект за наводнување на јужната долина на река Варда, веќе реализација на втората односно третата фаза, проектот Злетовица фазата два е превидена за наводнување, реализација на фаза два е предвидена за наводнува на 4,5 хектари обработлива земјоделска површина, фазата три се однесува на три мали хидроцентрали по течението на река Злетовица, за што се обезбедени финансиски средства, затворена е финансиската конструкција, исто така продолжување на реализација на хидросистемот Лисиче во Велес и секако инвестициите во водостопанството и во неговата реконструкција за која што пред малку зборував и на крај конечно заокружување на целиот тој систем со формирање на ново Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија со оглед на лошите индикатори кои што влијаат на сегашното функционирање на 12-те односно 18-те водостопански претпријатија врз основа на еден бивш проект од пред 15 години кој што даде лоши смерници во овој дел и како таков се покажа дека не им одговара на земјоделците. Сакам да се навратам на следното дека и Управата за водостопанство за првпат добива квалитетни средства, тоа се 9 милиони денари во склоп на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од буџетот за изработка на проект за инвентилизација на системите за наводнување и одводнување во Република Македонија, изработка на стратегија за развој на наводнување во Република Македонија веќе до 2030 година. За Водостопанството Брегалница се предвидени 667 милиони денари кои што ќе бидат искористени за рехабилитација на преливен орган и бетонски бекан на браната во Мавровица на сифоните во Свети Николе и Кочани, рехабилитација на десниот магистрален канал делница Кочани до Злетовска река, побарано од страна на оризо производителите, рехабилитација на десниот магистрален канал делница Свети Николе -

Каратманово, рехабилитација на левиот магистрален канал делница Зрновци – Буриево, итн., изградба на браната со акумулација Речани веќе напоменав 600 милиони денари се предвидени за 2015 година и брана на мала акумулација Репница, тоа е во соработка со турското Министерство за водостопанство и шумарство од каде што добивме донација за изградба на 10 мали или мини хидро акумулации кои што се потребни за наводнување на земјоделските површини. Водостопанство Полог 110.200.000 денари ќе бидат инвестирани во следната година за рехабилитација на системот за наводнување со покривање во атарот на село Ратае и ерхабилитација на каналската мрежа во атарот на село Горна Бањица, итн. Во водостопанството Берово 3.100.000 денари, водостопанство Тиквеш 22.750.00 денари, во Јавното претпријатие Стрежево се предвидени 75.130.000 денари со тоа што на барање на пелагониските земјоделци буквално ќе биде реконструирана целата каналска мрежа која што служи за наводнување и за одводнување истовремено на земјоделските површини со оглед на конфигурацијата на теренот и повисокото ниво на река Црна во однос на земјоделските површини кои што се обработуваат. Во Јавното водостопанско претпријатие и хидро систем Злетовица ќе се инвестираат во следната година 90.300.000 денари за санациони работи на пристапниот пат до брана Кнежево заради тоа што заради конфигурација на теренот и климатските услови често пати доаѓа до негово оштетување и санациони работи и изработка на наводнување на дистрибутивната мрежа Злетово и изградување како што кажав на втората фаза од Злетовица системот за наводнување од кој што 25% од вкупниот износ ќе бидат партиципирани од македонска страна. За водостопанството Струмичко Поле 66.500.000 денари со тоа што сакам да напоменам дека во соработка повторно со турското Министерство за водостопанство и шумарство ќе се изгради брана за мала акумулација во Костурино на барање на земјоделците и тоа би требало да биде започнато кон крајот на оваа година и во следната година. Сите овие податоци се јавни врз основа на програмата која што ја објави Владата односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со дефинирани износи кои што јас си земав за слобода да ги презентирам пред вас, односно да ги дознае и самата јавност. Вкупно за овие намени се предвидени 1.422.780.000 денари, средства инвестирани за подобрување на македонското земјоделство и во интерес на сите македонски земјоделци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Лилјана Кузмановска, повелете.

**Лилјана Кузмановска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, јас би сакала да се вклучам во дискусијата околу донесувањето на буџетот и на почетокот би сакала да потенцирам што е она што ќе го кажувам односно како ќе се одвива мојата дискусија. Имено, што е важно и актуелно во економските случувања во евро зоната односно земјите членки на Европската унија, потоа многу важни податоци врз кои се темели донесувањето на буџетот за 2015 година тоа се економските показатели за постигнатото за 2014 година, понатаму кои се пред се важни капитални инвестиции во одредени сегменти, пред се во инфраструктурата, образованието, здравството, труд и социјална политика, и се разбира во делот на распределбата на буџетот во локалните самоуправа односно општините од каде што ние доаѓаме. Во овој случај јас доаѓам од општина Битола, што во овој буџет се планира за мојата општина. Имено, овој буџет се носи во време кога закрепнувањето на Европската унија е се уште бавно, има еден пад на индустриско производство во осум земји. Забележан одреден негативен тренд на германската економија и кога ризиците за бавен раст ги создаваат гео политичките случувања и слабеењето на деловното опкружување во Европската унија. Не треба да се разгледува буџетот надвор од случувањата, не посебно кога се работи за економија, кога на директен или индиректен начин е поврзано со цените во регионот, кога е поврзано и со економијата на Република Македонија, затоа што таа трговска размена во овој случај, во случајот на Република Македонија е во најголем процент со земјите членки на Европската унија. Имено само во 2013 година околу 70% од вкупниот извоз заврши со земјите на Европската унија и стана високо концентриран. 48% од извозот се состоеше од железо, челик, хемиски супстанци, облека, а во периодот што следи е со извоз на производи со висока додадена вредност како машинерија опрема за трнспорт и се зголеми за 13%.

Јас би сакала само кратко споредбено да дадам одредени податоци каде е Македонија во однос на економскиот раст со земјите членки на Европската унија, посебно со тие со кои што имаме таква трговска размена, имено реалниот раст за 2014 и проценката што ќе биде во 2015 година каде Македонија има раст од 3,9% и каде што се очекува, односно се планира 4% раст за  наредната година. Само за илустрација Велика Британија раст од 2,5%, а се планира 2,4%, Шведска 2,%, а се планира економски раст од 3,3%, Германија 1,8%, а планиран за 2015 2%, Данска 1,7 и планира 1,8%. Всушност ова го потенцирам да дадам едно свое видување и да кажам дека она што економија, она што значи водење на здрави економски политики долгорочни даваат резултати, економски показатели кои создаваат услови и за привлекување и влез на странски директни инвестиции, со самото тоа и за развој на повеќе гранки како градежништвото, меѓутоа во исто време намалување на невработеноста и создавање на една реална основа, една силна економија која дава и социјална и економска сигурност на граѓаните. Во вакви околности Владата ќе продолжи да води активна економска политика преку строга контрола на јавните финансии, континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи и значително учество на капиталните инвестиции во вкупните расходи. Имено, буџетот за 2015 година е креиран така да содржат трите основни цели, задржување, а и зголемување на позитивните ставки на економскиот раст, подобрување на економската инфраструктура и одржување на висок степен на социјална стабилност. Доста важна компанента е при разгледување на овој буџет да потенцираме односно да дадеме економски показатели за 2014 година, врз која и се темелат проекциите на буџеетот за 2015 година. Имено 2014 година се завршува позитивно, стабилно, со позитивни економски резултати со раст на бруто домашниот производ од 3,9%, раст на градежништвото 13,7%, индустриското производство од 4,7%, извозот повисок за 13%, а многу важна компонента каде што се создадени економски услови во досегашното водење на економските политики на Владата е влезот на странските директни инвестиции кои изнесуваат 132,5 милиони евра и се за 12% од ланската година.

За прв пат невработеноста е намалена и се наоѓа на една позиција која во овој момент за нас навистина значи една гордост, меѓутоа, е 28,2%, меѓутоа значи понатамошен предизвик за континуирано намалување на невработеноста, и создавање на реални услови на вработување на нови, нови лица. Особено би сакала да потенцирам дека во вториот квартал економскиот раст бележеше пораст за 4,3%. Значи основните компоненти што го сочинуваат бруто домашниот производ, значи она што значи економијата, а тоа се странските директни инвестиции, тоа е извозот и потрошувачката, се континуирано во добра позиција и навистина тоа значи дека во континуитет, една сигурност и на граѓаните за тоа дека се води една стабилна економска политика која ќе значи и сигурност за самите нив. Во 2015 година се очекува продолжување на позитивните економски движења во Македонија, при што се предвидува реален раст на бруто домашниот производ за 4%. Позитивниот раст на индустриското производство се предвидува да продолжи и во текот на 2015 година, со стапка на раст од 4,4%, градежништвото се очекува да оствари стапка на раст од 7,5% и тоа е проектирано на реална основа, преку реализацијата на крупни инфраструктурни проекти и инвестиции наведени во технолошко индустриските развојни зони и тука би сакала да потенцирам дека развојот и на градежништвото, повлекува развој на уште 20 други гранки кои всушност значат и зголемена економска активност.

Растот на земјоделието е предвидено да изнесува 2,5%, услужниот сектор стапка на раст од 3,3%. Домашната побарувачка се очекува да има позитивен придонес Комисијата за образование, наука и спорт економскиот раст, а проекциите за растс се засноваат на постепениот пораст на приватните инвестиции, предвижени главно од странските директни инвестиции, тоа се крупни инвестициони проеки, како подобрувањето на транспортната мрежа во земјата, како подобрување на енергетската и комуналната инфраструктура, меѓутоа и подобрувањето на социјалниот и здравствениот систем. Извозот на стоки се очекува да оствари реален раст од 8,5% како резултат на зголемената активност на постојаното и отворањето на нови извозни капацитети. Стапката на инфлација останува и понатаму ниска и проектирана е на 2%. Би сакала да потенцирам за буџетот за 2015 година, дека вкупните приходи, кои изнесуваат 163 милијарди  и 280 милиони денари и кои

всушност, значат поддршка на домашната економија, во доменот на инвестиции, субвенции, пензии, плати и социјални надоместоци, најголем придонес имаат, односно се задржаа ниските даночни стапки и, јакнењето на денешната дисциплина и спречување на нелојалната конкуренција, значи можеме да потенцираме дека во Република Македонија останати се стапките на ДДВ, повластената стапка на ДДВ како и персоналниот данок ниски и во време кога имавме светска економска криза и должничка криза и многу европски земји првата постапка која ја направија беше на подигнување на тие даночни стапки, Република Македонија остана со најниска и би сакала да споредам со неколку држави, значи, Македонија има стапка од 18%, повластената 5%, а персоналниот данок на доход 10%. Германија има ДДВ стапка 19%, персонален данок 45%. Франција 20%, Австрија 20%, Финска 24%, Шведска 25% и Велика Британија 20%. Ова се едни од многу важните параметри при презентирањето на условите за влез на странски директни инвестиции, за тоа што странските инвеститори покрај другите услови прашуваат и колку е стапката на ДДВ, колку се даночните стапки, колку изнесуваат погодностите за влез, односно условите кои Владата ги прави за влез на странски директни инвестиции. Расходната страна е планирана во функција на поддршка на растот на македонската економија, и тоа преку инвесетирање во значајни инфраструктурни проекти, одржување на социјалната сигурност на граѓаните, односно подобрување на економската положба и животниот стандард на населението, пред се на најранливите категории на граѓани, пензионерите и корисниците на социјалната помош каде што ќе имаме и зголемување за 5%. Вкупните расходи се планирани во износ од 181 милијарда 777 милиони и во функција се на редовно и навремено исполнување на сите законски обврски и продолжување на започнатите инфраструктурни проекти. Во делот на капиталните расходи за патната и железничката структура кој изнесува 4 милијарди 723 милиони денари, само би ги навелила доизградбата на автопатот Коридорот 10, потоа, проектот за модернизација на железничката инфраструктура, реконструкција на Коридорот 10, каде што и се врши ремонт на повеќе делници на Железничкиот коридот 10, каде што навистина можам да потенцирам дека од мојата општина, од општина Битола се користат многу железничките услуги и значи навистина еден добар добровид. Вложувањето во енергетската и комуналната инфраструктура за нови меѓутоа и продолжување на проектите кои беа две милијардфи и 15 милиони денари. Тука би напоменала дека е Националниот гасоводен систем, меѓутоа и изградба на водоводните и канализационите системи во општините меѓу кои се наоѓа и општина Битола. Така да, уредувањето на технолошките индустриски равојни зони како многу важни кои покажаа во изминатиот период дека се создадени услови за можност за поголема заинтересираност на таквите инвеститори, ќе се вложи 553 милиони денари и тука би се потенцирало дека општина Битола е меѓу првите општини која направи таква индустриска зона, тоа беше индустриската зона Жабени и до сега имаме 2200 вработени. Во тек е, проектот за проширување изградба на нов капацитет кој ќе вработи уште 1000 нови вработени. Капиталните расходи се проектирани во износ од 21 милијарда и 209 милиони и во рамките на капиталните расходи најголем дел опфаќаат расходите за градежни објекти со процентуално учество од 52,92 или во износ 11 милијарди 222 милиони денари.

Сега би сакала да се задржам по прецизно во делот што ќе се инвестира и во областа на труд и социјална политика, образованието, во областа на патната инфраструктура. Многу важно, би потенцирала дека и покрај другите проекти што ќе продолжат и се планирани во овој буџет за Битола се планира дневен центар со аутизам, онака како што и беше ветено во програмата, направени се до сега 3 рурални градинки и во 2015 година се планираа уште за една градинка. Имено во 2015 година, во буџетот се планирани средства од 4 милиони и 500 илјади денари, за згрижувачките семејства каде што ќе имаме 25% зголемување од јули 2015 година и зголемување на посебниот додаток за 25% за материјално необезбедени лица тоа се 1030 корисници кои ќе бидат од јули 2015 година. Во делот на образованието би сакал да потенцирам дека посебно во општина Битола во буџетот се планирани средства за едно средно училиште и пет основни училишта каде што ќе се врши целосна реконструкција на дограмата и кровната конструкција, меѓутоа она што е планирано во буџетот е дека се издвоени 142 милиони денари, за реконструкција на

основни училишта, 30 милиони денари за изградба на средни и реконструкција и нивна реконструкција.

Во делот на 2014 година извршена е реконструкција на 33 основни и 9 средни училишта, и тоа ни дава за право да бидеме сигурни дека планираното за 2015 година ќе се заврши.

Во проектот градиме училишни спортски сали во 2015 година е одвоено 200 милиони денари за изградба на спортски сали. Реновирањето на студентските домови во 2014 година, завршена е доградба во студентскиот дом Стив Наумов, меѓутоа почната и реконструкција на Гоце Делчев и ќе биде целосно завршен во 2016 година, а во предлог буџетот се предвидени 46 милиони за реконструкција и 5 милиони за опрема. Во делот на локалните патишта би сакала да потенцирам дека заклучно со 28. 2014 година завршени се вкупно 333 и 6 локални патишта во вкупна должина од 341 километар и инвестиции од 50, 50 милиони евра, а одобрените парични средства за 2015 година за регионални и локални патишта се 157 милиони евра. Во овој дел би сакала да кажам дека и за мојата општина има предвидено за неколку локални патни правци и тоа за Горно Оризари - Крклино, за Кажани - Ѓавото, меѓутоа е многу важно и за меѓународнот пат Битола - Ресен - Буково.

Во делот на здравството и во делот на транспортот, во делот на здравството, би сакала да потенцирам дека планираните парични средства во буџетот за реконструкција на јавните здравствени установи од 1 милијарда и 300 милиони евра, се однесуваат, покрај другите и за доградба на бункерот за линеарен актелератор во Клиничка болница Битола. Се однесува и за паркингно уредување и паркинг простор на Клиничка болница, меѓутоа и 359 милиони издвоени од буџетот за пет-центарот, 70 милиони денари за Клиничкиот центар во Штип.

Јас би сакала да додадам дека мора да го имаме во предвид и последниот извештај, односно последните препораки што ги добивме од ММФ и Светска банка, која ја оценија Република Македонија како најдобра во регионот и со највисок економски раст. Политиките се добро поставени и тоа политики за привлекување на странски директни инвестиции и користени за креирање на нови работни места и зголемување на извозот на стоки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор и има збор господинот Димков Трајче, повелете.

**Трајче Димков:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Денес пред нас е буџетот за 2015 година и тоа е основниот инструмент за спроведување на економнската политика во една држава. Јавните финансии, се клучниот сегмент за секоја национална економија, за благосостојбата на нејзиното население и фискалната стабилност и одрживотст, се неопходни фактори за развој како на националната така и на глобалната економнија. Предложениот буџет е зголемен за наредната година, тој е развоен, рамномерен, со развоен раст кај капиталните инвестиции, меѓутоа кај платите, пензиите, социјалната помош, во образованието, во здравството, земјоделието, културата, спортот, односно со буџетот се опфатени и најмалите потреби на граѓаните како и најмалите и најоодалечените места од централните градски подрачја. Овој буџет е континуитет на претходните буџети и многу проекти кои се појавуваат за следната година, се продолжение на тие проекти, единствено на тој начин чии што долгорочни проекти се постигнуваат и квалитетни проекти.

Почитувани, јас доаѓам од Штип, односно од третата изборна единица и според тоа ќе се задржам за инвестициите предвидени со буџетот за овој регион, а исто ќе говорам и за спортот и вложувањата во него. Како што реков рамномерно се планира да се вложува во сите региони. Проектите кои силно го унапредуваат овој регион, во Штип и вои штипско, би сакал посебно да ги издвојам бидејќи често пати се промовираше забелешки од страна на опозицијата, меѓутоа и некои граѓани дека дали и не се вложува регионално дека некои делови од Македонија се запоставени. Меѓутоа, многу суштински и длабоко Владата ги проектира сите проекти во регионот од кај што идам и со проектите кои што ќе ги кажам, ќе

се виде дека тоа долгорочно, гледано многу квалитетно и правилно се усмерува. Прво, секако би пошол, бидејќи мораме да кажеме нешто, бидејќи дел од тие проекти и понатаму продолжуваат како што реков. Универзитетот „Гоце Делчев“, тоа и понатаму и во него ќе се вложува, меѓутоа, најважните работи што е направено во тој дел, а тоа е, образованието и сметам дека на еден ваков начин само со вложување во образованието може да се постигне многу. Индустриската зона која што е во близина на Шитп, моментално со фабриката Џон Сон Контролс, која веќе вработува 1500 лица, меѓутоа со најава дека ќе има и други фирми и компании кои ќе влезат во тој дел, меѓутоа и приватни веќе иницијативи како Ванхол, во близината на Штип кој исто така треба да вработи некаде околу 500 лица. Хидросистемот Злетовица исто така е многу важен дел за овој регион. Автопатот Штип Миладиновци и оваа година и понатаму ќе продолжи овие неколку години и ќе биде многу а можеби и еден од кличните моменти за развој на овој регион. Но, не само тука, туку и помалите патишта, како и брзиот пат Кадрифаково Велес исто така оваа година се гради со надеж дека наредната година дека од Штип према Велес многу побрзо до Скопје ќе се движиме. Тука во тој дел би сакал да ја спомнам и трафостаницата во близината на Шип, тоа значи поквалитетно напојување со електрична енергија. Кога ќе ги видиме сите овие проекти, се гледа дека Владата на Република Македонија, многу сериозно и регионално го опфаќа овој терен и само на тој начин може да се направи еден добар развој на овој регион. Јас и реков, можеби, на некому му беше и чудно, меѓутоа, со развојот на патиштата, со отворањето на индустриската зона, со отворањето на универзитетот, веќе очекуваме дека и тој процес на движење од Штип кон Скопје ќе биде обратен. Најверојатно веќе очекуваме дека веќе и од Скопје и према другите градови ќе се движат, бидејќи тука се ствара една широка можност. Јас го велам тоа затоа што го чувствуваме ова што се случува меѓутоа вложувањата во овој дел и овој регион не се само овде понатаму ќе продолжат како што рековме и во образованието, земјоделието, субвенциите, меѓутоа рековме еве и платите кои што исто така многу ги засегаат граѓаните. Дел од овие проекти ќе продолжат и понатаму, меѓутоа еве оваа година при крај е тендерската постапка за Клиничката болница во Штип. Рековме покрај тоа што се мисли во образование, се мисли за вработување, се мисли и за водоснабдување, се мисли и за земјоделие, меѓутоа и за здравјето на граѓаните, така да Клиничката болница ќе биде нешто посебна гордост за нас штипјани и за целиот регион. Кога зборувам за целиот регион тука ги опфаќаме градовите кои се тука покрај нас и сакам да напоменам дека во фаза се изготвување на проекти на патишта кои што ќе се движат од Штип до Кочани и од Штип до Радовиш така да уште поквалитетни ќе ги приближат овие градови и така да целиот овој регион ќе заживее многу повеќе. Гасификацијата тука ни е некаде пред врата, мислам дека ќе даде многу исклучителен важен дел и многу поголема ефикасност меѓутоа и многу поевтино затоплување на граѓаните во тој регион. Би сакал да напоменам дека за Штип се предвидуваат повеќе проекти. Ќе издвојам неколку нема да навлезам во тие помалите, бидејќи во дел од нив ќе бидат опфатени преку локалната самоуправа, меѓутоа тука се планира да се изгради дневен центар за деца со аутизам. Спротска сала во насалбата Баби при основното училиште Славејко Арсов, тоа е голема населба и заслужува да има една таква сала. Тоа училиште од оваа година е веќе самостојно и во тој правец е политиката на Владата на Република Македонија, Министерството ја следи таа состојба дека со осамостојувањето на тоа училиште веќе планира да изгради и сала таму. Исто така има и многу интересен проект тоа е штипско Ново Село кое веќе заликува и ги дава контурите на едно поранешно Ново Село кога Штип буквално почнува од таму и сега заживува и така дава една автентична слика како што бил и порано. Во тој правец се планира да се изгради и далновод од Штип до Ниш што укажувам уште еднаш на овој начин Владата на Република Македонија овој регион го прави уште постабилен. Би сакал да напоменам дека ќе се изградат и патишта до шест села на територијата на општина Штип во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка. Како што кажав образованието е многу важен дел за развој на државата но и спортот и младите и вложувањата во младите е многу важен дел и фокус и кој што го прави Владата на Република Македонија и јас дел од спортот пак уште еднаш би сакал да се повторам, меѓутоа да кажам што всушност малку подетално што планира Владата што има направено и во кој правец се движи, напорите да се овозможи пред се во спортската инфраструктура и да им се

овозможи на најмладите и на сите оние кои сакаат да спортуваат, бидејќи знаеме дека некои општини и градови немаа ниту спортсо игралиште немаа ни спортски сали. Јас ќе почнам со првиот проект кој беше предвиден тоа се изградбата на спортски сали. Во моментов се изградени 32, во фаза на изградба се уште три, меѓутоа се планира да се градат уште шест. Тие беа првично 35, гледаме дека тој проект се проширил и за наша среќа имаме една таква сала во Штип, Јордан Мијалков. Тука покрај тоа што се прават нови сали се реконструираат и други сали, таму каде што има потреба се зачувани и треба да се обновуваат. Минатата година се реконструирани две и за оваа година со овој буџет се планираат реконструкција на уште две спортски сали. Имаме изградба и на 50 фудбалски игралишта. 49 се веќе изградени и сведоци сме кога ќе одиме по малите рурални средини кога ќе видиме направени игралишта во функција да можат да ги користат граѓаните од тој дел и мислам дека не е направено уште едно игралиште во завршна фаза е, мислам дека со тоа ќе се комплетира овој проект на 50 фудбалски игралишта. Исто така во моментов оваа година се градат и 10 фудбалски игралишта со вештачка трева која со помош на Фудбалската федерација на Македонија, УЕФ, значи светската фудбалска федерација меѓутоа со помош на ЗЕЛС и на локалните самоуправи исто така 10 игралишта кои се во завршна фаза. Едно од тие е и во Штип и скоро е завршено и се надевам скоро ќе има свечено отварање за него. Кога зборувавме едно време и гледавме дека тенисот во светски рамки е многу популарен и дали можат или не нашите деца да го имаат и тоа да го прават, меѓутоа Владата со изградбата на 120 тениски игралишта веќе им дава простор на сите наши деца едноставно да не бидат заобиколени туку и тие да се вклучат можеби сега во најпопуларната спортска дисциплина тенисот. Моментално се изградени 39 сали, 26 се во фаза на градба. 2014-2016 година се планираат 39 а веќе 2016-2018 се планираат 16 тениски игралишта, за наша среќа и во Штип ќе се гради ќе има некаде околу 4 тениски игралишта кои ќе бидат во функција на младите во Штип. Имаме 100 повеќе наменски игралишта. Тие се многу интересни бидејќи ги опфаќаат сите маала во градовите, специјално Владата размислува дека во тој дел како спортски игралишта големите тие што ги знаеме од 100 метри некогаш не може да се вклопат, меѓутоа повеќе наменските игралишта со помали димензии се многу важни и даваат простор да се изградат во секое маало во градовите во кој што се живее и во помалите места. Моментално од 100-те се изградени 41, во фаза на градба се 13, 42 се во план на градба од 2014 до 2018 година. За наша среќа и тука покрај Штип има и Карбинци такво повеќе наменско игралиште. Значи покрај другото Владата предвидува и изградба на вештачка карпа, значи санација, адаптација реков на спортски игралишта реков 7 ќе бидат опфатени, повеќе наменски игралишта за ракомет, одбојка, мал фудбал на песок тие ќе бидат во Охрид и Струга. Тука гледам многу плански и студиозно се следи состојбата и преку Министерството за образование, наука и спорт, меѓутоа и преку Агенцијата за млади и спорт и каде што има потреба и на таков начин се конструираат и се прават такви спортски терени. Реков дека овие проекти се дел од Агенцијата за млади и спорт меѓутоа тука и образованието исто така со проектот од 145 спортски сали и те како многу, многу допринесува за поквалитетен училишен спорт. Во моментов од тие 145, се изградени 39, во изградба се 26 во овој период, од 2011 до 2014 и се надевам дека ќе продолжи овој проект и понатаму и дека нема да има училиште каде што нема да има спортска сала бидејќи без тоа нема да има и квалитетно образование. Би сакал да напоменам за поранешниот факултет за физичка култура или сега Факултет за физичко образование, спорт и здравје ќе се прави нов објект. Конечно ми е мило што ќе биде во делот каде што е универзитетот Кирил и Методиј и ќе биде нова зграда каде што ќе има спортски инфраструктурни објекти и ќе биде во функција за развој и обука на тренери и професори кои понатаму ќе бидат во функција да предаваат во нашите училишта и да го развиваат спортот. Јас би напоменал и неколку работи бидејќи покрај инфраструктурата и објектите што се прават, меѓутоа често пати и реформите што се донесуваат одредени награди или на некој начин финансиска помош се многу важни. Често пати не ги спомнуваме, јас сакам да знаат граѓаните бидејќи огромно е вложувањето во спортот. Исто така и спортската академија оваа година кога стартуваше и како пилот проект пред неколку години и во повеќе делови од Македонија вклучувајќи го и Штип во тој дел исто така е многу важен дел бидејќи веќе имаме конкретно специјализирање на спортисти, по фудбал, ракомет, кошарка со намера оттука да излезат квалитетни спортисти

им се дава простор покрај тоа што секојдневно си ја следат наставата, меѓутоа ќе можат да бидат и спортски активни, нешто по примерот што многу држави до сега го правеа во соседството.

Стипендиите за млади спортисти 500. Тоа е исто така проект кој ќе продолжи и понатаму ќе се дава на тие млади момчиња кој ќе направат одреден резултат во својата возрасна категорија и во својата спортска дисциплина ќе им се дозволи да спортуваат, ќе им се овозможи да бидат финансирани со можност што поквалитетно да тренираат бидејќи тие средства ќе им се корисни. Спортските пензии и понатаму ќе одат за оние спортисти кои ќе постигнат високи резултати, ќе мора да освои медал од европските, светските првенства, меѓутоа е многу важен дел и доколку порано се осмислија овие награди мислам дека кај нас спортот ќе беше на друго ниво. Веќе и мотивот кај спортистите е сосема друг. Тие едноставно сами се мотивираат и знаат доколку направат резултати и сам да вложи сега некогаш државата сето тоа ќе им го врати. Исто така би сакал да кажам дека секој меѓународен резултат да речеме и да не е медал некае од петто до осмо место кај меѓународните првенства значи првенства од меѓународен карактер и од светски карактер две години добиваат плати по една просечна плата на Македонија и две просечни плати во зависност каков резултат направил. И, уште еден мотив каде што ќе ги натера спортистите сами да вложат во спортот. Кога зборуваме за спортот би сакал да напоменам и поддршката на финансиските федерации која секоја година ја дава Агенцијата за млади и спорт, меѓутоа и масовните спортски дисциплини пред се и оваа година ќе биде спортско лето Струга каде што ќе учествуваат повеќе од 2000 илјади дечиња пред се од социјално ранливите групи, оние што не можат, еве државата на овој начин и преку други форми преку Министерството за труд и социјална политика го прави тоа. Така да државата буквално води сметка за секој човек и за секоја педа земја во Македонија за да им помогне било каде да се наоѓа кој човек. Исто тука имаме на национален крос, јас намерно ги спомнувам, сакам македонската јавност да го знае сето ова бидејќи  е многу важно и често пати кога зборуваме имаме критики, меѓутоа треба да знаат за се што прави Владата на Република Македонија. Национален крос каде што ќе ги собере сите млади деца во Скопје на Кејот на Вардар и тука ќе имаме една масовна трка каде што ќе бидат вклучени и децата. Туке не се бара победник, едноставно се бара друштво помеѓу сите деца. Во овој дел сакам да напоменам дека традиционално и Златниот гонг турнир по бокс, македонски бисер за борење, Шарпланинскиот ски куп, избор на спортист на годината исто така влегуваат во програмата на Агенцијата за млади и спорт и се многу важни како меѓународни натпревари кои исто така ја препознаваат Македонија во меѓународни рамки. Јас тука би заокружил со моето излагање, би напоменал дека уште едно нешто што направи Владата на Република Македонија, Агенцијата за млади и спорт тоа е наградата „8 Септември“, посебно горди се спортистите бидејќи се дава простор на голем дел на тренери и спортски работници кои не беа опфатени со спортските пензии и со другите награди им се дава простор токму на овој ден да бидат наградени и можеби имаат среќа спортистите да го фатат можеби еден од најубавите празници на Македонија денот кога е прогласена независноста на Македонија и многу важен датум за Македонија. Едноставно во тој дел спортистите имаат среќа да го имаат. Јас би рекол според мое видување колку што успеав да ги имам податоците некаде 500 спортски објекти во Македонија се градат. Тоа покажува во кој правец се движи политиката на Владата на Република Македонија, што е намерата, да се вложи во младите и во развојот на младите. Јас би рекол тоа е револуција во спортот во спортската инфраструктура со надеж дека и вака ќе продолжи, дека овие средства во моментот даваат резултати со надеж дека ќе има уште повеќе средства за младите и спортот за да можеме на тој начин да изградиме здрава и квалитетна младина. Јас со ова завршувам, давам подршка на овој буџет бидејќи е рамномерен, распределен за сите граѓани на Република Македонија, ги опфаќа сите возрасни категории ја опфаќа цела територија на Македонија и се надевам дека овој буџет исто така како надградба на претходните буџети ќе даде поквалитетен живот за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Талевска Соња, повелете.

**Соња Талевска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Сите ние денес на оваа седница дискутираме за Предлог буџетот за 2015 година на Република Македонија и секој од свој аспект во свој домен во домен од регионот од каде што доаѓаме но сите со една иста цел и еден ист заклучок дека овој акт кој што претставува планирање на приходи и расходи на државата за една година е од огромно значење за сите нас. Фискалната политика отсликана преку Буџетот на Република Македонија е показател на континуираните напори на Владата во одржување на макроекономската стабилност и остварување на позитивните стапки на економскиот развој. Во прилог на ова е и следново. Ако се навратиме само малку поназад и ги погледнеме показателите на растот на бруто домашниот производ ќе видиме дека во 2009 и 2012 година кога се интензивира и продлабочи економската криза а подоцна рецесијата последиците ги почувствува и Република Македонија со пад на бруто домашниот производ од 0,9%, но релативно подобро од останатите земји во регионот што беше речиси и најнизок во Европа. Годинешниот досегашен раст на бруто домашниот производ од околу 4% влева оптимизам за развоен буџет со значајни капитални инвестиции за 2015 година. Спредбените податоци од 2005 до 2015 година зборуваат за една фискална стабилност, пораст на економијата и крупни капитални инвестиции во континуитет и во наредната 2015 година и тоа во изградба на автопатишта, регионални патишта, големи проекти во здравство, образование, култура, земјоделство, труд и социјална политика итн. Ваквиот буџет овозможува континуитет во изградбата на патиштата односно целокупната патна инфраструктура, изградба и реконструкција на основни и средни училишта, студентски домови, спортски објекти, детски градинки, инфраструктурни зафати во општините, изградба и реконструкција на јавните здравствени установи, бројни проекти во култура, земјоделие или со еден збор речиси во сите сегменти од општественото живеење. Во буџетот се предвидени и пари за зголемување на платите во јавната администрација, пензиите и социјалната помош, а како резултат на ова зголемување се очекува нормално и зголемување на домашната потрошувачка. Одржувањето на високо ниво на капиталните инвестиции го потпомага градежништвото и индустријата како основа во порастот на бруто домашниот производ. Јас како лекар и до скоро вработена во јавното здравство сосема одговорно ќе кажам дека изминатите години оваа Влада вложила во здравството како никогаш претходно и во инфраструктура и во опрема и во едукација и во сите превентивни програми, а сето тоа е во функција на што поквалитетна здравствена заштита и што подостапна здравствена заштита до сите граѓани на Република Македонија и не само во еден град туку скоро во сите јавни здравствени установи во Република Македонија и тој тренд ќе продолжи и во 2015 година, како што беа претходно во изминатата година и оваа реконструирани 12 здравствени домови, оваа година ќе се продолжи со изградба на болници и реконструкција, дијагностички центри, нов клинички центар Мајка Тереза, регионални болници во Штип, Тетово, Кичево. Се продолжува со опрема, се продолжува со едукација на кадар. Се продолжува и со отварање на аптеки во рурални места каде досега немало. Одејќи на терен сите се соочивме сигурно со еден проблем каде што општините како што се Македонски Брод, Демир Хисар па и други по површина големи, меѓутоа по население помали, треба луѓето да поминат и по 70 км за да земат еден лек кој што е препишан во нивната матична амбуланта. Ова значи дека Владата на Република Македонија го доближува здравството до секој граѓанин. Овие инвестиции во здравство, образование, култура, земјоделие, како и изградба на водоводи, канализации, локални патишта е од големо значење за подобар живот на граѓаните во Република Македонија, а особено во помалите општини како што е и мојата општина Демир Хисар и општините соседни на нас Крушево и Ресен. Јас ќе наведам само дел од проектите кои се завршени или се во завршна фаза односно проекти планирани во Предлог буџетот за 2015 година. Ќе споменам неколку поголеми од нив. Изградбата на зграда со социјални станови 24 семејства ќе добијат достоен дом за живот. Изградба на водовод во село Стругово и асфалтирање на улиците на патот од село Стругово до село Загориче, асфалтирање на патот од село Суво Дол - Манастир Света Богородица, асфалтирање на патот до село Брезово во должина до 2 км, асфалтирање на патот во Слоешница во должина од 1 км,

реконструкција и замена на кровот на здравствен дом односно азбесните табли се комплетно заменети со лимен коров, донација во опрема, едукација на кадар, реконструкција планирана за 2015 година на психијатриската болница во Демир Хисар, како и отворање на нови работни места со насочување на странски инвестиции во Демир Хисар како што беше фабриката за балетска опрема Гришко во која работат околу 80 луѓе и во вториот погон што се планира да се отвори се предвидуваат 140 нови работни места. Здравата основа на економската политика и очекуваниот раст од околу 4% го прави остварлив Буџетот на Република Македонија за 2015 година да продолжи трендот на подобар стандард на граѓаните и намалување на невработеноста. Буџетот на една држава во делот на остварувањето е речиси условно зависен во одредена мерка од економскиот раст во евро зоната како и одредени геополитички состојби во некои држави. Овој Буџет од скоро 3 милијарди евра е еден од највисоките буџети до сега во Република Македонија, но со домаќинско и контролирано трошење на буџетските пари е реално остварлив.

Почитувани, сите граѓани на Република Македонија како ни јас не сме економисти и не сме во можност во целост да ги разберат одредени стручни термини кои што се користат при изготвување на Буџетот. Но асфалтирањето на улиците, изградбата на автопатишта и патишта, водоводи, канализации, училишта, здравствени установи, современа опрема, детски градинки, спортски сали, субвенции, повисоки плати, пензии, стипендии, отворени нови работни места се добро разбирливи показатели за секој граѓанин на Република Македонија и така станува разбирлив и Буџетот на Република Македонија. Заради економскиот раст и развој на Република Македонија, а истовремено на регионот од каде што јас доаѓам ќе дадам поддршка на Предлог Буџетот на Република Македонија за 2015 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Пишев Васил има збор, повелете.

**Васил Пишев:** Благодарам.

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван заменик министер за финансии, почитувани колеги пратеници,

Денеска дискутираме за најстратешкиот документ за државата. Носењето Буџет дефинитивно е многу сериозна работа и одговорна работа. Бидејќи таму се проекциите и визиите како ќе се развива државата, нејзината економија, нејзините институции, нејзината внатрешна и надворешна политика. Најповеќе тоа е документ со кој ние гледаме како утре ќе имаат нашите граѓани, нашите деца или едноставно кажано во еден збор Буџетот е материја со која се проектира иднината на државата. Во Буџетот има проекции кои го засега секој граѓанин, секој пензионер, секој студент, секој административец, секој земјоделец, стопанственик, итн.

Почитувани колеги, јас како член на Комисијата за финансирање и буџет имав прилика детално и активно да учествувам во подготовката на Буџетот за 2015 година. И бидејќи претходно моите колеги во своите дискусија користеа бројки и проценти, јас не би сакал да се повторувам и преку мојот говор сакам на некој начин да ја удоволам суштината преку едноставни примери и аргументи. Во мојот говор исто така сакам да ја потенцирам одговорноста односно неодговорноста на некои политички чинители во Македонија кога се работи за документ како што е Буџетот. И оттаму сакам да посочам кој и колку е релевантен да збори за развојот на Македонија. Бидејќи тоа е важно да го знаат македонските граѓани од оваа говорница. Ќе посочам и микроекономски примери за да бидам разбран од секого.

Почитувани, зборот капитални инвестиции кој најчесто го слушаме овие денови, а сакам да го објаснам на граѓаните не значи само колку пари ќе се насочат кон еден автопат, зграда, стадион, плоштад, болница или некое училиште. Бидејќи за да се изградат сите овие работи потребни се големи количества на бетон, железо, песок, многу работници, многу камиони, многу плати, а тоа пак значи голема одговорност во самите проекции во Буџетот. Растот на индустријата, на градежништвото, работата на рудниците, каменоломите, на сепарациите, на компаниите кои произведуваат бетон, железо, песок, цимент, текстил и слично, директно и индиректно е поврзано со проекциите на Буџетот. За

инфраструктурниот развој на слободните економски зони во Македонија кои слушаме од релевантни институции дека се едни од најдобрите во Европа, исто така треба добро проектиран Буџет. За реформираните институции како што се Централниот регистар или Катастарот кој слушаме од релевантни институции дека се едни од најдобрите во регионот, исто така треба добро проектиран Буџет.

Да бидеш една од најниско задолжените земји во Европа, односно да бидеш една од земјите со најголем економски раст во Европа, исто така е важно да имаш добро проектиран Буџет.

За покачување на платите, пензиите, социјалните придонеси и за субвенциите, исто така е потребен солидно проектиран Буџет.

За мерка за отпис на долговите на граѓаните кој беше ветено во изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ, а за кој пишуваа сите регионални медиуми исто така е резултат на добро проектиран Буџет.

Почитувани колеги, државниот Буџет е за сите граѓани и затоа сите политички чинители треба да учествуваат во проектирањето и донесувањето на него. Преку горе наведените примери сакав само да илустрирам колку одговорна и прецизна е изработката на еден Буџет бидејќи врз тие показатели се темели целиот развој на државата. Буџетот никогаш не бил и нема да биде мој и твој, да биде поделен ваш и наш по било која основа. Овој Буџет е развоен и не поминуваат бледите изјави на квази експерти што ги слушаме овие денови дека тој била само социјален. Но поентата ми е зошто опозицијата не е тука да учествува во оваа дебата. Се носи документ за раст и развој на државата и на сите граѓани во нега. Дали некој се сеќава во овој период кој е актуелен по дискусиите и јавната расправа за Буџетот - лидерот на опозицијата или самата СДС да каже или предложи некои проекти, дали седнале барем пет минути или се потрудиле да размислат да се намачат, да се испотат барем пет минути и предложат некој суштински, развоен и издржан проект. Толку од нивната грижа за развојот на државата каде што потенцирам сите треба да учествуваме. Кој колку работи граѓаните гледаат и оценуваат и утре пак ќе им биде ВМРО крив кога повторно ќе ги изгубат на избори.

Почитувани, навистина не можам да се изначудам една дебата, едно стручно мислење, еден предлог проект не слушнавме од СДС за Буџетот за 2015 година. Толку ли се незаинтересирани, каква ли е таа неодговорност спрема сопствените граѓани. Стопанствениците, земјоделците, студентите учествуваат ли со барем еден проект за подобро утре. Немојте да мислите дека ја злоупотребувам говорницата за да ја нападнам опозицијата која не е присутна тука не можам да се изначудам колкава е таа дрскост и непочит кон институциите и колку е таа само себичност да не можеш да смогнеш сили и да се вратиш во Парламент заради интересот на своите сопствени граѓани. Простете но јас не можам да си го објаснам тоа. Слушам само гола критика, плуканици и црни сценарија. Кога сме кај црните сценарија сакам да ве потсетам на 24 декември и желбата да се спречи носењето на Буџетот со изговор дека на Македонија тогаш и се закануваше банкрот и сега што правиме. Стигна демант од народот на избори, стигна демант од Светската банка, од ММФ дека на македонската економија добро и оди, тогаш и денес и сега срамот чив е. На ловците на вештерки во празно или фактите. За растот на една економија во континуитет и тоа и те како се важни претходно проектираните буџети и идните, затоа кој го критикува без аргументи тој е и гола вода, почитувани колеги.

Ги гледаме СДС во овој период со зачестени интервјуа и изјави на повеќе телевизиски канали и портали, бидејќи нели има медиумски мрак, а освен веќе излишаните фрази и приказни едно „б“ за Буџет не се кажа. За се и сешто зборат, но кога треба да седнат на маса да сработат нешто да предложат нешто, да смислат паметно, никаде ги нема. Една суштинска работа за растот на економијата и за растот на вработеноста не кажаа. Ние дискутираме за Буџет или за предлози и закони кои ги засегаат сите граѓани, а СДС ги нема. Тие бараат само техничка влада.

Почитувани колеги, народот не сака многу технички изговори, туку сака макотрпна работа. Наспроти црните сцанарија од СДС што ги гледаме како хорор филм дека кај и да е банкротиравме, пропаднавме, се презадолживме и слични паушални приказни. Јас нема да

се спротивставам на тоа со тези од Владата од Народната банка или од Државниот завод за статистика туку ќе се спротивставам на нивните приказни со факти и аргументи од ММФ, од Светска банка, Европската инвестициона банка и од Европската комисија. СДС овие институции порано од уста не ги вадеше бидејќи таа нели македонските институции не ги признава кога таа не е на власт. Ќе нафрлам неколку потврдени информации од меѓународните институции. Република Македонија е една од најмалку задолжените земји во Европа, Македонија во двата последни квартала е земја со најголем економски раст во Европа, Македонија на Балканот и во регионот има убедливо најголем економски раст, македонскиот извоз во споредба со лани е драстично повеќе кратно зголемен, во Македонија невработеноста се намалува, во Македонија растат платите, пензиите и социјалните придонеси. Овие се проверени факти и аргументи и секако се состојби како резултат на добро проектирани буџети. Во Европа, во соседството и регионот раст на економиите е доведен во прашање. Големите економии како Германија, Франција, Италија се пред рецесии или стагнираат. Многу земји ги преструктуираат своите буџети на сметка на платите, пензиите и капиталните инвестиции. Секако тоа не е добро и за македонската економија бидејќи таа е интерактивна и зависна од овие економии. Но има една многу силна поента во сето тоа бидејќи способноста на една држава се мери и се гледа и кога е тешко и кога е во криза. Едно е јасно, перфомансите на македонската економија, нејзиниот раст на БДП, растот на вработеноста, растот на капиталните инвестиции, растот на платите и општиот стандард на граѓаните се случува во време кога сеуште се чувствуваат последиците од најголемата светска економска европска должничка криза.

Но почитувани, тоа не се случува зошто некој лажирал избори или многу се задолжувал и слични интересни тези на СДС. Напротив оваа состојба бара силна посветеност, оваа состојба е резултат на претходните седум или осум буџети и бара многу работа, многу труд, борба, многу странски посети, многу економски посети. Ова е резултат на визија, на стратегија и на желба да се успее во овие тешки времиња.

Почитувани колеги, има и еден најважен мотив за во овие услови да успееме и да ја задржиме македонската економија на нозе, а тоа се македонските граѓани и македонската држава и тие да бидат што повеќе заштитени од ударот на кризата. А македонската економија да не застане, туку напротив да расте и да се развива. Од денешната перспектива таа не застана. Македонија денес има највисок економски раст во Европа.

Драги колеги, моево излагање ќе го завршам со неколку прашања кое ја содржат суштината околу релевантноста и моралноста за дискусијата каков е Буџетот денеска. Прашувам: Колкава беше невработеноста во времето на СДС, а не постоеше светска криза? Колкав беше економскиот раст на Македонија кога беше СДС на власт, а немаше светска криза? Колкави беа платите, субвенциите, капиталните инвестиции кога СДС беше на власт, а не беше светска криза? Колкав беше економскиот раст и колку платите беа зголемени кога ВМРО-ДПМНЕ беше на власта, а немаше светска криза? Од овие прашања може да произлезе и следниот заклучок: ВМРО-ДПМНЕ е јак и кога има криза, а СДСМ е слаб и кога нема криза. Тоа е силна работа и концепт, за тоа колку се грижиш за Македонија и нејзините граѓани.

И на крај, Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија“ ќе продолжи да гради болници, училишта, водоводи, студентски домови, патишта, канализации, водоводи, ќе продолжи да гради плоштади, музеи, тетатри и ќе продолжи да дава субвенции на земјоделците, ќе продолжуваме да ги качуваме платите и пензиите и социјалните придонеси и стипендиите. Ќе продолжиме да купуваме опрема за болниците и училиштата. Ќе продолжиме да купуваме возила за брзата помош, возила за полицијата, нова опрема и нови униформи и се така со ред ќе продолжиме да ја модернизираме државата во секој сегмент. Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија“ ќе продолжи со сите сили да ја развива македонската економија и ќе сториме се за да ги надминеме предизвиците кои постојат. Затоа денешниот предлог за Законот за Буџетот за 2015 година јас како пратеник во ова Собрание во целост ќе го поддржам и ќе гласам за негово донесување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Ласовска Благица има збор, повелете.

**Благица Ласовска:** Благодарам.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Пред нас е Предлог Буџетот за 2015 година, важен и клучен момент за граѓаните на Република Македонија затоа што овој документ претставува важен патоказ за тоа како ќе се движи Република Македонија и нејзините институции во 2015 година. Според приложениот материјал кој што како пратеници го добивме, но и според излагањето на чуварот на државната каса министерот Зоран Ставрески може слободно да кажеме дека носи оптимизам, носи подобар живот на граѓаните и што е најважно од се се работи за развоен Предлог Буџет. Воопшто не се сомневам дека пред да ни биде доставен нам како на пратеници Министерство за финансии направило опсежна анализа на состојбите во државата, регионот и светот анализирајќи ги приоритетите на оваа Влада и што од тие приоритети може да се реализира наредната година.

Зошто ова го тврдам почитувани колеги? Затоа што има неколку клучни параметри кои овој оптимизам го прават реален. Имено, во услови на светска економска криза, Република Македонија забележува постојан раст на бруто домашниот производ . Оваа година Република Македонија забележа раст на бруто домашниот производ од 4% и тоа во услови на економска криза, европска економска криза, односно стагнација кај големи држави како што се Германија, Франција, но и соседните држави. Тренд во Европа е да се зголемуваат даноците, додека кај нас се уште имаме рамен данок, па дури неодамна ние пратениците, дадовме виза за повластена стапка на данок од 5% за низа производи, меѓу кои јас како најважни би ги издвоила бебешките производи и училишниот прибор. Олеснувања кои што ќе ги почувствуваат огромен број на граѓани во Република Македонија. Секаде во Европа, а особено в соседството забележлив е тренд на зголемување на невработеноста и повеќе влади донесоа одлуки за носење на непопуларни закони како мерки за штедење во делот на отпуштање на јавната администрација како на пример, Словенија, Хрватска и Србија. Во Република Македонија пак се намалува невработеноста. За илустрација во 2005 година стапката на невработеност била фантастични 38,5% а денес е 26%. Се согласувам дека треба уште да се работи, меѓутоа, сето тоа почитувани, е пред се, како резултат на активната политика на оваа Влада за привлекување на странски директни инвестиции за што сведок е целата македонска јавност. Во Европа, а особено во соседството е забележлив трендот на намалување на плати и социјална помош, а кај нас Владата на Република Македонија цврсто стои на опстојувањата и на ветувањата за зголемување на платите, пензиите и социјалната помош за социјално ранливите категории за што сме сведоци гледајќи го Предлог буџетот за 2015 година.

Веќе во ноември, јавната администрација ќе го добие ветеното покачување на платите. Од јули, наредната година зголемена ќе биде социјалната помош, додека пак, пензиите ќе бидат покачени во октомври. Уште еден доказ дека ветувањата воопшто не се случајни, напротив, прецизно се испланирани и домаќински распоредени средства. Продолжува зголемувањето на капиталните инвестиции. За 2015 година се предвидува капитални инвестиции во делот на патната инфраструктура, железничката инфраструктура, изградба и реконструкции на болници, изградба и реконструкции на градинки, студентски домови и училишта. Ова се главните параметри врз основа на што може да се констатира дека Буџетот на Република Македонија за 2015 година е развоен.

Почитувани, јас своето внимание би го насочила кон образованието како суштински сегмент во општествениот живот и каде е неговото место во приоритетите на оваа Влада. Само за споредба ќе изнесам еден податок. Во 2005 година за образование се издвоиле 9 милијарди 340 милиони 523 илјади денари а во 2015 година 18 милијарди 106 милиони денари. Верувам дека ќе се сложите со мене дека ова јасно става до знаење во кои приоритети е образованието на оваа Влада. Во врвните. Двојното зголемување на финансиите значат вложување во сите нивоа на образование, основно, средно и високо. Продолжува реконструкција и изградба на основни и средни училишта, реконструкција на ученички и студентски домови, реконструкција на касарната во Охрид, изградба на објекти за ФИНКИ и Факултетот за физичка култура, лаборатории, изградба на училишни и

спортски сали. Исто така, продолжуваат проектите бесплатни учебници за секое дете, обезбеден превоз за учениците, бесплатен интернет и слични проекти кои што го заштедуваат и те како домашниот буџет на голем број семјства во Република Македонија. Со цел обезбедување на висок квалитет во образованието од особено значење се и стипендиите за студирање во странство на престижните светски универзитети. Јас ќе набројам само дел од нив, стипендии за ФАМУ, стипендии за Шангај, стипендии за изучување на старотурски јазик, стипендиите Борис Трајковски. Продолжуваат проектите: превод на илјада книги, стручна литература, учебници од Кембриџ и многу други проекти кои оваа Влада ги започна, а се со цел позиционирање на Република Македонија како земја со високо ниво и квалитетно образование. Секако дека има простор и има место се уште да се работи на тоа поле, образованието е скапа работа, но факт е дека оваа Влада навистина многу се труди во тој сегмент.

Како пратеник кој доаѓа од Изборната единица 3, од Свети Николе и Лозово би кажала и неколку клучни моменти кои се однесуваат на развојот на мојата општина. Како најзначаен проект, најпрво би го издвоила изградбата на автопатот Скопје - Свети Николе - Штип и оваа делница за нас е од витално значење и стратешко значење од многу аспекти. Близината до главниот град од само дваесеттина минути возење ќе значи заживување на Свети Николе како општина и сметам дека со правилна и визионерска локална политика стопанството и многу други гранки би доживеале развојна ренесанса. Работниците, учениците и студентите кои секој ден патуваат во Скопје значително ќе го скратат и времето и трошоците. Земјоделците и стопанствениците ќе бидат многу поблиску до пазарите, а самата местоположба на градот, убеден сум, дека ќе ја зголеми и побарувачката за купување на станбен и деловен простор. Ќе повторам, стратешки проект за Свети Николе е изградбата на овој пат.

Во тек е изградба на локален пат до Мавровица и пристапен пат до археолошкиот локалитет Била Зора, село Кнежи. Предвидена е изградба на патот од село Амзабегово до село Црнилиште, што е исполнување на барањата на жителите во овие села и предуслов за развој на истите. Од особено значење е и програмата за инвестирање во локална патна инфраструктура, инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи во која свое место наоѓаат и патишта во село Амзабегово, Ерџелија, Црнилиште, Мустафино и Горовинци што навистина во голема мерка ќе ги подобрат условите за живот во овие села. За поздравување е и заложбата за веќе завршената фекална канализација во село Горовинци и изградба на детски игралишта во селата Мустафино, Пеширово, Ерџелија, Немањици и Кадрифаково. Овчеполието, како еден од најзначајните земјоделски региони во државата, особено се радува на политиката на ова Влада на континуирано зголемување на субвенциите за земјоделците. Овчеполските вредни земјоделци не случајно ја даваат поддршката на ВМРО-ДПМНЕ. Почитувани колеги, во Свети Николе и Лозово од 2006 година па се досега се издвоени над 20 милиони евра субвенции, конкретни суми со реална поддршка. Голем број на семејства својот семеен бизнис го започнаа токму со овие мерки и со овие финансиски средства. Кога сме веќе кај земјоделието ќе споменам еден многу значаен проект за Свети Николе и за овчеполските земјоделци, а тоа е изградбата на системот за наводнување Немањици. Се работи за капитален проект кој е од витално значење за градот и навистина се радувам што е започнато со негова реализација која е предвидена во фази, бидејќи чини навистина многу пари и се надевам дека Владата ќе смогне сили, истиот да го забрза и да го финализира во наредните години.

Почитувани, има уште многу сфери за кои што би зборувала за мојот регион и потребите на граѓаните кои што треба да бидат задоволени, но бидејќи овој крај со децении и со години бил запоставуван од разно разни причини, свесни сме дека е потребно време и средства за негов подобар економски развој. Жителите на Изборната единица 3 и моите сограѓани ја чувствуваат оваа политика на оваа Влада и желбата за развој на Источна Македонија. Насекаде се гради, се привлекуваат инвестиции, се вложува во образованието, се изгради Универзитет кој што навистина многу значи за Источна Македонија, се вложува во здравството, во културата, во социјалата. Тоа граѓаните го чувствуваат и го ценат, а го докажуваат на избори каде што масовно ја даваат поддршка за

ВМРО-ДПМНЕ. Од тие причини јас ќе гласам и ќе дадам поддршка за овој Предлог буџет, бидејќи и јас сум дел од верниот Исток. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Грчева Солза, повелете.

**Солза Грчева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници

Од се ова денеска што го чуваме, можам да заклучам дека од многу арно народот у ствари не може да куртули. Половина време посветивте да кажете колку и е лошо на Европа и еврозоната, колку лошо живее, па се прават едни споредби што ме потсетуваат на еден виц на времето, кога двајца се тркале во базен и треба да победи тој што не победил, стигнал втор. Меѓутоа, медиумите, утредента, на домашен терен, се разбира, за вториот рекле дека стигнал втор, а за првиот рекле претпоследен стигнал. На тоа ми наликуваат овие фалби без покритие. Не дека 3,5% буџетскиот дефицит ќе се покачи на 3,9% оваа година, не дека 85% од парите се потрошија заклучно со јули, не, не, тоа не, не. Сега ќе се фалиме колку е ова сето добро. Имате насочна потреба или задача, или било како да го решиме, се да фалите едноставно. Овдека слушајќи, јас не знам дали сме ние Германија, дали сме Франција, дали сме можеби Америка. Многу страшно им е во Германија, среќа во Скопје имаме таму десет илјади станови, во Ново Лисиче без потреба изградени, па можеби утре ќе навалат навистина овде Германци и Французи да живеат кај нас.

Македонија, драги мои е сиромашна земја по многу, многу показатели, не еден кога ќе го извадите и кога ќе се мерите со тој еден, ќе видите дека Македонија има најниски плати во цела Европа, не во еврозоната, во цела Европа. Овој Буџет за кој што денеска дискутираме е единствено можен Буџет во ваквата ситуација. Јас не велам, не може друго да се направи, кога сме во ваква ситуација, вие морате да направите ваков Буџет. Во ситуација кога приватен сектор нема со години е угушуван, каде што државата е работодавецот во една земја, навистина ваков гломазен буџет мора да оди кај гломазната јавна администрација чија бројка е доволна да ја опслужи една Србија ако не и повеќе. Се сложувам дека е добро да се покачуваат платите, пензиите итн, но не им недостасуваат на луѓето 4%, тоа не го чувствуваат на нивните многу ниски најниски плати, тие треба да се покачат најмногу 40% за да луѓето преживеат овде. Но, не се сложувам дека треба да имаме јавна администрација колку за Србија. Во тоа е проблемот. Понатаму, овој циклус на постојано зголемување пензии, плати, социјални трансфери води кон нови задолжувања, води кон нови долгови на оваа држава. Проектиран е раст од 4%. Се фалиме за тој раст. Ангилија била зад нас. Па, ние сме биле први, па чекајте да не Англија била пред нас или ние по неа, први во Европа, втори во светот. Ами 4% за нас е ништо. За сиромашни земји помрднување од нулто место каде што се наоѓаме минимум 10%. Тоа го кауваат сите експерти, економски. Значи нема помрднување без некои 10% и тоа да се одржливи неколку години по ред. Илустративно, имате вие плата од 300 евра, 4% ќе ви ја зголемат ама англичанецот има 4 илјади фунти 1,5 пати како што ни кажа министерот е богами е некоја сума и бројка. Ова е толку очигледно и јасно како се манипулира со зборови што веќе и не наоѓам за потреба да го елаборирам поопширно. Но, и овие 4% како ќе се постигнат дали сте се запрашале без реални капитални инвестиции. Капиталните инвестиции во овој буџет се проектирани да, се покачуваат за цели два милиона од еден раскошен голем буџет за се и сешто е распоредено ама за капитални инвестиции два милиона плус. Дали се надевате дека градежништвото вакво какво што е ќе ни ги враќа парите. Јас не сум чула некаде во светот од стиропорни фасади некој да му се враќа во буџет пари. Се надевам дека барем патиштата ќе бидат изградени онака како што е ветено, па тие можеби ќе полнат дел од касата. Странски инвестиции спомнувате? Ај, малце пребарајте, прогуглајте колку има Албанија странски инвестиции, колку има Србија странски инвестиции, да не зборувам робовладетелскиот однос во кој што кај нас граѓаните работат за по 9 илјади денари за цели 150 евра. И по двајца од едно семејство кога работат во тие Дрекслер Маер и овдека што се уселени не можат една кошничка потрошувачка да соберат и маж и жена. Како се достигне растот од 4%, даноците остануваат исти 2,6%. Околу 9% се придонесите, мируваат, значи останува задолжувања и задолжувања и задолжувања. Буџетскиот дефицит 3,5% кој како и лани не се сомневам експресно ќе биде надминат. Лани 4,1 си стана, оваа година од 3,5 на 9 за неколку месеци.

Со романтика ќе се сеќаваме на времињата што беа спомнувани од оваа говорница кога буџетскиот дефицит се движеше од 0,9 до 1%. Ние живееме како некое дете кое што незаслужено добило пари од родителите, не ги заработило само па ќе ги плиска по кафани и по диско клубови па после друг ќе му води сметка па родителот ќе позајмува за него. 29%, 30% имаме трговски дефицит една и пол милијарда константа во нашиот буџет. Главно се покрива со странски дознаки. Што значи тоа со странски дознаки? Сами кажувате дека е нестабилен пазарот во Европа. Утре да дојде до некое тектонско пореметување на европскиот пазар ние овие дознаки ќе ги губиме и ќе се намалат драстично. Тоа значи дека не можеме да го оствариме ова што сме го ветиле, но тоа и друго нешто значи, дека сме ставени комплетно со цели 30% во скутот на други, конкретно во скутот најповеќе на Европа. Ако ја погледнеме структурата во која што повторно одат парите реков единствено можен буџет кој што фактички го храни популизмот на Владата кога ќе ја погледнеме структурата на Буџетот и кога ќе видиме дека за тековни трошоци оди се, јас како левичар би требало да бидам задоволна.

Ова дури ме враќа во времето на комунизмот, искрена да бидам. Сите пати одат за социјални трансфери, убавина. Но, разликата е во следното, овие пари се на рабуш, не се наши пари. Ние само за камати должиме 100 милиони евра, и во моментов додека зборувам врти бројчаникот 300 милиони евра имаме дефицит. Се фалиме со Светска банка, оној изолиран показател, у браво 4,5 со 4,5 од тука овде, а други од овде нагоре одат. Значи ако и веруваме на Светска банка, ајде да и повеверуваме во уште еден показател. да не си мислат граѓаните дека ова најголем дел од буџетот оди кон нив и нема никаков развој за приватниот и ни ја поништува идејата и воопшто на концептот на пазарна економија, значи без вграден потенцијал во буџетот, ајде да и поверуваме на Светска банка од нејзиниот извештај од оваа година за таканаречениот џини индекс или нееднаквост во платите, каде што пазете Македонија е прва од сите европски земји, не зборувам за еврозоната, зборувам за сите европски земји, вклучително и сите земји од бившиот Советски сојуз во нерамноправната распределба на богатството, па стои овој тренд продолжува, во Македонија се создава слој на многу богати и многу сиромашни. Преточени во бројки од Светска банка е дека 20% од граѓаните на Република Македонија имаат пари како сите други 80%. Дали ова не ве тера да ставите прст на чело кога анализирате да речеме инвестиции во спортски сали итн. да ги пријавувате како капитални инвестиции, дали ова не ве загрижува дека земјава станува земја на олигарси и од друга страна земја на сиромашни. Значи во овие вкупни бројки овде кои што привидно даваат слика дека парите одат кон граѓаните водите сметка како одат кон граѓаните. имаат Србите една изрека сви си једнаки, сви су једнакии од других. Е токму тоа се случува кај нас. Овој буџет е за преживување на сиромашните и за богатење на богатите. Еден ден вие сами ќе речете, еј, чекајте навистина било така. 1998 година овој индекс изнесувал 28 индексни поени, за да 2010 година веќе за две години апсолутен шампион со 43, 6 и тука завршува мојот левичарски идеализам дека кобајаги парите навистина водат сметка за интересите на граѓаните и дека одат таму. Одат кон граѓаните, но кон кои граѓани почитувани. Значи не можам да ги споделам вашите восхити, немам намера, го исчитав целиот буџет, го анализирав во поедини сегметни кои што ме интересираат, но немам и немав намера да додавам, да одземам со амандмани, со штимања, со проекти како што рече колегата, тие критики не ги разбирам дека се упатени на мене туку кон опозициската СДСМ, меѓутоа немам намера да влегувам во детали во нешто што како рамка. Знам прво зошто сега се носи, 85% од парите во јули беа спукани и што не очекува во иднина. Една неверојатна скала на популизам кој што ветува плати, плати, множење, множење бесконечно на јавната администрација која се употребува се знае кога и се знае како и понатаму 2 милиони оставени, ве молам цели 2 милиони зголемени капиталните инвестиции, при што и дефиницијата на капиталните инвестиции е крајно спорна. Значи не можам да споделам восхит, напротив искажувам крајна загриженост што ја очекува Македонија и по оваа 2015 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господинот Тренов Ромео има реплика, повелете.

**Ромео Тренов:** Благодарам почитуван претседателе.

Успеав да запишам неколку поенти што ги кажавте како на пример фалбите дека многу се фалиме, дека Македонија е најсиромашна земја во Европа, вклучително ви сите земји, па и тие што се во еврозоната, дека има најниски плати од сите држави, дека 4% не се ништо зголемување на платите. Се разбира дека не се ништо и намалувањето на 8% на пензиите во време на СДСМ не беше ништо. За вас не е ништо, ама за пензионерите е нешто. Тој приод, таквиот пристап дека 4% ништо не се за давање и 8% одземање не се ништо, го однесе СДСМ таму каде што е, иако СДСМ е друга приказна. Вие се дистанциравте со самото тоа што кажавте дека критиките не беа упатени до вас, туку до СДСМ и тоа ви е паметно бидејќи тие ве исклучија од партијата, а вие не бевте ни член. Така нивната приказна е друга, да ги оставиме.

Велите дека имаме најниски плати ние во Македонија. Јас ќе ви кажам една работа, дали знаете вие во нашиот источен сосед Бугарија колку е платата на еден наставник со 20 години работно искуство, 15 илјади денари, 250 евра. Толку е, еве дојдете заедно ќе отидеме на кафе во Петрич ќе прашаме таму една учителка кога ќе излезе од училиште и ќе ви каже. Знаете колку е во Македонија прво вработување, 19 илјади денари. Значи не е вистина дека платите во еврозоната се најниски, не е точно. Малку ме загрижува вашиот однос што иако се дистанциравте од СДСМ, на типчичен однос кон странските инвеститори, сдсмовски го кажавте. Овие луѓе овде вработуваат. Сакате вие да признаете или не зголемувањето на извозот за 18% од лани до сега е благодарение на тие кои што произведуваат приозводи со додадена вредност и тој факт не можете да го избришете. Ние за разлика од СДСМ, а и од вас имаме друг пристап кон странските инвеститори и се обидуваме на секој начин да најдеме начин да ги донесат своите пари овде и да вработат луѓе. процентот на вработеност се зголемува, така што пристапот не ви е добар.

Нема капитални инвестиции, јас не знам како може да кажете нема капитални инвестиции. Да речеме од социјализмот од 1946 до 2006 година изграден е автопат колку што сега ќе биде изграден за овие три години. Разликата е очигледна, дали ова за вас е некапитална или капитална инвестиција незнам, меѓутоа не е лесно да си опозициинер бидејќи ако отидеш на стадион ќе отидеш на стадион кој го градел ВМРО. Ако возиш по автопат ќе возиш по автопат што го градел ВМРО итн. така и за да се пофалите треба да имате за што.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓата Солза Грчева има контра реплика, повелете.

**Солза Грчева:** Со задоволство ја прифаќам поканата во Петрич да пиеме кафе. Ќе се изненадите дека кај ваше Ново Село струмичко е дупка до дупка патот кога ќе поминете од другата страна во Европа, колега и во Бугарија не знам колку е платата на учител, но знам колку е на професор и знам дека имаат 8% невработеност колега. И знам дека на обиколницата околу Софија има марки, фирми, сите европски фирми се дојдени таму и вработиле не го чекале Субрата Рој да дојде па да избега. Значи таму се сите познати европски брендови.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Ласковска Благица има реплика, повелете.

**Благица Ласовска:** Благодарам претседателе.

Дел од поентите што сакав да ги кажам гипотенцираше и колегата Ромео Тренов, но еве ќе почнам од олигарсите што почитувана колешка Грчева го спомена. Да, имаме олигарси во Република Македонија, но да се потсетиме од кога датираат. Тие датираат од времето кога се донесе катастрофалниот закон за приватизација, кога се избркаа илјадници луѓе од своите работни места, кога за без пари се купија фабриките и се што можеше да се купи, а тоа не бевме ние. Тоа беше една сосема друга структура која денес, за жал се најважните и најглавните олигарси во Република Македонија. Тоа е околу олигарсите.

Околу инвестициите тоа дека приватниот сектор не живее во Република Македонија, напротив колешке сведоци сме не само ние, туку и целата македонска јавност, па јас би рекла и европска јавност колку оваа Влада инвестира, бара инвеститори и имаме инвестициски бум во Република Македонија. Да не ги споменувам ги кажа и самиот

министер кои се најголемите инвеститори кои што се влезени во Република Македонија верувам и сум сигурна дека и вие ги знаете. Таму работат токму тие избркани работници од времето на тие фамозни олигарси од времето кога кога со Законот за криминална приватизација останаа луѓето без работа. Па дојде ред ВМРО ДПМНЕ да ги средува и ги средува, ги вработува. Наоѓаме начин, наоѓаме чаре како тие луѓе да не останат без плата.

За крај,  уште за капиталните инвестиции. сигурна сум дека како научен работник знаете што значи капитална инвестиција, ни мислам дека одамна не сте пропатувале низ Македонија, па да видите што значи капитална инвестиција. Еве ние секој ден патуваме од Велес не можеш да дојдеш за 1 и пол час за Скопје. Така е во сите региони во Република Македонија. Зарем тоа не е капитална инвестиција. Вие милувате да ги споменувате само спомениците, но не се само спомениците. Капитални инвестиции се патната инфраструктура, ископана е цела Македонија, буквално. Железничка  инфраструктура. Зарем не е капитална инвестиција студенските домови. Зарем не се капитална инвестиција училиштата. Зарем не се капитална инвестиција болниците кои што се градат. Тоа се капитални инвестиции и тоа се капитални инвестиции кои се за доброто за визија за подобра Македонија. Ние не велиме дека сме Швајцарија на балканите. Никој од моите колеги, па ни министерот не го кажа тоа. Ние кажуваме дека оваа Влада и ние како пратеници се трудиме Македонија да оди напред.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓата Солза Грчева има контра реплика, повелете.

**Солза Грчева:** Почитувана колешке, олигарси кои биле создадени порано и исто толку ги гледам како една лоша појава во една сиромашна земја и не правам никаква разлика верувајте. Отсекогаш ми се темнело од тоа да во една мала, скромна, сиромашна земја создаваат луѓе кои овде дивеат со своите богатства и купуваат се пред себе. Но ќе признаете дека имаме и тазе олигарси, имаме и нови. Во иста кошница ги ставам верувајте ми, не правам никаква разлика помеѓу олигарх еден и два и три и пет. Не се создаваат олигарси само со пропаднати фабрики. Се создаваат олигарси преку  градежништвото каде што голема перална на пари се случува, после ќе си ги дознаваме па ќе ги пишуваме по весници како што овие старите олигарси сега ги пишуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Василевски Сашо, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани преставници на ресорното Министерство за финансии,

Дозвелете почитувани, на почетокот би сакал да ги поздравам заложбите и нивната посветеност на Владата на Република Македонија предводена од страна на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата за подобар и поквалитетен живот за граѓаните на Република Македонија. Кога зборувам за подобар и поквалитетен живот пред се мислам за подобрување на животниот стандард на граѓаните преку отварање нови работни места, унапредување на условите за водење на бизнис, привлекување на нови странски инвестиции, но и овозможување на подобри и на домашните инвеститори да го прошират својот бизнис и со самото тоа да отворат нови работни места. Оваа Влада се грижи за сите категории на граѓани, а тоа ги покажува и овој Предлог на буџет за 2015 година каде што се предвидени проекти наменети за невработени, пензионери, подршка на лица  на кои им е потербна помош од страна на други лица, лица корисници на социјална парична помош млади, како и многу други категории на граѓани. Овој Предлог буџет за 2015 година ќе овозможи и развој на инфраструктурата пред се на патната инфраструктура каде што ќе се работи на конкретирање на Коридорот 10 и продолжување на реализација на патниот правец Кичево-Охрид е од витално значење за граѓаните на Охрид, Струга, Кичево, за мене лично тоа ми преставува големо задоволство поради тоа што доаѓам од тој крај. Но овој Коридор е модерен автопат, регионот на Охрид и Струга ќе биде поривлечен за многу туристи и за нивните инвеститори кои до сега гледаа на овој регион со многу трошоци за  транспорт и губење на време, а да не споменувам со што дневно моите сограѓани се соочуваат на оваа делница која сметам дека е високо ризична.

Исто би сакал да напоменам дека со овој Предлог буџет продолжуваме да ги остваруваме нашите ветувања кои ги дадовме на граѓаните на Република Македонија и ќе овозможиме поквалитетно образование, подобри здравствени услуги, поквалитетен живот на земјоделците, како и поголема грижа за најранливите категории на граѓани. Буџетот за 2015 година е проектиран со раст од 4% на бруто домашниот производ и стапка на инфлација да остане ниска и стабилна на ниво од 2% како буџетски дефицит кој е понизок од годинашниот и ќе изнесува 3,5%. Но, дозволете да се фокусирам на областа од која доаѓам и дадам свој коментар и свое мислење.

Проекциите кои се планирани за 2015 година се базирани врз приоритетни цели и тоа за понатамошно континуирано подобрување на здравствената состојба на населението преку подобрена достапност на здравствените услуги на населението, набавка на поливалетни вакцини, централна набавка на инсулин. Јавноста добро памети до пред некоја година какви се проблеми имавме ние како лекари кои работевме во центрите за дијабетес со недостатокот на инсулин. Обезбедување на болничко лекување без наплата на партиципација за пензионерите со пониска пензија од просечната во Република Македонија. подобрување на примарните здравствени услуги, особено подобрување на здравствените услуги во руралните одалечени места, отварање амбуланти во руралните средини, целосно здравствено осигурување на населението, изградба на пет центар, континуирана набавка на медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија, континуирана реализација на проектот за регконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи во Република Македонија како и изградба на новиот Клинички центар во Скопје и  Штип. Реализацијата на проектот на имплементацијата на здравствоената картичка, имплементирање нови здравствени програми како и финансирање на националната програма за трансплантација. Но, дозволете подетално да ве информирам за зафатите кои ќе следат во 2015 година на ниво на здравството. Но овие се врзани во три годишни циклуси на инвестирање затоа што да се изгради една болница и да се направи еден голем проект како што е пет центарот се во проекции на три години. Реконструкција, доградба на јавните здравствени установи во Република Македонија, планирани средства за 2016 година се 60 милиони денари. Истата активност е проектирана да продолжи во 2016 година со дополнителни 106 милиони денари и да продолжи во 2017 година со 110 милиони денари. Ако направиме една споредбена анализа колку се инвестирало пред десетина години ќе видиме дека ни половина од овие проектирани проекти кои се за оваа година не се планирани во изминатиот период.

Медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија проектирани средства за 2015 година се 423 милиони денари, за 2016 година проектирани средства се 525 милиони денари и за 2017 година 359 милиони денари. Изградба на амбуланти во руралните подрачја 2 милиони денари, имплементација на здравствената картичка 2 милиони денари, изградба на ПЕТ центар 359 милиони денари за 2015 година да истиот проект продолжи и во 2016 година каде што се планирани 219 милиони денари, а за 2017 година како година каде што ќе го завршиме овој ПЕТ центар планирани се дополнителни 245 милиони денари. Овој крупен проект почитувани пратеници кој ќе овозможи поквалитетна детекција и лекувања на пациентите, кој до оваа услуга се приморани да одат во центрите во странство и да плаќаат енормни суми за лекувања. Изградба на нов клинички центар во Скопје и Штип, предвидени средства за 2015 година се 75 милиони денари, 2016 година – 180 милиони денари и 2017 година – 213 милиони денари. Останати проектирани средства, ќе ги набројам оние поважните затоа што ги има доста, а тоа се превенција за кардиоваскуларни болести 9 милиони денари, систематски прегледи за ученици и студенти 10 милиони денари, организирање и унапредување на крводарителството 12 милиони денари, национална програма за јавно здравје 48 милиони денари, испитување на појава на рашироноста на бруцелозата, превентивни мерки за спречување на турбекулозата, заштита на населението од сида, активна здравствена заштита на мајките и децата предвидени се 8 милиони денари, рана детекција на малигни заболувања предвидени се 23 милиони денари. Би сакал да напоменам дека овие финансиски средства се наменети и за јавните и за приватните

здравствени установи каде што со оваа програма се за активностите на гинеколозите за повикување за пап тестови и скрининг на карцином на грлото на матката кај жените и активностите за скрининг на карцином на дебелото црево. Вие знаете дека пандемија е болест на карцином на дебелото црево и како што има законска обврска секоја жена да оди на скрининг за пап, така ќе биде секој маж над 50 година е добро да оди на скрининг за карцином на дебело црево. Рана детекција имаме за овие малигни заболувања, здравје за сите душевните растројства и заштита за лица со душевни растројства планирани 28 милиони денари, здравствена заштита и лица со болести од зависности 68 милиони денари исклучително овие средства се за набавка на одредени лекарства, на метадон, на буперофилин кои што се лекарства за целосна услуга за лекување на овие лица со зависности. Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа, лекување на ретки болести, прв пат оваа година, значи изминативе години исто се издвојуваа средства, но прв пат за 2015 година се издвоени значителни средства од 80 милиони денари за овие лекувања на ретки болести. Значајна ставка која Министерството за финансии ја одвојува со Владата на Република Македонија е целосно здравствено осигурување во вредност од 2.106.000.000 денари. Би сакал да напоменам за јавноста и за вас, со оваа програма се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои немаат ниту по еден основ здравствено осигурување, Министерството за здравство како обврзник за пресметување и уплатување на придонеси на задолжително здравствено осигурување ќе може да плаќа на месечна основа да го плаќа овој придонес. Обезбедување на инсулин. Досега обезбедувањето до пред една година обезбедувањето на инсулинот за пациентите во Република Македонија одеше со набавки во јавните здравствени установи, но имаше одредени проблеми со тендерските постапки така да Министерството за здравство направи еден сериозен исчекор каде што направи групна набавка од страна на Министерството за здравство, така да се предвидени средства од 730 милиони денари, значи ќе ги имаме сите видови на инсулини и хумани и аналогни инсулини и мешани форми, тука спаѓаат и лентите за мерење на шеќер, тука спаѓаат и инсулинските пумпи кои се најмодерни за лекување и терапија на болните пред се од дијабетис мелитус тип 1 значи на помладата генерација или помладите пациенти, болнички лекување без наплата за партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во Република Македонија. Вие знаете дека хроничното болните порано, оние пензионери што има плати по 4, по 5, по 6 и по 10.000 денари плаќаа за болничко лекување, овдека се сите ослободени кои имаат пониски пензии од 12.000 денари на месечно ниво, што го сметам за еден исклучителен добар потег на ресорното Министерството и на Владата на Република Македонија. И како една крајна ставка која сметам дека е исклучително важна, едукација на лекари и на медицински персонал, средствата предвидени за 2015 година се 40 милиони денари. Овие средства се предвидени за оваа програма се наменети за едукација на наши лекари и останат медицински персонал кој ќе оди во странство за посета на странски експерти за едукација на наши лекари и специјализации на наши лекари во странство. Националната програма за трансплантација кое го сметам како исклучително позитивен проект кој овој состав на Парламентот и го донесе и во законска форма успешно во Собранието на Република Македонија можам да констатирам дека успешно се реализира и средствата за оваа намена во 2015 година ќе бидат одвоени во вредност од 24 милиони денари. Останати средства се проекции кои се со помал интензитет, карактер, така да нема потреба да ги споменувам. Како пратеник, но и доктор по професија сметам дека вакви зафати во реконструкција, изградба на нови здравствени капацитети се повеќе од успех затоа што и самите знаете дека само до пред некоја година здравството кубуреше со лекарства, инсулини, медицинска апаратура, а да не говориме за условите за работа на здравствените работници. Едноставно се работеше во супстандардни услови на работа каде што не беа запазувани основните здравствени норми. Денес мора да се признае дека условите се комплетно променети, дека скоро сите здравствени институции го запазуваат стандардот за работа, а таму каде што се изградени нови здравствени и болнички капацитети се со светски стандарди. Ако овде се земе предвид дека се работи за сериозен проект за обука на здравствениот персонал на доктори и медицински персонал во реномирани светски здравствени центри можеме да заклучиме дека сме на прав пат да во

иднина и како институции и како здравствени работници да одговориме на најсложените здравствени проблеми и предизвици со кои ќе се подобри воопшто јавното здравје. Вие сте и сега сведоци дека трендот на заминување на доктори од јавното здравство према приватните сектори веќе се намалува и сведоци сме дека се повеќе доктори специјалисти и останат здравствен персонал аплицира повторно да се врати под државно здравство. Објаснувањето е едноставно, со вакви силни вложувања во здравствениот сектор, јавните институции на докторите им овозможуваат континуирана медицинска едукација во реномирани центри во странство, одлични услови за обавување на здравствената дејност по светски стандарди, а со новата медицинска опрема се чувствуваат попрофесионално и безбедно и без ризик да се направат превиди околу дијагноза или лекарска грешка. Овде не можам а да не ја спомнам една значајна инвестиција од градот од кој што доаѓам Охрид, а тоа е целосната реконструкција на специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо" Охрид која е со висок квалитет на кадар на обученост и реномирана во светски рамки можам да кажам и која ќе опфаќа комплетно реновирање и која во периодот од 2015 до 2017 година ќе биде комплетно реновирана со тоа специјалната болница за ортопедија и трауматологија во Охрид ќе прерасне во здравствена установа со светски стандарди кои ќе нуди услуги не само за нашите здравствени осигуреници, туку ќе продолжи како и досега со лекување на странски пациенти. Паралелно ќе се отпочне со изградба на нов блок, значи нова болница за интервентна кардиологија, значи нашата болница „Свети Еразмо" ќе биде дом на две големи здравствени институции една за трауматологија, друга за интервентна кардиологија и болницата „Свети Стефан" ќе биде преселена во рок од две до три години во новата болница и сметам дека охридското здравство ќе го комплетира мозаикот да имаме ние во Охрид и во регионот едно модерно, светско добро организирано здравство. Да ги издвојам и напорите на нашиот премиер Никола Груевски Охрид да има организирана технолошка индустриска развојна зона со која веќе се пријавени првите странски инвестиции како ОДВ Електроник во која непосредно ќе бидат вработено ангажирани околу 1.000 луѓе, а веќе околу 100-тина веќе се заминати на обуки во Украина како би биле предводници на смени. Значи, ова е една голема инвестиција за нашиот регион охридско – струшкиот регион каде што многу луѓе од наменската индустрија, значи од специјалната индустрија на машинската автомобилска индустрија ќе можат да си го најдат своето место. Најавена е уште една голема странска инвестиција од автомобилската индустрија која исто така ќе ангажира дополнителни 1.250 вработувања. Со ова Охрид и регионот значително ќе ја зголемат вработеноста. Во најава се уште повеќе странски инвестиции со кои трендот на невработеноста и понатаму ќе опаѓа. Почитувани пратеници како резултат на внимателна, успешна политика во изминатите години, Република Македонија и понатаму останува ниско задолжена земја со стабилна економија, позитивен економски раст кој ќе овозможи континуирано продолжување на проектите за кои ја добиваме и довербата на граѓаните на Република Македонија во изминатите неколку изборни циклуси. Како пратеник го поддржувам овој предлог буџет за 2015 година кој верувам и убеден сум дека ќе овозможи понатамошен успешен континуитет на политиките на Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Олга Најденовска има збор, повелете.

**Олга Најденовска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер, почитувани сограѓани на Република Македонија. Размислував околу дискусијата и како да ги искористам овие 20-тина минути за да го кажам она што јас го мислам за предвидениот буџет на Република Македонија за 2015 година и решив иако целиот го исчитав да зборувам на оние проблематики и теми кои што добро ги познавам, а тоа се темите од земјоделието од областа земјоделие и од образованието. Секако дека пред да зборувам за било која тема, дали е за земјоделие, образование и апсолутно за било која област кои се добро опфатени и предвидени во буџетот за 2015 година не можам да не тргнам и не би било одговорно ако би започнале да зборуваме земајќи ги предвид само микро климатските услови. Значи морам да го кажам она макро климатско што се случува околу нас, околу нашата држава, каква е надворешната економија, светската и во Европа

економијата за да може да согледаме зошто е буџетот предвиден и направен вака како што е направен, а е направен мошне рационално и мошне домаќински водејќи сметка за своите граѓани, за сограѓаните наши во Република Македонија како да се олесни нивниот живот, како да се подобри животот на нашите сограѓани, нашиот живот како да се подобри и квалитетот на животот да го кренеме. Апсолутно е за пофалба и може да се гордееме со оваа влада и со гордост да го кажеме тој процент на покачувањето на нашата економија за 4%. Врз основа на тоа покачување на 4% може и е направена економијата односно е направен буџетот за 2015 година. Значи е проектиран врз основа на покачувањето на овие 4%. Секако дека сите сме свесни и сите сме овдека со нашата заложба и желба да тој процент од година во година се зголемува за да можеме и нашите проектирања и нашите желби и планови да бидат уште поголеми. Но, со овие 4% оваа Влада го донесе овој Предлог на буџет кој што јас апсолутно ќе го поддржам, а ќе се задржам конкретно на областите земјоделие и областа образование, како што реков бидејќи можам од поблиску да зборувам и доаѓам од тој сектор, не само како наставник, како професор, не само како доктор на земјоделски науки, туку и како граѓанин кој што директно од теренот и во секојдневието ги чувствуваме секојдневно придобивките на оваа Влада и усилбите што ги прави за да биде што подобар и поквалитетен животот. За земјоделие нема да разглобувам многу бидејќи пратениците колеги пред мене убаво образложија, но сакам да кажам дека ги поддржувам сите оние издвоени средства, планирани средства за 2015 година што се однесуваат околу субвенциите односно за унапредувањето на руралниот развиток, политиката во земјоделието и руралниот развиток, субвенциите на нашите земјоделци што се даваат и што се предвидени во буџетот за 2015 година да се уште поголеми. Ја поддржувам апсолутно политиката на оваа Влада кога зборуваме за подобрувањето и работата на ветеринарната, значи Агенцијата за храна и ветеринарство, подобрувањето на квалитетот на исхраната на она што го внесуваме. Исто така ја поддржувам и усилбите и финансиските средства што се издвојуваат за формирањето на фитосанитарната заштита. Неодамна овде во ова Собрание го донесовме Законот за здравје на растенијата и проширувањето на дејноста на Државната фитосанитарна лабораторија. Исто така сакам да ја потенцирам и заложбата во образованието што го прави оваа Влада на Република Македонија. Во изминатите седум години сме сведоци како оваа Влада континуирано вложува средства и го развива образованието во Република Македонија правејќи го прво достапно за секој граѓанин во оваа држава и исто така овозможувајќи да граѓаните од Република Македонија имаат трансфер да можат да излезат и да научат надвор од границите на Република Македонија да ги прошируваат своите знаења со секако една визија и еден добар концепт на оваа Влада како тие кадри да се вратат во Република Македонија и тоа знаење да го пренесат на идните генерации. Милувам да кажам дека никогаш не започнува и ништо не започнува од нас, заради тоа треба да кажеме што е сработено пред нас, затоа што години наназад кога зборуваме за образованието, морам да кажам дека се гордеам затоа што од 2006 до 2014 година направени односно се изградени 43 училишта, реконструирани се 200 основни училишта, изградени се 4 средни училишта, 70 средни училишта се реконструирани, изградени се 39 училишни спортски сали. Отворени се два нови државни универзитети и 25 нови факултети, опремени се вкупно 80 лаборатории во високото образование и јавните научни установи во вредност од 1,6 милијарди денари. Основан е Фонд за иновации и технолошки развој со почетен буџет од 570 милиони денари за промоции и поддршка на иновациската дејност што е и споменато во извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија. Имплементирани се повеќе концепти за поголема достапност и подобрување на образовниот процес како што се бесплатно образование, односно бесплатни учебници за сите ученици во основното и средното образование за што се вложени 30 милиони евра. Обезбеден е бесплатен превоз на ученици кои што посетуваат училишта оддалечени повеќе од 2,5 километри од местото на нивното живеење. Овозможен е пристап до интернет за сите основни и средни училишта и за сите студентски домови.

Подобрен е образовниот процес, во предучилишното образование, водејќи сметка и воспоставувајќи ја програмата за рана образовна дејност, подобрена е програмата во основното образование со воведени нови наставни програми по биологија, хемија, физика, математика, информатика ликовно образование со вклучени теми, од иновации пред

приемништво. Подобрено е и средното образование со воведување на нови предмети. Исто така воведено е образование за возрасни. Ако гледаме во континуитет како се вложува и се вградува оваа Влада и самата себе си во усовршувањето и зголемувањето на капацитетите во образованието, ќе видиме, само треба да погледнеме програмите што се донесени од рано образование, до образование 35-45 каде што е овозможено на повозрасните лица да си го дооформат своето високо образование. Тоа е еден континуитет што трае години station наназад. Значи, не е започнато од вчера и не го започнуваме од сега. Но, ова истото што го зборувам, важи и за високото образование. За научно истражувачките проекти, да не ги спомнувам и да не се повторувам со некои пратеници од тука за илјадате книги преведени. Одноно до сега се 886 ако е за волја на вистината, значи останува да се печатат уште учебници, уште книги, впрочем ние од ова Собрание донесовме и закон дека оваа Влада се обврзува секоја година да печати и да преведува и да печати по 50 учебници од 1-те 10 рангирани високо образовни институции од шангајската согласност, од шангајската листа.

Во делот на научните истражувачки проекти јас сум една од тие кои што ги користам повластиците на оваа Влада, на домаќинското работење на оваа Влада и домаќинското работење на средства за печатење на трудови, на оригинални научни трудови во списание со импакс фактор, односно списание со влијание. Тоа се предвидени годишно по 300-тини научно истражувачки трудови да се финансираат од буџетот на оваа Влада. Но, ова е само она што имав потреба да го кажам во оној вовед дека ништо не започнува од сега. За да зборуваме за овој буџет и овие средства и зошто е вака програмиран, треба да се вратиме наназад што е до сега направено. Па за ова наназад, во 2014 година ако вкупниот буџет за образование изнесувал 17 милијарди и 584 милиони денари, оваа година е предвиден да е поголем, значи е 18 милијарди 106 милиони денари и секогаш може од оваа говорница да застане некој и да каже тоа не е ништо. Ве молам, кога зборуваме со цифри и со бројки 4% не е ништо, значи не е ништо. За тоа сакам да кажам што е планирано во однос на образованието, во буџетот во0 2015 година. Расходната категорија стоки и услуги како што кажа министерот за финансии, оваа година е планирана да е на истата висина на средствата како и минатата година заради тоа што спаѓа во помалку продуктивни расходи. Значи тоа се помалку продуктивни расходи и спаѓа во оние рестриктивни мерки, заради тоа што поголемиот дел од средствата се насочени во капиталните инвестиции, зборувам за образованието. Во расходната категорија субвенции и трансфери, предвидени се средства за стипендии до дипломски, ученички стипендии, стипендии за деца Роми, стипендии за фаму, стипендии за Шангај, изочување на старо турски јазик, стипендии Борис Трајковски, трансфери за ученички и студентски домови итн., односно предвидени се 839 милиони денари. Во категоријата на капитални расходи се предвидени изградба и реконструкција на училишта, на ученички и студентски домови, реконструкција на касарната Охрид, што веќе беше спомената изградба на објеќти за финки и факултетот за физичка култура. За оваа намена, значи за капитални инвестиции предвидени се 2 милијарди и 204 милиони денари. Во Предлог буџетот за 2015 година се предвидени изградба и реконструкција на училишта и тоа 142 милиони денари за изградба на основни училишта, за реконструкција на основните училишта се предвидени 30 милиони денари, за изградба на средни училишта 40 милиони денари, а за реконструкција на средни училишта 25 милиони денари. Предвидено е во буџетот за 2015 година и унапредување на инфраструктурните услови за високо образовните институции. Да не ги набројувам кои се за да не се повторувам со претходните говорници ќе кажам, ќе преминам дека се градат 145 училишни спортски сали. Оваа Влада води сметка за развивање на спортот и за нашите деца, за младите генерации правилно да се развиваат и да им се овозможи спортувањето исто така од оваа собраниско место е донесен законот за формирањето на спортската гимназија.

Во буџетот за 2015 година, во програмите за изградба на спорткси сали се предвидени околу 200 милиони денари, предвидени се 46 милиони денари за реконструкција на студентски домови и 5 милиони денари за опрема на студентските домови. Планирани се средства од буџетот за поддржување, за продолжување значи поддршката на меѓународните образовни програми кои што знаеме дека се веќе воведени во 2014 година, како што е Кембрич образовниот систем во Република Македонија. Каде што за

предметите математика и природни науки, нашата земја влегува во друштвото на земјите со еден од најсовремените и најкјвалитетни образовни процеси каде што и учебниците по кои што учат децата ќе бидат на нивото на велика Британија. Знаете дека од овдека го донесовме и Законот каде што Владата се обврзува за печатење на една лектира и ЦД на изворен мајчин англиски јазик, за нашите деца правилно да го изучуваат англискиот јазик.

Во 2015 година во буџетот е предвидено да се подготват наставни програми исто за математика и природни науки за од 4 до 6 одделение, зошто во 2014 година со Кембрич програмата се донесени од 1 до 3 одделение, во Буџетот за 2015 година се предвидени средства за формирање, за отворање на овој Кембрич образовен систем и за од 4 до 6 одделение. Владата на Република Македонија, продолжува во буџетот во 2015 година предвидува и продолжува и финансира научно истражувачките проекти. Продолжува да ги стипендира нашите студенти, ученици, профефсори, надвор од земјата, продолжува да вложува во научната и истражувачката мисла, но не само да им се овозможи проток на нашите студенти и на нашата научна мисла да излезат надвор од Македонија и да научат надвор, туку да ја направат Македонија поволна дестинација каде што научните истражувачки, научниците и студентите ќе доаѓаат и доаѓаат, во Македонија, каде им се нудат извонредни програми во кои што почитувани сограѓани оваа Влада континирано како што гледаме вложува. Проектот научни субвенции, не сакам да се повторувам што значи за еден научен работник, кога во буџетот се предвидени средства и дека можете во секој момент да се обратите, да аплицирате и да добиете средства и тие да ги наменски искористите, за научни цели од кои што интерес има целата Република Македонија и пошироко.

Почитувани наши сограѓани јас, бидејќи како пратеник доаѓам од општина Гази Баба, сакам да кажам и да истакнам дека и во буџетот за 2015 година се предвидени средства за продолжување на веќе она што е започнато да се гради, односно од буџетски средства во моментот на територијата на општина Гази Баба, се гради, односно се проширува патот од Стајковци до Црешево во должина од 800 метри, во тек е реконструкција на патот од населба Ченто до Стајковци. Во тек е поставувањето, односно изработката на програмата за доизградба на спортската сала во населба Ченто заедно со Агегнцијата за млади и спорт, како и поставувањето на Канализации и други инфраструктурни мрежи на територија на општина Гази Баба, секако со гордост ќе кажам дека во тек е изградбата, оваа Влада имаше слух и издвои средства за изградба на ново училиште Глигор Прличев во населбата Железара. Следејќи го тој пример, очекуваме и е предвидено од Буџетот на Република Македонија да бидат изградени уште две училишта на територијата на општина Гази Баба, односно од буџетот на Република Македонија, основното училиште Крсте Мисирков во населбата Ченто и во населбата Хиподром, основното училиште Вера Јоциќ, за кого имам сознанија дека се договара и ќинеската Влада да земе учество.

Како и да е, од сето ова сакам да го изразам своето задоволство, дека во едни вакви економскиј кризни времиња повторно да речам, надвор во опкружувањето, надвор од Македонија, макро климатските услови, значи економски не се поволни, а Македонија опстојува. Сето тоа земајќи го во предвид, јас се гордеам што сум сега овде и што сум на нашите сограѓани, можам да кажам дека оваа Влада апсолутно се грижи за своите граѓани, да го крене стандардот на живеењето, да го крене квалитетот на живеењето, мошне домаќински водејќи една одржлива, економска политика, самите по дома знаеме, буџетот кога го правиме можеби желбите ни се големи и сакаме и треба да тежнееме и имаме цел да достигнеме, така и треба. Но, во моментов овој буџет за 2015 година е донесен онака како што најидеално оваа Влада смета дека треба да се направи и го прави, за да граѓаните на Република Македонија, ги почувствуваат како што милуваме да кажеме бенефитите, односно јас сакам да кажам корист. Граѓаните, да имаат корист, а тоа е да бидеме среќни и задоволни и да имаме доверба и ја имам довербата во оваа Влада. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Јакимовска Светлана има збор, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам господине претседател.

Јас мојата дискусија ќе ја поделам на три дела, но сепак првиот дел е она што ќе сакам да го кажам во однос општо за Предлогот на буџетот 2015 година. Би се задржала на делот од труд и социјала како втор сегмент, третиот сегмент е ќе кажам три клучни проекти од општината од која што доаѓам во рамките  на градот Скопје и ќе упатам една порака на крајот од своето излагање.

Имено, почитувани колеги познато ни е дека секој буџет, е стратешки документ на било која земја, односно на било која Влада, преку кој што може да се согледаат сите стратешки цели која што ги има Владата на секоја држава, економските политики, кои што ги води во однос на управувањето со јавните финансии итн.

Владата на Република Македонија заедно со Министерството за финансии и со овој Предлог на буџет за 2015 година, како и со претеходните докажуват дека јавните финансиски средства се користат во насока на подобрување на животнот стандаред на сите граѓани во Република Македонија. Во услови  на многу неизвесности, мислам на кризата на Блискиот Исток, ризиците поврзани со кризата во Украина, случувањата во Украина, како и силни предизвици во Европската и светската економија, Владата на Република Македонија преку успешно спроведени економскиј политики и успешно управуавње со јавните финансии, покажа и дека во услови на нестабилно економско опслужување, успева да ја извлече државата од криза и во вакви околности да биде постигнат висок економски раст од 3,9%. Несомнено исто така, дека и со овој буџет ќе бидат остватрени зацртаните цели за поддршка на реалниот сектор и на стандардот на граѓаните што ќе резултира со остварување на проектната стапка од 4%.

Предлогот на буџетот за 2015 година, содржи развојна и социјална компонента. Планираните расходи се во функција на поддршка на растот на македонската економија и тоа: под 1. -  Преку инвестирање во значајни инфраструктурни проекти. Под 2. - Одржување на социјална сигурност и стабилност  и по 3. - Подобрување на економската положба и животниот стандард на населението. Вкупните приходи во буџетот за 2015 година, како што можевме сите да видиме во материјалот, се планирани на ниво од 163 илјади и 280 милиони денари, а расходите на ниво од 181 илјада 777 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со буџетски дефицит во износ од 3,5% БДП, но, мора да кажеме дека истиот дефицит во 2014 година изнесуваше 3,9% од БДП. Значи се планира за 0,4% помал дефицит. Утврдените проекти на Предлогот на буџетот за 2015 година, обезбедуваат поддршка на македонската економија која ќе резултира пак од друга страна во доменот на инвестициите, субвенциите, пензиите, платите и социјалните надоместоци. Приходите се проектирани во услови на задржување на ниски даночни стапки, кои пак придонесуваат за стимулирање на бизнисот и јакнење на даночната дисциплина, а расходите пак се планирани во функција на редовно и навремено исполнување на сите законски обврски и продолжување на започнатите инфраструктурни проекти.

Во изминатите години почнувајчи од 2006 година, наваму Владата реализираше многу значајни проекти кои се од интерес на граѓаните, кое што не е на одмет да ги потсетиме и ние да се потсетиме, и тоа: обезбедена визна либерализација за граѓаните на Република Македонија. Намалени даноци. Компјутер за секое дете, зголемени пензии, зголемени плати за вработените во администрацијата и социјалната помош. Субвенции за електрична енергија за ранливи категории на граѓани. Изградени многу водоводни мрежи, канализациони, фекални и атмосферски канализации, изградени нови основни средни училишта, реконструирани основни и средни училишта, изградени детски градинки, социјални станови, реконструирани и изградени јавни здравствени установи, набавка на голем број на медицинска опрема за јавното здравство. Имплементација на здравствената електронска картичка, ПЕТ центарот во Скопје кој што ќе биде регионален центар, познат во опкружувањето, можеби и по широко. Изградба на амбуланти во рурални средини. Изградени локални и регионални патишта, доделени субвенции во земјоделството и многу, многу, други развојни проекти.

Се поставува прашањето која е стратешката цел на Владата? Впрочем и на било која влада. Едноставно тоа е економскиот раст и зголемување на вработеноста како предуслов за подобрување на животниот стандард на сите граѓани во државата. Економската

политика која ја спроведуваше Владата во изминатиот период и продолжува и понатаму да ја спроведува се базира на два столба и тоа под еден, зголемување на обемот на капитални инвестиции и под два, привлекување на странски директни инвестиции. Предуслов за привлекување на директни странски инвестиции беше креирањето по бизнис клима, преку водење на политики на ниски даноци и развој на технолошко индустриски развојни зони, во повеќе градови шриум државата. Се спроведоа реформи во повеќе области кои што позитивно беа оценети од меѓународни институции. Клучни цели кои треба да се постигнат, пред се, се зголемување на производството и извозот, а намалување на невработеноста и подобрување на животнот стандард на граѓаните, понатаму, развој на земјоделството и заштита на ранливите категории на граѓани.

Исто така, во Предлогот на буџетот за 2015 година предвидено е покачување на платите за вработените во администрацијата за 4%, што впрочем и ние тука како Собрание направивме измена и дополнување на Законот, кој што ја регулира оваа материја. Понатаму, пензиите и социјалната помош се планира да се зголемат за 5%. Добро е да се потсетиме дека просечната пензија во февруари 2014 година изнесуваше 12.445 денари, што претставува зголемување од 62% во споредба со просечната пензија во 2006 година, кога истата изнесуваше 7683 денари.

Еден од најдобрите проекти кој што е наменет се разбира за пензионерите е бањско климатската рекреација кој што започна да се реализира токму во 2010 година и заклучно со 2013 година услугите од овој проект ги искористија вкупно 22 илјади и 155 корисници на пензија. Во 2014 година со овој проект беа опфатени 5.500 корисници, а истиот ќе продолжи и во текот на 2015 година. За бесплатниот туристички викенд за пензионерите во 2015 година се предвидени 8 милиони денари. Во делот на социјалните трансфери планирани се средства за социјален надоместок во случај на невработеност. Приоритет на Владата претставува грижата за најранливите категории на граѓани па притоа со Проектот Субвенционирање на сметка за електрична енергија на социјално загрозени семејства во 2014 година биле издвоени 79 милиони денари и истиот проект ќе продолжи да се спроведува и во 2015 година за кој што се предвидени 81 милион денари. Исто така во буџетот за 2015 година планирани се средства за бесплатен одмор и рекреација на 3 илјади деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток. Се издвојуваат буџетски средства и за Проектот Бесплатна рехабилитација и рекреација на деца и младинци со пречки во развојот и телесниот инвалидитет за 1000 корисници кој ќе се реализира во текот на 2015 година. Нова мерка која ќе се спроведува од идната година е надоместокот за деца со Даунов синдром. Со Предлог буџетот за 2015 година за оваа мерка се предвидени 2 милиони и 620 илјади денари. За Проектот Сместување во згрижувачки семејства се предвидуваат средства повисоки за 25% од претходната година, а исто така од 25% се предвидува и зголемување за надоместокот за материјално необезбедени лица. Износот на средствата за правото за посебен додаток за корисници самохрани родители кои имаат дете со специфични потреби и кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години, во Предлог буџетот за 2015 година оваа стаска ќе се зголеми за 50%. Значителни средства се издвојуваат и за помош на децата без родители како и за имплементација на програмата Декада на Ромите, изградба на детски градинки во повеќе населени места ширум државата. Со Предлог буџетот за 2015 година предвидени се средства за спроведување на мерките за намалување на сиромаштијата. Со Стратегијата за економски развој знаеме се создаваат услови за подобрување на бизнис климата и поддршка на приватниот сектор. Во таа насока е и проектот за самовработување со кредитирање кој ќе им помогне на лицата кои што сакаат да започнат сопствен бизнис и кои ќе можат да вработат и други лица. Максималниот износ на кредитирање за овие лица е предвиден да изнесува до три илјади евра со грејс период од една година и каматна стапка од 1% со рок на враќање од две години. Во периодот до 2008 година сакам да напоменам до 2013 година со овој проект беа опфатени 5219 лица а се реализирани 2945 вработувања. Мојата препорака би била да биде што поголема промоцијата на овој проект за подобро запознавање на граѓаните со можностите кои истиот ги нуди. И во 2015 година може да видиме дека же продолжат проектите за подобрување на семејствата со социјален ризик. Особена поддршка се дава

на децата без родители кои полнат 18 години со цел да им се реши станбеното прашање. Опфатени се лица со инвалидитет при што се формирани дневни центри за различни категори на ранливи лица. Со донесување на Стратегијата за спречување на семејното насилство од 2012 до 2015 година формирани се советувалишта за родители и деца кои се жртви на семејното насилство, отворени се центри за жртвите од семејно насилство, советувалишта за сторители на семејно насилството во рамките на јавните установи при центрите за социјална работа во Република Македонија, формирани се патролни и социјални центри итн. Би сакала да потенцирам дека со овој буџет и општината како што и на почетокот споменав се планирани три ќе ги напомнам но врвни проекти и за општина Кисела Вода во рамките на градот Скопје, тоа е капиталниот проект за изградба на канализационата мрежа кој ќе ги поврзува новата населба Сончев град кој што е на територијата на општина Сопиште но кој што ќе поминува низ општината Кисела Вода и општината Аеродром. За овој капитален проект од исклучително значење е за сите граѓани кои што живеат на овие простори предвидени се некаде околу 5 милиони евра. Исто така меѓу големите проекти е проектот завршување на третата фаза на булеварот Борис Трајковски кој што е во надлежност на градот Скопје и дел општината Кисела Вода. И од големо значење е проектот за реконструкција и ревитализација на многу руинираниот дом за култура кој што е при крај од завршната фаза која што ќе биде навистина едно културно катче за така голема општина во рамките на градот Скопје.

На крајот сакам да потенцирам дека сите досега реализирани проекти како и проектите кои Владата планира да ги реализира во текот на 2015 година се уште еден доказ дека јавните финансиски средства се користат за подобрување на животниот стандард на граѓаните. Па оттука неприфатливи за мене се тврдењата на опозициската СДСМ кои што не се присутни во Собранието меѓутоа некој пат срамежливо ќе се појави на некоја прес конференција па ќе спомене дека овој буџет не е развоен туку е за преживување, дека нема да го стимулира приватниот сектор, ниту ќе има некакво придружување на економијата и дека Владата не се грижела за граѓаните. Јас би им порачала токму од оваа говорница добро би било СДСМ да не изнесува разни невистини во јавноста туку да ги поддржи сите проекти кои се во интерес на Република Македонија односно во интерес на граѓаните на Република Македонија и да си дојде на оние пратенички места за кои што граѓаните гласале. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Цуклев Драган, повелете.

**Драган Цуклев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Пред нас е уште еден буџетски документ Предлог буџетот за 2015 година кој што Владата го концепира во услови на непредвидливо надворешно опкружување. Имено заздравувањето на европската економија не го има очекуваниот интензитет особено по ескалацијата на кризата во Украина и блокадите во надворешна трговската и севкупната економска размена помеѓу европските држави од една страна и Русија од друга страна. Меѓутоа Владата на Република Македонија преку успешното управување со јавните финансии покажа дека и во услови на должничка криза во Европа во услови на намалена екстерна побарувачка знае да ја извлече економијата и со најмалку последици од кризата и да оствари во такви услови стапки на раст кои што се едни од највисоките во Европа. За очекување е дека со активната економска политика на Владата преку буџетот како најзначаен инструмент на економската политика дека со поддршката на реалниот сектор и на стандардот на граѓаните ќе биде остварена очекуваната стапка на раст од 4% за 2015 година. Предлог буџетот за 2015 година е резултат на остварувањето на економијата во изминатите години и на оваа година и она што се планира да се оствари во идната година. Кога станува збор за остварувањето на економијата во изминативе години особено треба да се потенцира активната економска политика на Владата во делот на постојано држење на високо ниво и покачување на капиталните инвестиции во буџетот како на планираните во буџетот така и високиот процент за нивната реализиција кој што овозможи постојан раст на градежништвото и работа за градежните работници и работа за многу мали и средни

претпријатија кои што го опслужуваат истото. Преку политиката на привлекување на странски директни инвестиции отварање на технолошко индустриски развојни зони и индустриски зони како и политиката на поддршката на македонскиот реален сектор преку пласирање на евтини меки кредити преку Македонската банка за поддршка на развојот, овозможен беше раст и на приватните домашни и странски инвестиции, не само на капиталните инвестиции финансирани од буџетот. Во услови на криза не да не изостануваше меѓутоа постојано се зголемуваше поддршката на земјоделието преку директините плаќања на субвенциите така и преку проекти финансирани од Агенцијата за рурален развој. Активната економска политика не изостана ни кога е во прашање стандардот на граѓаните преку покачувањето на социјалните трансфери и на пензиите со што се одржуваше личната потрошувачка на одредено ниво. Ефект за одржувањето на високо ниво на личната потрошувачка секако има и инвестициите на домашните компании, странските директни инвестиции кои што ја зголемуваа вработеноста, кој што имаше дополнителен импулс врз растот на личната потрошувачка. Сите овие економски движења позитивни во овој период на нестабилно опкружување и во услови кога се случуваше стагнација и негативен тренд во економиите во Европа се оствариja без никакво зголемување на даноците. Наспроти тоа Република Македонија одржува најниски даноци во Европа и тие останаа на тоа ниво и некои се намалија без разлика што најголем дел од европските држави посегнаа кон зголемување на даноците, кон намалувањето на платите во јавниот сектор, намалувањето на пензиите и останатите социјални трансфери. Имено ако земемо за данокот на ДДВ од кој што се остваруваат најголем дел од даночните приходи ако тргнеме од 2006 наваму имаме постојано проширување на повластената даночна стапка од 5% што директно значи намалување на стапката на ДДВ за прометот на тие производи од 18 на 5%, значи од првата седница на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата од 2006 кога беше намалено ДДВ-то за земјоделски материјали и механизација преку намалувањето на ДДВ-то за лекови и медицински потрошен материјал и ортопедски справи па преку намалување на ДДВ-то за комунални услуги како што е водата за пиење и останатите комунални услуги, намалување на ДДВ-то за водата за наводнување за компјутери за соларни колектори и како што беше ветено во предизборната програма оваа година да се случи намалување на ДДВ-то и за бебешки производи, училишен прибор, сточна храна и адитиви за сточна храна. Меѓутоа не смееме и да го заборавиме фактот дека Република Македонија има најниски даноци кога се во прашање персоналниот данок на доход и данокот на добивка. Имено доходот на граѓаните до 2006 се оданочуваше на три нивоа со така наречено прогресивно оданочување со стапки на оданочување од 15, 18 и 24% за да од 2007 година се воведе пропорционална стапка од 12%, а од 1.1.2008 година од 10%. Слично е и со данокот на добивка кој што 2006 добивката се оданочуваше со стапка од 15% за да од 2007 се воведе 12%, а од 1.1.2008 година 10% за оданочување на добивката. Ваквите пониски даночни стапки не значеа и намалување на приходите во буџетот. Наспроти тоа приходите во буџетот постојано растеа што значи дека во прашање е зголемување на даночната дисциплина и неселективноста во прибирањето на даноците. Имено во ребалансираниот буџет за 2014 година приходите во буџетот се 134% повисоки од оние 2005, а во буџетот за 2015 речиси се 150% во соодносс со приходите во буџетот во 2005. Ако се земе соодносот како релативен показател буџетски приходи, бруто домашен производ ќе видиме дека тој соодноc во 2005 бил 34,2% значи буџетските приходи носеле 34,2% од бруто домашниот производ, а во 2013 се 30,6% од бруто домашниот производ. Ова ја фрла во вода постојаната теза на опозицијата дека со буџетот се оптоварува претерано реалниот сектор и граѓаните. Очигледно работата лежи во намалувањето на даночната инвазија, во зголемувањето на фискалната дисциплина и зголемување на бруто домашниот производ. Во оваа 2014 година продолжи растот на економијата. Имено во првиот квартал е остварена стапка на економски раст од 3,9% а во вториот квартал 4,3% што е втор најголем економски раст во Европа. Раст имаме кај градежништвото вообичаено двоцифрен раст од 13%, меѓутоа индустријата расте со 4%. Годинава продолжува реализацијата на неколкуте инфраструктурни проекти започнати уште изминатата година како и планираните инфраструктурни проекти во идната година кои што даваат за право дека и понатаму градежништвото и индустриските гранки кои што го образложуваат истото

ќе имаат понатамошни стапки на раст. Продолжува високото ниво на капитални инвестиции финансирани од буџетот на ниво од 344 милиони евра, меѓутоа значаен инвестиционен циклус имаме финансиран преку Јавното претпријатие за државни патишта. Имено како што знаеме во тек е реализацијата на Коридорот 10 вреден 210 милиони евра во должина од 28,2 км на делницата Демир Капија -Смоквица каде што физичката прогресија на самиот проект е повеќе од 50% кој што е финансиран од средства од Европската банка за обнова и развој, Европска инвестициона банка, ИПА фондовите и до буџетот. Меѓутоа преку кинескиот заем се финансира изградбата на делниците Миладиновци-Штип и Килево-Охрид што изградбата на овие автопатски делници кои што се реализираат во моментов значат изградба на автопатна мрежа која што е всушност 60% од вкупната автопатна мрежа изградена во Република Македонија 60 години наназад. Значајно е да се спомене дека продолжува изградбата на други автопатски делници како и изградба на експресни регионални патишта во изградба на патна и железничка инфраструктура Македонија во наредниве години планира да инвестира повеќе од милијарда евра. Не се заостанува ниту инвестициите во железничката инфраструктура. Имено продолжува реконструкцијата преку Македонски железници инфераструктура реконструкцијата на Коридорот 10 како интензивирање на изградбата на пругата спрема Бугарија преку Акционерското друштво во државна сопственост МЖ Транспорт. Годинава треба да пристигнат првите патнички и товарни вагони што е многу битно за подобрување на конкурентноста на македонскиот железнички сообраќај особено на товарниот сообраќај во услови на значајни кинески вложувања во пристаништата кај нашиот јужен сосед и Македонските железници во таква ситуација ќе бидат конкурентни за продор на таа стока до Средна и Источна Европа.

Меѓутоа не заостануваат ни инвестициите кои што го одбележаа овој период и во областа на здравството, во образованието, подобрувањето на студентскиот стандард, инаку сведоци сме дека после 40 години за прв пат се реновира студентскиот дом Гоце Делчев, во областа на здравството најзначајни проекти се Клиничкиот центар Мајка Тереза, Дијагностичкиот центар во Тетово, Клиничката болница во Штип како и изградбата на ПЕТ центарот. Не заостанува ни изградбата на нови детски градинки, спортски сали, училишта, итн.

Значаен амбициозен циклус за кој што зборуваше особено колегата Љупчо Домовски сега колега пратеник, поранешен министер за земјоделие, од 2015 започнува во областа на водостопанството, имено по 12 милиони евра се планирани во наредните 4 години за рехабилитација на повеќе водоснабдителни системи, изградба на четири големи хидроакумулации. Во овие рамки би сакал да ја поздравам иницијативата на Владата за формирање на државно акционерско друштво за водостопанство. Меѓу четири големи хидроакумулации се и хидроакумулацијата Конска Брана која што трајно треба да го реши проблемот со водоснабдувањето и со вода за пиење и со вода за наводнување не само на општина Гевгелија туку и на соседните општини Богданци и Дојран и да овозможува пред услови за полнење на Дојранското езеро по природен пат.

Често пати колегите од опозицијата кога беа присутни во Собранието се обидуваат да исцртаат некако локални граници на капиталните инвестиции во Буџетот и пратеник од одреден регион да каже дека во овој Буџетот нема ништо предвидено за овој регион од каде што доаѓа тој пратеник. Меѓутоа најголем дел од капиталните инвестиции финансирани од Буџетот или преку државните претпријатија, инфраструктурни претпријатија или претпријатијата во област на енергетската инфраструктура немаат локално значење, но имаат значење за цела држава. Така не може да се каже дека Клиничкиот центар Мајка Тереза е битен само за Скопје или Клиничката болница во Штип е битна само за Штип или ареената Филип Втори е само за Скопје. Меѓутоа да ја сведеме дискусијата на типично такво однесување на така локални рамки би кажал дека во регионот од кој што доаѓам од општината Гевгелија се случува незапамтен инвестиционен циклус, значи покрај изградбата на Конска Брана каде што процедурата е до втора фаза на тендерска постапка, на 17 септември исто беше објавен јавен повик за рехабилитација на делницата Смоквица-Гевгелија, рехабилитација и проширување на оваа делница всушност што автопатската мрежа во Македонија ќе биде целосно заокружена на ниво на автопат.

Ако на ова се додаде и тоа дека делницата Демир Капија - Смоквица е пола на територијата на Гевгелија, ако  и на тоа плус го додадеме изградбата на пречистителната станица која што најголем дел е финансирана од швајцарската агенција секоја изградба во Гевгелија која што деновиве треба да се отпочне со поставување на камен темелник. Станува збор за еден инвестиционен циклус кој што е незапамтен во општина Гевгелија.

Сега на кратко би сакал да се задржам на говорот на колешката Солза Грчева како единствен пратеник од опозицијата кој што се вклучи во денешнава расправа во Буџетот, жалам што не е тука, имено таа сакаше да го намали значењето на позитивните резултати на оваа Влада сакајќи да го спореди стандардот на Македонија со стандардот на најразвиените држави. Никој од колегите пратеници, ниту министерот за финансии не спомна дека Македонија има животен стандард или плати повисоки од Германија и Швајцарија. Меѓутоа за да ја оцениме работата на оваа Влада мораме да направиме компаративни анализи со тоа како е раководена оваа држава кога некоја друга влада ја водела оваа држава пред 2006 година и какви се движењата во Македонија во услови на економска криза и државите во Европа. Факт е дека Македонија во услови на криза остварува позитивни економски резултати, во услови кога во тие држави имаме стагнација или пад на економијата. Меѓутоа, не може животниот стандард на граѓаните да се смени една, две, три, пет или не знам колку години.

Колешката Грчева ги критикуваше и влезот на странските директни инвестиции и ниската плата во тие глобални компании кои што отворија неколку десетици илјади вработувања во Република Македонија. Меѓутоа нема друг начин на зголемување на платата особено во приватниот сектор аирливата рака на пазарот. Значи подобрувањето на соодносот понудата и побарувачката и зголемена понуда на работни места е оној момент кој што носи кон зголемување на платите на вработените.

Колешката спомна дека овој Буџет е Буџет за да ги направи богатите побогати, а сиромашните посиромашни преку капиталните инвестиции во Буџетот. Нешто што воопшто не држи место затоа што ако оваа Влада не водеше сметка за најсиромашните слоеви немаше да ги зголеми социјалните трансфери, немаше да ги зголемува пензиите и тоа баш најниските пензии за цели 60% нешто што прв пат се случи да пониските пензии бидат зголемени со повисок процент во споредба со оние средно и високо ниво на пензии. Немаше да обезбеди ни бесплатен превоз за учениците, ни бесплатни учебници, ниту намалување на студентските трошоци. Немаше да обезбеди ни намалување на ДДВ-то за лекови нешто што имаше стапка 5% до 2002 година, Владата на СДСМ го зголеми ДДВ-то за лекови на 18%, за да оваа Влада од 2006 година пак го намали на 5%. Е тоа е разликата меѓу оваа Влада и владите кои што ја предводеа оваа држава пред 2006 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Данев Драган има збор, повелете.

**Драган Данев:**  Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е Предлог Буџетот за 2015 година документ во чија имплементација во најголем дел ќе зависи во која насока ќе се движи македонската економија во наредната буџетска година. Проектирањето и проекцијата на Буџетот за 2015 година визави економските текови, економскиот раст оставен во тековната 2014 година кој морам да потенцирам иако во одредени политички и т.н. експертски кругови како факт се премолчува, но сепак е втор најголем во Европа и истиот е 4% даваат сериозна сигурност во реализацијата на вака предложениот Буџет од страна на Владата на Република Македонија. Како пратеник избран од граѓаните на Република Македонија поточно од избирачите од Изборна единица 1 најмногу од се ме интересира, а ќе се обидам тоа и најпластично да им го удоволам на моите сограѓани, што е тоа во предложениот Буџет кој ќе ни го олесни секојдневниот живот или попрецизно ќе го подобри нашиот животен стандард и ќе даде дополнителен квалитет во живеачката на секое семејство во нашата држава.

Прво, граѓаните на Република Македонија вклучувајќи се и самиот себе можат апсолутно да бидат сигурни дека во наредната 2015 година ќе живеат во држава чија економија ќе се

движи напред бидејќи проекцијата од 4% раст на БДП, дефицит од 3,5% и предвидената инфлација од максимум 2% се гарант за еден стабилен развој и се параметри кои би посакале да можат да ги проектираат во своите буџети многу побогати и поразвиени држави од Република Македонија, визави економските и политичките прилики во Европа и во светот. Имајќи во предвид дека веќе подолго време се дебатира на оваа тема нема детално да навлегувам во структурата на приходите и расходите од проектираниот Предлог Буџет. Дојде момент, навистина ми остави посебен впечаток и би сакал истиот да го споделам и со стручната јавност и со граѓаните на Република Македонија. А тоа се: расходите предвидени со овој Буџет наменети, потенцира, со плати компаративно со расходите за капитални инвестиции. Имено, за плати со Буџетот од 2015 година предвидени се 397,5 милиони евра, додека за капитални инвестиции предвидени се 344,9 милини евра. Иако сеуште и во буџетската 2015 година дел од расходите за плати е поголем од делот за расходите за капитални инвестиции, сепак ако направиме споредба со проектирани и реализирани буџети во други претходни буџетски години кога истите ги планирале други влади од сега опозицискиот политики корпус, ќе дојдеме до интересен податок кој вели како за илустрација, во буџетската 2014 година за плати биле предвидени потенцирам три пати повеќе средства отколку за капитални инвестиции. Тоа е сигурно еден доста релевантен податок кој недвосмислено покажува и докажува која влада проектира и реализира развојни буџети со огромни ставки во делот на капитални инвестиции наспроти владите во чии буџети едвај се собираа средства за исплата на плати, а за сериозни капитални инвестиции воопшто не стануваше збор. Но да нема недоречености токму со овој Предлог Буџет се предвидува и зголемување на платите на целата администрација за 5% со октомвриската плата и истовремено е калкулирано овогодишното зголемување од 4% со платата која администрацијата ќе ја добие овој ноември, а всушност е октомвриската. Средствата обезбедени за капитални инвестиции се гарант дека 2015 година Република Македонија ќе доживее вистинска градежна експанзија како што нашите генерации не паметат, а која што всушност веќе е започната. Некои кругови во недостиг на аргументи исто така ја нарекуваат градежен хаос. Јас ќе се прашам заедно со граѓаните на Република Македонија дали изградбата на три автопата и тоа првиот Миладиновци - Штип, кој е пуста желба и потреба на цела Источна Македонија и експлицитно главно барање на бизнис секторот од тој дел на државата е градежен хаос. Дали автопатот Кичево - Охрид кој сам по себе значи сериозно подобрување на условите на квалитетен туризам е градежен хаос, а да не зборува за делницата Демир Капија - Смоквица за која се изнаслушавме приказни од многу стручни лица, нормално во наводници, колку е тешко да се гради тој дел од автопатот дури и невозможно, бидејќи теренот бил непристапен и за целата таа инвестиција замислете требало многу пари. Но ете се најде Влада и луѓе во неа посветени на работата, обезбедија средства и таа делница со полна пареа веќе се гради.

Од капиталните инвестиции за мене од огромно значење се средствата обезбедени за гасификација на државата. А ова е од исклучително значење за граѓаните од мојата изборна единица поточно од градот Скопје и поширокиот регион, вклучително и општината од која доаѓам, општина Аеродром и за граѓаните во неа ќе биде нов бенефит и ќе придонесе во поголема мера за поквалитетен живот.

Не е апсолутно за потценување и проектот за реконструкција, обнова, изградба на многу регионални и локални патни правци кој е веќе во завршна фаза и истиот во голема мера ги решава проблемите и на граѓаните и на бизнис заедницата во секојдневните комуникации и транспорт.

Буџетот за 2015 година предвидува и значителна сума за изградба и реновирање на нови или постоечки водоводи, канализациони мрежи, мали локални патишта кои за жителите од некои населени места на секаде низ државата се вистинско богатство и значат живот. Ние како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ посетувајќи ги жителите на овие мали населени места што впрочем можеше да се забележи и почувствува токму при тековните посети кои се во полн ек, ги нотираме проблемите на овие наши сограѓани и бараме нивното решение и фактични да биде или веднаш или веднаш исполнето или да се предвиди во наредниот државен или општински буџет.

Така веќе со сигурност може да се каже дека жителите на Долно Лисиче со средствата предвидени од Буџетот за 2015 година ќе добијат детален урбанистички план и можност за нови градежни парцели во атарот на истото населено место. Впрочем, со средства од претходните буџети изграден е и патот Долно - Горно Лисиче, а со заеднички средства од Буџетот на Република Македонија градот Скопје и општина аеродром, граѓаните на Горно и Долно Лисиче добија фекална канализациона мрежа, препуктна станица и тоа е еден навистина огромен и значаен проект. Веќе со сигурно знам од неодамнешните разговори со граѓаните на општина Сопиште што всушност за нив значи канализациона мрежа која ќе се изгради за потребите на Сончев град, но ќе го апсолвира и нивниот проблем, а воедно ќе го реши и проблемот со фекална канализација на неколку населени места во општина Кисела Вода. Искрено се надевам дека со ова канализационо решение веќе и непријатниот мирис што се ширеше со години во населените места населба Лисиче и Горно Лисиче ќе биде минато и дефинитивно со проблемот со т.н. Бучјански канал ќе биде затворен.

Почитувани колеги, како пратеник кој долги години беше активен учесник во образовниот систем на Република Македонија не можам а да не потенцирам и во оваа прилика што се оваа Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ заедно со локалните самоуправи направи за помодерен, подостапен и поефикасен образовен систем. И со проекциите за Буџетот за 2015 година средства се обезбедени за бесплатни учебници и бесплатен ученички превоз и многу интересно овие бенефици за сите граѓани на Република Македонија веќе се сметаат за веќе вообичаено и секојдневно. И со овој Предлог Буџет предвидени се 142 милиони денари за реконструкција на основни и средни училишта. Се надевам на реконструкција на основното училиште Блаже Конески и на основното училиште Димитар Македонски во мојата општина Аеродром, која реконструкција комбинирана со инвестициите што општината ги планира во својот Буџет за 2015 година и морам да потенцирам со веќе претходно реализираните огромни проекти во сите основни училишта од страна на градоначалникот и Советот на општина Аеродром вклучувајќи ја изградбата на новото основно училиште Александар Македонски убеден сум дека сите основни училишта без исклучок во општината ќе претставуваат навистина пријатни катчиња во кои учениците со задоволство и радост ќе стекнуваат нови знаења и пријателство. Се надевам искрено и дека планираната детска градинка во Горно Лисиче што се предлага со Буџетот од 2015 година ќе биде реалност.

Не можам а да не ја поздравам адаптацијата и преводот на Кембрич наставните програми и учебници по математика и природни науки кои во учебната 2015 година предвидено е да се прошират и на учениците од четврто до шесто одделение. Ова е уште еден доказ дека за оваа Влада нема проблем што не се детектир и не се настојува со сите сили да се реши. Имено ова е според мене вистински чекор во решавање на проблемот што нашите ученици веќе со години го имаат со предметот математика и неговите сродни предмети. Ова суштински не е само училишен проблем, туку напротив, многу поширок општествен проблем без чие вистинско решение односно без поголем број ученици со развиени математички способности Република Македонија не може да се надева на квалитетен технички кадар кој е главен предуслов за нови квалитетни странски инвестиции и вистински развој на реалниот сектор во нашата држава. Во таа насока апсолутно го подржува воведувањето на Ај-Би програмата во основните училишта и обезбедување буџетски средства за нејзина имплементација.

Почитувани пратеници, доаѓам од општина Аеродром општина со значителен број на пензионери според мои некои сознанија околу 10 илјади и моја должност како пратеник, но и како сограѓанин е да го потенцирам делот на Буџетот кој нив најмногу ги интересира, а тоа е како и до сега така, и со Предлог Буџетот за 2015 година предвидено е да се оствари зголемување на пензиите во октомври идната година, но не треба да се забораваат и сите веќе воспоставени бенефиции кои се во функција на олеснување на животот на секој пензионер во нашата држава како на пример бесплатните автобуски превози, престојот во бањи, итн.

И социјалните трансфери ќе бидат зголемени во јуни 2015 година и тоа е уште еден доказ дека Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ предвидува и посакува подобар животен стандард апсолутно за сите категории граѓани.

На крај, можам со сигурност да констатирам дека предложениот Буџет ќе обезбеди сигурен економски раст за Република Македонија, а за речиси секое македонско семејство подобар животен стандард и дополнителен квалитет во секојдневниот живот. Затоа вака предложениот Предлог Буџет за 2015 година недвосмислено ќе го поддржам и истовремено ја подржувам и охрабрувам Владата на Република Македонија во неговата реализација.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Тренов Ромео, повелете.

**Ромео Тренов:** Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници, почитувани граѓани.

Јас не би говорел за макроекономските показатели бидејќи сметам дека голем делод пратениците ја опфатија таа тема и најголем дел од нив веќе образложија дека Република Македонија се движи во добра насока, јас на тој дел од Буџетот само би констатирал дека проекциите за растот на бруто домашниот производ, проекциите за инфлацијата и сите други проекции кои се за 2015 година обезбедуваат квалитетно и ефикасно управување со јавните финансии и фискална дисциплина и одржливост. Она што јас ќе говорам е развојот на руралните срединитe, развојот на земјоделството, и секако подобрувањето на животот на граѓаните кои што живеат во руралните средини. Јас лично сметам дека руралните средини се иднината на македонското општество, не само во развојот на земјоделието кое и стана трет сектор после индустријата и услугите, туку сметам дека вистинската иднина се точно во тие средини, можеби за некои ова звучи нереално, но јас сметам дека конзервативните места каде што луѓето на еден друг начин му пристапуваат на начинот на живот, имаат друг животен стил, всушност се иднината на секоја нација вклучувајќи ја и нашата нација.

Она што сакам да го кажам е дека не треба ние да ја повториме грешката од претходниот систем кога големи средства се вложуваа исклучиво во градовите, а селата беа оставени без патишта, без канализации, без водоводи и луѓето кои живееле во тие населени места во целост се иселуваа и голем број од македонските села останаа без ниту еден жител и сега тие села се само посетувани од некои случајни минувачи или ако има некој верски празник па да се собираат оние кои што имаат потекло од тоа село и на тој начин се сеќаваат на некои минати времиња. Со таа грешка која што беше направена се ослабна производството, земјоделското производство, голем број од селаните ги напуштија своите огништа и заминаа во градовите каде што имаше подобар, и се уште има подобри услови за живот, станаа новопечени граѓани и на тој начин се зголеми и конкуренцијата на работната сила, а во текот на транзицијата се сеќаваме што се случи, голем број од тие работници останаа на улица и тоа грешка по грешка, продолжуваше да се повторува. Во контекст на ова јас би сакал да констатирам, со задоволство дека Владата на Република Македонија вложува огромни напори и има издвоено голем број на средства, само со директните плаќања за субвенции, Владата на Република Македонија во периодот од 2006 до 2014 година има исплатено 780 милиони евра, само за субвенции, а планирани се 150 милиони за 2015 година што е огромна сума на средства.

Што се однесува до програмата за рурален развој би кажал дека во таа програма која што е достапна, Владата обезбедува еден мал милион проекти во кои што може да се најде секоја општина во Република Македонија и преку таа програма може да се финансираат голем број на проекти кои што ќе ги подобрат условите за живот на граѓаните кои што живат во руралните средини. Ова што го говорам не е никакво политизирање или демагогија, ова ќе го потврдам со конкретни проекти, ќе говорам за четири општини, за регионот од кој што јас доаѓам иако во таа програма се спомнати сите општини, буквално сите општини и мислам дека секој може да се најде во таа програма за рурален развој.

Би говорел за Ново Село, Босилово, Василево и Струмица. Најпрвин би почнал со изградбата на водоводот во Старо Коњарево, проект кој е во многу напредна фаза, ова се проекти кои или се во изработка, или ќе се изработуваат, односно ќе се градат во 2015 година. Значи, изградба на водоводот во Старо Коњарево, изградба на канализација во

Ново Коњарево и тој проект веќе е доста во напредна фаза и очекувам набрзо да биде завршен, реконструкција на водовод во Сушица и замена на азбесните цевки. Во консултации со градоначалникот имам информација дека проектната документација за оваа инвестиција е во целост завршена и дека е подготвено за аплицирање. Понатаму, има изградба на нов зафат на вода од водопадот до таложникот во Колешино, реконструкција на водоводот во Дражево, реконструкција на водовод во Борисово, изнаоѓање на метод за зафат на вода од планината Огражден за потребите на Ново Село, асфалтирање на улиците низ цела општина Ново Село, сега не би ги читал улиците една по една, изградба на парк во Ново Село. Паркот е при крај, но исплатата согласно проекциите, дел е исплатена, дел ќе се исплати во 2015 година, но овој проект е речиси готов. Уредување на Мокринските извори исто и тоа е во многу напредна фаза и очекувам многу бргу да се пушти во употреба. Понатаму, изградба на локален пат Бориово - Еднокуќово, изградба на мост кај Радово, почнување на изградба на локален пат Радово - Босилово. Таму средствата се обезбедени, очекувам многу бргу да почне со реализација тој проект. Реконструкција на водовод во Дрвош, плоштад и шеталиште во Иловица, изградба на фекална канализација во Пиперово и Ангелци, значи, тој проект е во доста напредна фаза, улица во Дукатино, изградба на мост на Новомаалска река, изградба на локален пат Сачево Тирс - Свидовица. Со завршувањто на изградбата на локалниот пат од Сачево до М6 ќе отпочне изградба на овој пат кој што сега го спомнав и со тоа се поврзува Сачево заедно со Тирс Свидовица, со што се овозможува граѓаните да... тоа е многу блиску меѓутоа треба многу да се кружи, со ова решение ќе се помогне многу на граѓаните.

Понатаму, имаме изградба на улици во Пиперово и Добрешинци, изградба на локален пат од водопадот до Габрово и уште многу, многу други проекти кои што се дел од оваа програма за рурален развој. Јас би упатил во оваа прилика еден апел до сите градоначалници, не само за овие општини кои што сега говорев, туку за цела Македонија да ги подготват проектните документации, да ги подготват и да аплицираат на огласот кој што треба при крајот на овој месец да излезе за програмата за рурален развој како не би се довеле во ситуација средствата кои се обезбедени со Буџетот да не бидат реализирани.

Исто така и преку други проекти кои не се од програмата за рурален развој се финансираат голем број, има голем број на инвестиции, како на пример изградбата на двојното тениско игралиште во Ново село, такво едно слично се гради и во Ангелци, понатаму, има градба на голем број на повеќенаменски игралишта, фудбалски игралишта и така натаму, се со цел да се подобрат условите за живот на граѓаните во руралните средини. Јас би спомнал нешто и за буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и за другите буџети на сродните органи. Оваа година имаме рекордно, речиси дупло повеќе, поголем буџет на Министерството за земјдоелство, шумарство и водостопанство кој чини некаде околу 900 милиони денари, како што кажав, што е речиси двојно повеќе од минатата година. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството со седиште во Битола има вкупен буџет од 71 милион и 234 илјади денари, Управата за хидрометеоролошки работи има 101 милион, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој оваа година изнесува 8 милијарди, внимавајте, 8 и пол милијарди денари што е огромна сума. Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство изнесува 408 милиони денари. За оваа Агенција можам да дадам само пофални зборови, бидејќи оваа година спроведе голем број на проекти и можам да кажам дека е една од најактивните во земјата и секако, би дал само пофални зборови и за директорот и за целиот тим кој што таму работи на подобрување на здравјето и на храната и на животните. Државниот инспекторат за шумарство и ловство оваа година има вкупен буџет од 115 милиони 920 илјади денари и Државниот инспекторат има 18 милиони денари. Има нешто во мене лично што многу ме радува, а тоа е што голем број на средства се одвојуваат за водоснабдителни системи. Значи, за да имаме ефикасно производство, односно ефективно мораме да ги подобриме хидросистемите, за што можам да кажам дека оваа Влада дава големи напори. Тука би спомнал некои, значи најголем дел беа спомнати од господинот Љупчо Димовски, но јас еве би ги спомнал јужен Вардар, водостопанство Прилепско Поле, водостопанство Скопско Поле. Се разбира, би спомнал и оние кои се во струмичкиот регион, посебно системот за наводнување Маркова Река за кој што знам дека

Зоран Ставревски доста се ангажираше и граѓаните на Куклиш и Сидовица во оваа ситуација се, би рекол, се задоволуваат нивните потребни. Исто така има и брана за мала акумулација за наводнување во Костурино. Јас ве уверувам колеги дека со вакви значајни и значителни вложувања во руралниот развој и во земјоделството, само со таков пристап, па ако не и со попосветен пристап ќе ги задржиме луѓето да живеат на село и да произведуваат.

Не би должел повеќе, само би упатил еден апел до опозицијата, би им рекол дека со бојкотирање ништо не добиваат. За да дојдат на власт мора да имаат лидер и идеологија. Кога ќе го најдат тоа, тогаш веројатно може и да дојдат на власт. Вака без лидер и идеологија, жалам, друг пат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Колеги пратеници, тука ја прекинувам седницата.